# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 96** **Год. LX** **Петок, 31 декември 2004** **Цена на овој број е 580 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1799. | **Буџет** на Република Македонија за 2005 година | 1 |
| 1800. | **Закон** за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година | 286 |
| 1801. | **Закон** за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година | 296 |
| 1802. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за буџетите | 301 |
| 1803. | **Закон** за изменување на Законот за хартии од вредност | 303 |
| 1804. | **Закон** за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | 303 |
| 1805. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход | 304 |
| 1806. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за акцизите | 305 |
| 1807. | **Закон** за изменување на Законот за домување | 308 |
| 1808. | **Програма** за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2005 година | 308 |
| 1809. | **Програма** за формирање на стоковните резерви за периодот 2005-2007 година | 309 |
| 1810. | **Правилник** за изменување на Правилникот за Сметковниот план за буџетите и буџетските корисници | 309 |
| 1811. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план за буџетите | 311 |
| 1812. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план за буџетските корисници | 315 |
| 1813. | **Одлука** за усвојување Финансиски план на Народна банка на Република Македонија за 2005 година | 318 |
| 1814. | **Одлука** за усвојување на Планот за инвестиции во основни средства на Народна банка на Република Македонија за 2005 година | 319 |
| 1815. | **Одлука** за усвојување План за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2005 година | 319 |
| 1816. | **Упатство** за измена на Упатството за спроведување на Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи | 319 |


**1799.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА, СО БУЏЕТИТЕ НА: ФОНДОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА, ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА, ФОНДОТ ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА ЗА 2005 ГОДИНА И АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со буџетите на: Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2005 година, Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година, Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година и Агенцијата за вработување на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2004 година.

Бр. 07-5276/1
29 декември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

## I ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2005 година се состои од:

**во илјади денари**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I** | **Вкупни приходи** | | **56.501.999** |
| | и тоа: | | |
| | - изворни приходи | | 55.881.999 |
| | - капитални приходи | | 620.000 |
| **II** | **Вкупни расходи** | | **59.205.469** |
| | и тоа: | | |
| | - утврдени намени | | 59.015.469 |
| | - резерви | | 190.000 |
| **III** | **Дефицит** | | **2.703.470** |
| | од тоа: | | |
| | **Приливи** | **10.036.470** | |
| | -домашни приливи | 6.584.070 | |
| | -странски донации | 816.000 | |
| | -странски кредити | 2.636.400 | |
| | **Одливи** | **7.333.000** | |
| | -отплата на главнина | 7.333.000 | |

### *Вовед*

Буџетските реформи во Република Македонија се одвиваат уште од нејзиното монетарно осамостојување во 1992 година. Во средината на деведесеттите години од дваесеттиот век, беа воведени концепти на буџетски програми, по што се изготви органски закон за буџети со цел да се обезбеди поголема транспарентност во подготовката и извршувањето на буџетот. Овој закон подоцна беше изменет и дополнет со цел буџетот да биде сеопфатен и на Владата и на Собранието да им обезбедува потполни информации за активностите на владините институции. Со затворањето на Заводот за платен промет се формираше Трезор при Министерството за финансии, при што една од неговите функции е и обезбедување на тековни информации за извршувањето на буџетот. Реформите во трезорското работење резултираа во подобрено управување со паричните средства на буџетот, преку нови процедури за евидентирање на приходите, евидентирање на преземените обврски од страна на буџетските корисници и централизирано извршување на плаќањата, што пак доведе до воведување на државни записи со цел овозможување на непречено извршување на буџетот и унапредено управување со ликвидноста, дури и при опаѓање на донаторското финансирање. Секоја промена значеше зголемување на одговорноста во управувањето, како и поголема флексибилност. Една од најновите измени во оваа насока е и утврдувањето на максимални ограничувања на расходите кај буџетските корисници - носители на функционалната област со буџетскиот циркулар.

Со Буџетот за 2005 година се продолжува со реформите преку проширување на буџетските програми, со цел тие да ги рефлектираат главните активности на буџетските институции. На овој начин ќе се овозможи и оценување на резултатите преку индикаторите за успешност во однос на програмите и тоа во текот на следните години. Транспарентното прикажување на капиталните проекти во рамките на буџетот обезбедува информации за капиталните инвестиции кои се финансираат од јавни средства и го обезбедува нивното извршување. Ревидирањето на буџетските класификации во насока на исполнување на меѓународните услови и стандарди овозможува подобра анализа на буџетот и ја олеснува комуникацијата со Европската унија, поддржувајќи го процесот на интеграција. Буџетот е подготвен на ниво на ставка, што значи одобрување на апропријации кои претставуваат контролен механизам за извршување на расходните приоритети но, во исто време, овозможуваат поголема флексибилност на буџетските институции при приспособување на расходите за свои потреби. Накратко, Буџетот за 2005 година, расходните планови ги претставува на транспарентен начин и ја зголемува одговорноста на Владата.

Имајќи предвид дека средствата со кои располага Република Македонија се ограничени, неопходно е со буџетот да се насочуваат средства кон програмите од најголем приоритет. Буџетскиот процес им овозможува на буџетските институции да ги земат предвид сите свои планирани финансиски средства и да предложат буџет кој ќе ги рефлектира целите и приоритетите на државата.

### *Резиме на макроекономската состојба во Република Македонија*

Согласно со прелиминарните проекции, Република Македонија ќе ја заврши 2004 година со реален пораст на бруто домашниот производ од 2,5%[1] и просечна стапка на инфлација од околу 0%, што претставува значително отстапување во однос на првичните проекции за овие индикатори од 4% и 2,8% соодветно.

Во однос на БДП се покажа дека високиот пад на индустриското производство (кое учествува со 1/4 во структурата на вкупниот БДП) во почетокот на 2004 година, претставуваше силен негативен шок за македонската економија. Неработењето на неколку клучни индустриски капацитети во првата половина од годината (особено "Балканстил"), како и пролонгирањето на процесот на решавање на претпријатијата загубари (во прв ред рудниците САСА, Злетово и Тораница, потоа Газела, Порцеланка), имаше силно влијание врз намалувањето на индустриската активност. Сепак, повторното рестартирање на "Балканстил" во втората половина од 2004 година (по неговата продажба на странскиот инвеститор ЛНМ), се проценува дека ќе неутрализира дел од негативните ефекти присутни во првото полугодие, при што на годишно ниво се очекува стапката на раст на индустриското производство да изнесува околу -1% до 0%.

Во другите сектори од економијата, особено во градежништвото, се забележани повисоки стапки на пораст, иницирани пред сè, од работата на повеќе крупни инфраструктурни објекти, како и зголемениот обем на извршени градежни работи во странство. Позитивни стапки се забележани и во услужниот сектор кој, согласно со очекувањата, ќе ја заврши 2004 година со пораст од околу 3%.

На полето на инфлацијата се покажа дека првичната проекција од 2,8% за 2004 година беше премногу оптимистички поставена. Реалните движења во економијата имаа сосема поинаква насока од проектираните, при што во периодот јануари-октомври 2004 година, просечната стапка на инфлација изнесуваше -0,2%. Иако до крајот на годината се очекува повисок пораст на цените под влијание на сезонските фактори, сепак не може да се идентификуваат некои позначајни инфлаторни притисоци кои би го поместиле општото ценовно ниво во нагорен правец, поради што и просечната инфлација за 2004 година најверојатно ќе изнесува околу 0%.

Отстапување од иницијалната проекција беше присутно и во доменот на платно-билансните движења во 2004 година забележани, пред сè, преку повисокиот дефицит во трговскиот биланс, како и значително повисокиот дефицит во билансот на услугите. Така, наспроти очекуваниот трговски дефицит од 860 милиона САД долари (16,5% од БДП), за 2004 година се предвидува остварување на трговски дефицит од 975 милиона долари или 19,5% од БДП. Притоа, наместо иницијално проектираните стапки на пораст на извозот и увозот од 9,6% и 6,3% соодветно, со ревидираната проекција, се очекува пораст на извозот и увозот од 21,4% и 17,9% соодветно.

На страната на извозот, главен генератор на повисокиот проектиран износ е извозот на железо и челик, како и зголемениот извоз на текстил и облека. Високата увозна компонента вградена во овие групи на производи, неминовно предизвика зголемување и на страната на увозот, надополнето со високиот пораст на увозот на нови возила инициран од укинувањето на акцизата на почетокот на годината.

---

[1] При пресметката на индустриското производство за 2004 година, се користени пондери за одделите, кои соодветствуваат на нивното учество во бруто додадената вредност во 2003 година

Сепак, благодарение на мошне високиот пораст на трансферите (пред сé приватните), зголемувањето на трговскиот дефицит за 3 процентни поени не предизвика и зголемување на дефицитот на тековната сметка, кој на крајот на годината ќе изнесува околу 6,1% од БДП, што претставува намалување од 1 процентен поен во однос на иницијално проектираниот.

Врз основа на економските постигнувања од 2004 година, се очекува наредната година македонската економија да оствари реален пораст на БДП од 3,8%. Имајќи го предвид доминанатното учество во структурата на БДП, носител на растот ќе биде интензивираната индустриска активност, каде што пресметките се вршени на ниво на индустриски гранки.

Според првичните проекции, во 2005 година порастот на индустриското производство ќе изнесува меѓу 6% и 7%. Притоа, позитивен придонес на растот на производството во следната година се очекува да имаат повеќе гранки кои во текот на претходната година имаа мошне слаба економска активност или пак воопшто не работеа. Од овие причини се очекува динамиката на растот да биде позасилена во првата половина од 2005 година и да изнесува околу 4% до 4,5%.

Дел од овие капацитети, во прв ред рудниците Тораница, Злетово и Саса, веќе се продадени на странски инвеститори, по што се очекува и нивно рестартирање во текот на 2005 година. Имајќи го предвид неработењето на овие рудници во претходната година, во оваа гранка се очекуваат мошне високи стапки на пораст. Дополнителен импулс секако ќе претставува и реактивирањето на "Балканстил" каде што, исто така, се очекува висок раст, особено во првата половина од 2005 година.

Воопшто, 2005 година се очекува да биде период во кој конечно ќе дојдат до израз позитивните ефекти од решавањето на проблемот со претпријатијата загубари, односно рестартирањето на поранешните големи индустриски капацитети. Кон ова треба да се додаде и отпочнувањето со работа на слободната економска зона "Бунарџик", каде што веќе се појавени неколку официјални инвеститори.

Освен повторното рестартирање во 2005 година се предвидува продолжување на позитивните движења во оние индустриски сектори кои и во текот на претходната година забележаа солидни резултати, во прв ред прехранбената, текстилната и челичната индустрија.

Со оглед на предвидувањата за пораст на домашната побарувачка во земјите кои се традиционални трговски партнери на Република Македонија (пораст од 2,1% во 2005 за земјите од ЕУ),[2] се очекува апсорбирање на најголем дел од порастот на индустриското производство токму на овие пазари.

Позитивен придонес за интензивирањето на економската активност во 2005 година се очекува и од другите сектори на економијата, пред се градежништвото (проектиран пораст од околу 3%), транспортот и комуникациите (пораст од околу 4,5%), трговијата (околу 4,5%), како и во делот на финансиското посредување (планиран пораст од околу 3%) каде што се очекува старт на пензиската реформа и отпочнување со работа на пензиските фондови.




*Извор: Министерство за финансии*

[2] World Economic Outlook, September 2004

Во 2005 година, согласно со прелиминарните проекции, не се очекуваат поголеми промени на полето на инфлацијата, при што просечната стапка на инфлација (мерена преку трошоците на живот), ќе изнесува околу 1,5%. Слично како и во 2004 година, движењето на инфлацијата во основа ќе биде детерминирано од движењето на цените на земјоделските и прехранбените производи, кои имаат и најголемо учество во структурата на потрошувачките цени. Континуираната постепена либерализација на увозот, односно процесот на натамошно намалување на просечните пондерирани царински стапки[3] (како резултат на членството на Македонија во СТО и Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ), ќе има главна улога во одржувањето на инфлацијата на релативно ниско ниво.

Во текот на годината, инфлаторни притисоци се очекуваат во првата половина од годината, поточно во вториот квартал од 2005 година, предизвикани од очекуваното покачување на цената на електричната енергија, како дел од активностите за продажба на ЕСМ на странски инвеститор. Ваквите движења ќе ја поместат просечната стапка на инфлација во првата половина од годината на ниво од околу 0,6%.

Во исто време, придонес во одржувањето на ценовната стабилност ќе има и координацијата меѓу фискалната и монетарната политика, при што на полето на буџетската политика не се очекуваат поголеми промени, што значи дека дефицитот на централниот буџет во 2005 година ќе остане на нивото од околу 1% од БДП.

Во насока на постигнување на планираната стапка на просечна инфлација за 2005 година, од особено значење ќе биде и остварувањето на претпоставките за продолжување на стратегијата на таргетирање на девизниот курс на денарот во однос на еврото, задржување на просечниот курс на американскиот долар во 2005 година на ниво приближно еднакво со претходната година, како и благо намалување на цената на суровата нафта на светските берзи во 2005 година, особено во поглед на ценовниот пик присутен во втората половина од 2004 година.

Како дополнување, согласно со проекциите на повеќе релевантни меѓународни финансиски институции (IMF, ECB i The Economist), во 2005 година инфлацијата во евро зоната (како наш најголем трговски партнер), ќе остане на истото ниво од околу 2%.

Врз основа на очекуваното динамизирање на економската активност во 2005 година, претпоставките за динамиката на екстерната побарувачка за домашни производи, како и деловните планови на дел од носечките компании на страната на извозот и увозот, е извршена соодветна проекција и на билансот на плаќања, при што во 2005 година се предвидува пораст на извозот и увозот за околу 23% и 15,5% соодветно, со што дефицитот на трговската сметка би изнесувал околу 1.008 милиона САД долари (18,4% од БДП), што претставува намалување на трговскиот дефицит за околу 1 процентен поен во споредба со 2004 година.

Во рамките на тековната сметка, во 2005 година се очекува натамошно стеснување на дефицитот и негово позиционирање на ниво од околу 5,5% од

[3] Движењето на просечната пондерирана царинска стапка во изминатиот период изгледаше вака: 5,73% во 1999; 5,06% во 2000; 4,67% во 2001; 3,99% во 2002; 3,94% во 2003 и 3,1% во 2004 година, заклучно со сештември.

БДП, главно како резултат на очекуваното намалување на трговскиот дефицит и соодветното намалување на дефицитот кај услугите, надополнето со истовремено задржување на доходот и приливите врз основа на трансфери на речиси идентично ниво како и во 2004 година.

### *Основи на буџетската политика за 2005 година*

Продолжувањето на политиката за рационално трошење на средствата од Буџетот, како основна карактеристика на буџетската политика за наредна година, ќе обезбеди остварување на проектираниот дефицит на централниот буџет од 1% од БДП и дефицит на општиот владин буџет од 1,2% од БДП ( вклучувајќи го дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта). Целта на ваквата политика е постигнување на фискална одржливост на среден рок и стабилизирање на нивото на јавниот долг во меѓународно прифатливи рамки.

Фискалната политика за 2005 година ќе се реализира во рамки на вкупно планираните расходи од 59.206 милиона денари, кои при непроменета даночна политика ќе се финансираат од оценетите приходи на ниво од 56.502 милиона денари. Со оваа проекција на приходите и расходите, дефицитот на централниот буџет е оценет на ниво од 2.704 милиона денари, односно 1% од планираниот бруто домашен производ.

Во 2005 година Република Македонија ќе продолжи со редовно сервисирање на пристигнатите обврски кон странство. Притоа и понатаму посебно внимание ќе се посвети на одржување на надворешниот долг на разумно ниво.




### *Приходи на централниот буџет*

### *Даночни приходи*

Даночните приходи во 2005 година ќе достигнат ниво од 52.321 милиона денари. Структурно набљудувано, најголемо е учеството на домашните даноци на стоки и услуги (ДДВ и акцизи) на кои отпаѓаат 69,6% од даночните приходи.

Во 2005 година се очекува дека ќе продолжи интензивирањето на економската активност започнато во претходната година, што ќе доведе до подобрување на економските перформанси, зацврстување на даночните бази и зголемување на приходите кај речиси сите видови даноци. Единствено е предвиден исклучок кај увозните давачки каде што се очекува намалување на приходите иницирано од влегувањето на Република Македонија во семејството на Светската трговска организација и намалувањето на просечната царинска стапка.




Приходите од персоналниот данок на доход во 2005 година се оценуваат на ниво од 7.931 милиона денари, што е за 1,6% повеќе во споредба со Ребалансот на Буџетот за 2004 година. Порастот на приходите се должи на проекциите за нивото на приходи од персонален данок на доход за 2005 година, како резултат на следниве претпоставки: а) замрзнување на платите во јавниот сектор, б) нови вработувања кај буџетските корисници согласно со Рамковниот договор, в) реален пораст на платите од 1,5%, г) пораст на вработеноста во приватниот сектор од 3% и д) зголемување на трошоците на живот од 1,5% на годишно ниво.

Во 2005 година по основа на **данокот на добивка** се планирани приходи во висина од 2.571 милиона денари, што е за 14,7% помалку во споредба со Ребалансот на Буџетот за 2004 година. Основите за оваа проекција се остварената реализација на данокот на добивка во првите девет месеца од 2004 година и планираните приходи до крајот на 2004 година на кои се применети макроекономските индикатори за 2004 година, односно пораст на бруто домашниот производ од 2,5% и пораст на трошоците на живот од -0,3% на годишно ниво.

Проектираните приходи од **данокот на додадена вредност** во 2005 година изнесуваат 25.623 милиона денари, што е за 5,1% повеќе во споредба со Ребалансот на Буџетот за 2004 година.

Зголемувањето се очекува како резултат на благиот пораст на економските активности во земјата кои заедно со зголемената инвестициона активност ќе имаат влијание врз крајната потрошувачка и заздравувањето на македонската економија. Подобрувањето на наплатата се очекува и со земање на поактивно учество на даночната администрација.

Зголемениот обем на увоз иницирван од намалените царински стапки и зголемениот степен на либерализација ќе влијае на остварувањето на проекциите, а позитивно влијание ќе има и поголемата ангажираност на Царинската управа во наплатата на приходите од ДДВ при увозот.

При изготвувањето на проекциите земени се предвид основните макроекономски индикатори, односно стапката на пораст на бруто домашниот производ од 3,75%, стапката на инфлација од 1,5% и порастот на увозот од 6%.

Приходите од **акцизи** за 2005 година се планирани во висина од 10.965 милиона денари или за 4,1% повеќе во споредба со 2004 година. Планирано е зголемување на приходите кај сите акцизни производи и тоа кај нафтените деривати за 3,8%, кај тутунските преработки за 5,3% и кај алкохолните пијалаци за 3,8%. Проекцијата на акцизните приходи за 2005 година е извршена врз основа на ребалансираните приходи за 2004 година по основа на акцизи и предвидената стапка на пораст на макроекономските индикатори.

Кај данокот на **меѓународна трговија и трансакции (царини и други давачки)** се предвидени приходи во износ од 4.731 милиона денари, што е за 10,8% помалку во споредба со Ребалансот на Буџетот за 2004 година. Вкалкулираното намалување на приходите произлегува од обврската за намалување на просечната царинска стапка согласно со условите поставени од Светската трговска организација.

### *Неданочни приходи*

Неданочните приходи за 2005 година се планирани во износ од 3.561 милиона денари, што во однос на 2004 година претставува намалување за 7,2%. Најголемиот дел од овие приходи (1.390 милиона денари) е предвидено да се оствари од судски и административни такси и од надоместоци. Во планираните неданочни приходи се предвидени приходи по основа на дивиденда од АД Македонски телекомуникации во износ од 1.190 милиона денари, приходи од наплата на побарувања по основа на санација на банки, како и приходи по основа на камати од депонирани средства во НБРМ.

### *Капитални приходи*

Капиталните приходи на централниот буџет во 2005 година се проектирани во износ од 620 милиона денари, кои е предвидено да се остварат од продажба на општествени станови и градежно земјиште.

### *Расходи на централниот буџет*

Вкупните расходи на централниот буџет се планирани на ниво од 59.205 милиона денари, што претставува незначително номинално зголемување од 1,2% во однос на 2004 година, што е во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за рационално трошење на буџетските средства. Во тие рамки тековните расходи изнесуваат 90,3%, а капиталните расходи учествуваат со 9,7% во вкупно планираните буџетски расходи.




### *Тековни расходи*

Расходите за плати, наемнини и надоместоци, се планирани во висина од 21.757 милиона денари, што претставува зголемување од 2,2% во однос на 2004 година. Имено, вака планираното ниво на масата на плати во себе го вклучува ефектот од декомпресијата на платите на државните службеници (околу 350 милиона денари), како и ефектот од 12 месечни плати на лицата вработени во текот на 2004 година по основа на правичната застапеност на припадниците на другите етнички заедници. Во текот на 2005 година во масата на плати не се планирани средства за нови вработувања во органите на државната управа, односно нови вработувања ќе се реализираат исклучиво со пополнување на испразнети работни места по основа на природен одлив.

Најголемиот дел од товарот на фискалната консолидација во 2005 година ќе го поднесат дискреционите трошоци, пред сé, трошоците за стоки и услуги. Оваа категорија на расходи е планирана во висина од 7.352 милиона денари што во суштина претставува задржување на нивото од 2004 година. Во рамки на овие расходи се предвидени и средства за навремено и целосно спроведување на локалните избори.

Тековните трансфери во 2005 година се проектирани во висина од 21.859 милиона денари, што претставува незначително намалување од 1,6% во однос на 2004 година. Во рамките на овие расходи се предивидени средства за спроведување на процесот на децентрализација, односно примена на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во втората половина од годината. Расходите за оваа намена во себе ги вклучуваат трансферите за извршување на основните функции на ЕЛС ( дотации од данок на додадена вредност во износ од 377 милиона денари), како и за спроведување на надлежностите од првата фаза на фискалната децентрализација, кои со денот на примена на одредбите на Законот за финансирање на ЕЛС стануваат изворни надлежности на општините (во износ од околу 436 милиона денари).

Кај трансферот до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е планирано намалување од 4,3% во однос на 2004 година, што во суштина се должи на завршување на правото за ретроактивна исплата на 8% на пензиите во првата половина од годината. Во рамките на овие средства се вклучени и средства за покривање на транзиционите трошоци од реформите во пензискиот систем (околу 150 милиона), со кои е предвидено да се стартува во втората половина од годината. Дел од трансферите во висина од 200 милиона денари се по основа на ретроактивна исплата на неисплатен дел од усогласување на пензиите на пензионираните работници од МВР од 48,53%.

Согласно со ефектите од спроведувањето на Законот за поттикнување на вработувањето, во 2005 година до Агенцијата за вработување ќе се трансферираат 580 милиона денари наменети за плаќање на придонесите на нововработените лица во приватниот сектор во текот на 2003 година. Воедно, до Агенцијата за вработување ќе се трансферираат дополнителни 4.914 милиона денари наменети за покривање на тековниот дефицит и за обврските по основа на структурни реформи од минатите години.

Трансферите наменети за социјално загрозените домаќинства и за исплата на детскиот додаток во 2005 година се планирани на нивото од 2004 година, односно во висина од 2.860 милиона денари по основа на социјални надоместоци и 493 милиона денари по основа на детски додатоци, што е согласно со спроведените реформи во сферата на социјалната заштита и измените на Законот за заштита на деца.

Буџетската поддршка за структурните реформи во 2005 година во износ од 634 милиона денари е планирана врз основа на Акциониот план за динамиката на решавањето на претпријатијата загубари вклучени во ФЕСАЛ 2 аранжманот со Светската банка, продолжување на реформите на водостопанските претпријатија, како и започнување на реформата во ЈП Македонски железници. Во рамки на овие расходи се обезбедуваат законските права по основа на невработеност за вработените од претпријатијата опфатени со реформите.




Вкупниот трансфер по основа на реформа на јавна администрација, во 2005 година е планиран во износ од 657 милиона денари, односно 13,7 % поведќе споредено со 2004 година. Ваквото зголемување, пред сé, се должи на спроведување на реформите во армијата согласно со измените на Законот за служба во АРМ.




Каматните плаќања во 2005 година се планирани на повисоко ниво во однос на 2004 година за 14,6%, како резултат на зголемени каматни обврски по основа на краткорочните државни записи (220 милиона денари) и вклучување на каматните обврски кон UIC во име на Македонски железници.




## *Капитални расходи*

Во делот на капиталните расходи за 2005 година се предвидува зголемување од 7,2% во однос на 2004 година, а притоа како приоритет се поставува редовната и навремена реализација на инвестиционите проекти.

Капиталните расходи во 2005 година се планирани во износ од 5.739 милиона денари, вклучувајќи ги и капиталните трансфери до Фондот за патишта (1.210 милиона денари), за одржување на железничката инфраструктура (90 милиона денари) и за спроведување на Програмата за формирање на стоковни резерви. Во рамките на вкупно планираните средства за капитални инвестиции е опфатено завршувањето на проектите финансирани од продажбата на Телеком и истите се лоцирани во буџетите на ресорните министерства.

## *Буџетски дефицит и финансирање*

Во 2005 година буџетскиот дефицит ќе изнесува 2.704 милиона денари, односно 1% од планираниот бруто домашен производ.




Утврдениот дефицит на централниот буџет во однос на планираниот бруто домашен производ за 2005 година е за 0,2 процентни поени повисок во однос на 2004 година.

Дефицитот главно ќе се финансира од домашни извори во износ од 6.584 милиона денари и тоа по основа на приватизација, користење на депозитни средства во НБРМ, приходи од сукцесија и емисија на краткорочни државни записи во нето износ од 2.500 милиона денари.

За макробилансната поддршка на Буџетот за 2005 година е планирано повлекување на средства по следниве основи: втора транша од донацијата од Холандија (во износ од 816 милиона денари), целосно повлекување на Заемот за програмско и структурно приспособување од Светската банка (во износ од 1.040 милиона денари) и кредит од Европската банка за обнова и развој за претприватизација на ЕСМ (во износ од 1.596 милиона денари).

При планирањето на задолжувањето, земени се предвид долгиот рок на отплата и степенот на надворешната задолженост на Република Македонија.

На овој начин ќе се обезбеди навремено и неинфлаторно финансирање на јавните расходи во 2005 година.

Покрај спроведувањето на планираната рестриктивна фискална политика во 2005 година, Министерството за финансии ќе продолжи со редовно сервисирање на обврските во земјата и во странство. Во 2005 година за отплата на главнина по основа на надворешен долг се проектирани 2.919 милиона денари, а по основа на отплата на внатрешен долг (државни обврзници за "старото" девизно штедење, обврзниците издадени во процесот на санација на банките и денационализација) ќе бидат издвоени 4.414 милиона денари.

Вака дефинираната фискална политика е во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за склучување на структурни и развојни аранжмани со меѓународните финансиски институции, подготовка за претстојните економски и социјални реформи и побрзо приближување кон структурите на ЕУ и НАТО.

| *Централен владин буџет* | *2004 година (во милиони денари)* | *2005 година (во милиони денари)* |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **56.294** | **56.502** |
| Даночни приходи | 51.617 | 52.321 |
| Неданочни приходи | 3.837 | 3.561 |
| Капитални приходи | 840 | 620 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупни расходи** | **58.501** | **59.206** |
| *Тековни расходи* | *53.148* | *53.467* |
| Плати и надоместоци | 21.279 | 21.757 |
| Стоки и услуги | 7.349 | 7.352 |
| Тековни трансфери | 22.209 | 21.859 |
| Камати | 2.181 | 2.499 |
| Гаранции | 130 | 0 |
| *Капитални расходи* | *5.353* | *5.739* |
| **Дефицит** | **-2.207** | **-2.704** |
| **Финансирање** | **2.207** | **2.704** |
| ***Прилив*** | ***9.414*** | ***10.037*** |
| Домашни извори | 5.240 | 6.585 |
| Крдити | 3.132 | 2.636 |
| Донации | 1.042 | 816 |
| ***Одлив*** | ***7.207*** | ***7.333*** |
| Отплата по домашно задолжување | 4.190 | 4.414 |
| Отплата по странско задолжување | 3.017 | 2.919 |

### *Владини програми*

Во тек се многу реформи кои заради исполнување на поставените цели е потребно да се финансираат во период подолг од една фискална година. Овие реформи и активности се во насока на стимулирање на економскиот раст, забрзување на структурните реформи, како и обезбедување на стабилно и безбедно опкружување. Реформите во власта, идентификувани со програмата *децентрализација* се натамошна имплементација на одредбите од Рамковниот договор. Покрај тоа, се преземени и реформи за реализирање на договорите за партнерство со Европската унија и започнување со активностите кои се потребни за влез во ЕУ и НАТО.

Овие владини иницијативи или *владини програми* се опишани во неколку документи, како што се Договорот за партнерство со Европската унија, извештаите за макроекономската политика на Владата, претходните стенд-бај аранжмани со ММФ, повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн. Владините програми идентификувани во буџетот претставуваат тековни владини приоритети и активности или пак посебна компонента на тие активности. Овие програми ќе се адаптираат секоја година во согласност со одлуките на Владата.

Финансирањето на владините програми се обезбедува од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни институции. Тенденцијата е истите да бидат прикажани во буџетот на најдобар можен начин. Но, во многу случаи, утврдените владини програми претставуваат само дел од сликата, со други зборови и редовната работа на министерствата се менува како последица на промена на приоритетите. Како пример може да се земе Министерството за одбрана кое има променето многу од оперативните политики и процедури како резултат на активностите кои треба да ги преземе за влез во НАТО. Буџетската политика за 2005 година е во насока на обезбедување на информации за користењето на средствата и опис на програмите, како резултат на моменталната визија, како и следење на успешноста во исполнувањето на овие цели на крајот на буџетската година.

Постојат и други причини за непотполност на информациите содржани во буџетот како, на пример, во случајот на обезбедена техничка помош од донатори, односно консултантски услуги или други нефинансиски средства кои не можат да бидат прикажани преку буџетот. Во наредниот период ќе се прават напори овие недостатоци да се надминат. Друга причнина е што овие информации за прв пат Министерството за финансии ги доби оваа година за што беше неопходно буџетските институции да ги променат своите сметководствени структури со цел одвојување на владините програми од своите редовни програми и интенцијата во наредниот период е нивно усовршување. Неопходно е информациите за подготовка на буџетот постојано да се подобруваат со цел покренување конструктивни дискусии за јавната политика кои ќе наметнат и системска одговорност на Владата во трошењето на јавните средства.

Владините програми накратко се резимирани подолу. Индивидуалните програмски компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани во посебен дел на Буџетот за 2005 година како програми кај одделните буџетски институции.

### *А. Децентрализација*

Целта на оваа програма е децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрување на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст, подобрување на образовниот и културниот развој на општините и на обезбедувањето на неопходните локални услуги. Оваа програма е еден од приоритетите според Рамковниот договор, како и од договорот за партнерство во ЕУ. Техничка и финансиска помош е обезбедена од повеќе меѓународни институции и влади на други држави (Меѓународниот монетарен фонд, Развојниот фонд на Обединетите нации, Европската унија, САД, Германија и Холандија).

Законот за локалната самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се закони кои ги идентификуваат одговорностите на локалната власт и средствата за нивно финансирање. Законите кои се однесуваат на сопствените приходи на општините (Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за административните такси) им обезбедуваат право на општините да ја утврдуваат висината на стапката на даноците, односно висината на износот на таксите и да ја градат политиката на нивото на сопствените приходи на општината. Покрај тоа, законската рамка за децентрализацијата го опфаќа усвојувањето на голем број закони кои им овозможуваат на единиците на локалната самоуправа ефективно да го планираат и извршуваат своето работење.

Во текот на 2004 година беа подготвени и донесени повеќе закони од посебните области за пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа. Дел од овие надлежности се планира да се одвиваат во фази, како што е пренесувањето на надлежноста на основното и средното образование, детската заштита и дел на дејностите од културата. Други опфаќаат пренесување на административни функции и одговорности веднаш по влегувањето во сила на законските прописи, односно нивната примена. При планирањето на Буџетот за 2005 година се земени предвид расходите по основа на приходите од данокот на додадена вредност, како и расходите поврзани со пренесување на утврдените надлежности во образованието, културата, социјалната заштита и заштита на децата, како и активностите на Министерството за локална самоуправа, кои се прикажани во потпрограмата *А0 - Децентрализација*. Потпрограмата *А2 - Пренесува-*

*ње на надлежности на ЕЛС* ги опфаќа расходите поврзани со програмите за култура на ниво на локалната самоуправа, како и со трансферот на надлежноста за предучилишните установи и старските домови. Но, целосната идентификација на трансферирањето на средствата за пренесените надлежности на локално ниво не е завршена и ќе биде прикажана во измените и дополнувањата на Буџетот во текот на 2005 година. Поради тоа не е даден детален опис на планираните средства.

Подолу е даден опис на надлежностите кои се децентрализираат.

| | **Област** | **Надлежности кои се децентрализирани** | **Централна институција** |
|---|---|---|---|
| 1. | Урбано и рурално планирање | Планирање на просторот, дозволи за градба | Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за транспорт |
| 2. | Заштита на животната средина | Заштита на природата, контрола на загадувањето | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| 3. | Економски развој на локалната заедница | Поддршка на малите и средни претпријатија, економски раст и развој | Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 4. | Комунални активности | Снабдување со вода за пиење, управување со отпадни води, осветлување, канализациона мрежа, исфрлање на тврди отпадоци, локален транспорт, одржување на паркови и места за рекреација и зелени површини | Министерство за земјоделство, шумарство и водосотпанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт |
| 5. | Култура | Поддршка на културата, одржување на културните вредности, организирање на културни збиднувања. | Министерство за култура |
| 6. | Спорт и рекреација | Општи спортски и рекреациони активности, поддршка на спортски здруженија. | Министерство за образование |
| 7. | Образование | Основно и средно образование, фаза 1 тековно одржување во основните и средните училишта и транспорт на учениците од основното образование | Министерство за образование |
| 8. | Социјална помош | Сместување и воспитување на деца од претшколска возраст, грижа за стари лица во старски домови, грижа за деца со умерена ретардација, друга поврзана социјална помош. | Министерство за труд и социјална политика |
| 9. | Здравствена заштита | Репрезентација во одбори на организации за јавна здравтвена заштита, превентивна здравствена заштита, помош за пациенти со посебни потреби, заштита на работници, контрола на загадувањето на животната средина. | Министерство за здравство |
| 10. | Противпожарна заштита | Територијални противпожарни бригади | Министерство за внатрешни работи |
| 11. | Финансиско управување, наплата на даноци | Финансиско управување со приходите на општината и наплата на сопствените приходи. | Министерство за финансии |

## *Б. Мерки за намалување на сиромаштијата*

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, подобрување на системот за социјалната заштита во земјата, како и посебни проекти за подобрување на условите за живеење во неразвиените подрачја.

### Опис на програмата:

*Б1-Поттикнување на вработувањето* ги опфаќа посебно планираните расходи за финансирање на Законот за поттикнување на вработувањето од 2003 година. Расходите ги покриваат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, придонесите за здравствено осигурување и придонесите за вработување на претпријатијата кои вработуваат невработени лица на неопределено време.

*Б2-Реформа на системот за социјална заштита* е проект за реформа на социјалната заштита, финансиски поддржан со кредит од Светската бан-

ка, кој ќе заврши до 2008 година. Основна цел на оваа програма е: воспоставување на интегриран информационен систем и развој на комуникациски линкови меѓу Министерството за труд и социјална политика, меѓуопштинските центри за социјална работа и други институции во рамките на системот за социјална заштита, како и подобрување на администрирањето и подобро таргетирање на социјалните надоместоци.

*Б3-Електрификација на села* опфаќа спроведување на електрична енергија во неразвиените рурални подрачја. Целта на оваа програма е да се поттикне задржувањето на семејствата во селата или нивно враќање во истите, бидејќи со достапноста до електрична енергија ќе се подобри и квалитетот на живот. Во 2004 година е обезбедена електрична енергија во селото Праведник.

Со потпрограмата *БА-Проект за развој на општините* се финансираат капитални проекти поврзани со равојот на општините. Тука се вклучени проекти на заедниците, финансирани од буџетот, од грантови и од кредити за рехабилитација на мала социјална и економска инфраструктура.

*ББ-Ревитализација на села* ги опфаќа расходите за проекти поврзани со ревитализација на села, односно подобрување на условите за живеење во селата преку изградба и реконструирање на водоводи, како и реконструкција на фекална канализација.

*БВ-Програма за ново соседство* го вклучува кофинансирањето со Европската унија за Програмата за ново соседство чија цел е подобрување на прекуграничната соработка и комуникација (со Грција, Бугарија).

*Б4-Економска рехабилитација на поранешните кризни региони.* Оваа програма ги опфаќа средствата наменети за економска ревитализација на поранешните кризни региони.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Ревидирање на исплатите за социјална помош | Промена во администрирањето на социјалната помош |
| Обезбедување на електрична енергија | Како резултат на оваа програма голем број семејства ќе добијат електрична енергија |
| Вкупно средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари) 655.560 |

**В. Унапредување на одбраната и безбедноста**

Целта на оваа програма е да помогне во одржувањето на одбранбените мерки на Република Македонија, зајакнување на безбедноста и поттикнување на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи да продолжат со неопходните активности за влез во НАТО, со реформите на вооружените сили и со обука на полицијата.

**Опис на програмата:**

Оваа програма е во согласност со владините стратешки приоритети, како и со договорот за партнерство во ЕУ. Министерството за одбрана е насочено кон модернизација и преструктуирање на силите на Армијата за да се исполнат барањата на НАТО, реализација на целите за партнерство за 2005 година, подобрување на повеќегодишното управување со средствата и зголемување на оперативниот капацитет на единиците декларирани за мировните мисии на НАТО. Министерството за внатрешни работи ги прошири програмите за обука на полицијата и ја реализира усовршената контрола на границите со интегрирање на граничната полиција во работата на Министерството.

Потпрограмата *В1-Гранична полиција* ги опфаќа планираните расходи за безбедност и контрола на границата, за контрола на преминување на границата и престојот во граничните појаси на сите граници во Република Македонија.

Првата фаза од Прегледот на стратешката одбрана е завршена. Потпрограмата *В2-Интеграција во НАТО* во Министерството за одбрана ги помага стратешките приоритети на Владата во процесот на Евроатланската интеграција на Република Македонија. Во Министерството за одбрана е воведено и повеќегодишно планирање на средствата со цел осигурување на соодветното финансирање на примарните приоритети. Во согласност со измените на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, започна процесот на намалување на бројот на вработени. Овие активности се насочени не само кон безбедносните потреби на земјата, туку и кон процесот за влез во НАТО.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Преструктуирање на силите на Армијата | Елиминирање на единиците кои не се планирани во новата структура на силите |
| Вкупно средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари) 647.203 |

**Г. Јакнење на владеењето на правото**

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата; јакнење на капацитетот на финансиската полиција; продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд; борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството.

**Опис на програмата:**

Потпрограмата *Г1-Борба против корупцијата* ги комбинира напорите на Владата за борба против корупцијата и организираниот криминал со зајакнување на институционалниот капацитет на антикорупциските органи. Овие иницијативи ќе се спроведуваат во согласност со Акциониот план за спречување и борба против корупцијата.

Во согласност со државната програма за спречување и борба против корупцијата, Антикорупциската комисија во средината на 2004 година изготви Преглед на степенот на реализација. Овој преглед ги опфаќа главните активности и го дефинира Акциониот план за борба против корупцијата во политичкиот систем, јавната администрација, правниот систем, економскиот (финансиски) систем и граѓанскиот сектор.

Потпрограмата *Г2-Финансиска полиција* ги опфаќа активностите на финансиската полиција. За борба против финансискиот криминал неопходни се дополнителни вработувања и опрема за финансиската полиција, како и обука на финансиските полицајци. Досега неколку од нив поминаа низ тримесечна обука.

Потпрограмата *Г4-Дирекција за спречување на перење пари* ги опфаќа расходите поврзани со Дирекцијата за спречување на перење пари. Една од целите на

програмата е зајакнување на капацитетот на Дирекцијата за спроведување на законот преку зголемена ефикасност на механизмите за известување.

Јакнењето на владеењето на правото би било нецелосно без продолжување со реформите во судскиот систем. Овие активности ќе се извршуваат во согласност со Стратегијата за реформи на судскиот систем, јавните правобранители, јавните обвинителства и нотарите. Средствата за поддршка на Националната стратегија за реформа на судството не се одделно прикажани во буџетот затоа што судовите, пред сé, имаат независен буџетски процес. Покрај тоа, постојат неколку проекти поддржани од донатори каде што средствата се трансферираат директно на судските органи. Проектот за модернизација на судовите на Агенцијата за меѓународен развој на Владата на САД трае веќе три години и ги содржи следниве три компоненти: 1) компонента на правна рамка при што соработува со Министерството за правда; 2) компонента на администрација и управување во судовите при што соработува со Советот на судскиот буџет и 3) компонента на обука при што соработува со Центарот за постојана обука на судиите. Европската агенција за реконструкција започна проект за основање на национално училиште за судии, а се предвидуваат и други проекти за правно образование и правна рамка.

Програмата *ГА-Реформа на судството* ги опфаќа буџетските средства наменети за Центарот за континуирана едукација на судии и јавни обвинители што претставува дел од владината програма за реформа во судството.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Склучување на меморандуми за разбирање | Подобрување на протокот на информации меѓу Државната антикорупциска комисија, Министерството за финансии, Јавниот обвинител и други релевантни институции |
| Продлабочување на меѓународната соработка со антикорупциските организации | Склучување на договори за соработка |
| Водење истраги | Број на извршени полициски истраги споредени со успешно реализирани судски случаи |
| Воспоставување на информациска мрежа во Царинската управа, Министерството за внатрешни работи и Управата за јавни приходи | Подобрување на протокот на информации меѓу релевантните институции |
| Усвоен Закон за соработка со меѓународниот кривичен суд | Усогласување на процедурите во согласност со Законот за амнестија |
| Започнување со работа на Административната канцеларија на судскиот буџетски совет | Обезбедување на процедури за финансиско управување и давање насоки на судовите за управување со средствата |
| Интегриран судски информациски систем | Воспоставување на проток на информации меѓу судовите, јавните обвинителства и другите релевантни институции |
| Вкупни средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјада денари) 26.402 |

## *Д. Економски развој*

Владата го поддржува подобрувањето на деловната клима со цел развивање на приватниот сектор, со што ќе се создадат услови и за креирање на нови вработувања. Потпрограмите *Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија* и *Д2-Обука и преквалификација* во Буџетот за 2005 година се насочени кон зголемување на бројот на мали и средни претпријатија, обезбедување на обука и подобрување на деловното опкружување. Во текот на 2004 година е основана Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Министерството за економија, чија задача е давање помош на физички лица кои основаат мали бизниси. Во 2004 година започна и програмата за обука за претприемачи. Од неодамна ФИАС предложи преземање мерки за подобрување на деловната клима, намалување на товарот од законската регулатива врз стопанството и стимулирање на директните надворешни инвестиции. Во тек се активности за нивна реализација.

*Д3-Преструктуирање на претпријатијата загубари* ги опфаќа средствата за исплата на паричен надоместок по основа на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос при преструктуирањето на претпријатијата - загубари (ФЕСАЛ 2 аранжман).

*Д4-Развој на слободни економски зони* го опфаќа проектот за развој на слободните економски зони со цел привлекување на странските директни инвестиции.

Потпрограмата *Д5-Привлекување на странски директни инвестиции* се однесува на активностите поврзани со привлекување на странски директни инвестиции. Во текот на 2004 година со закон е основана Агенцијата за странски инвестиции. Формиран е Управен одбор на Агенцијата и дефинирани се активности за информирање на потенцијалните странски инвеститори за можностите за инвестирање во Македонија. Во 2005 година Агенцијата ќе продолжи со своите активности за поттикнување на инвестиционите политики, обезбедување на информации на потенцијалните странски инвеститори, зголемување на промотивни активности како и помагање во идентификација и промовирање на инвестиционите проекти. Од UNDP и DEG ќе биде обезбедена техничка помош.

Во потпрограмата *Д6-Преструктуирање на ЈП Македонски железници* се прикажани средствата за исплата на испратнини по основа на технолошки вишок, паричен надоместок по основа на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои ќе им престане работниот однос.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Деловна средина | Основање на многу мали и средни претпријатија |
| Вработување | Покачување на просечната плата |
| Програма за обука на претприемачите | Учество на претприемачи во програмите за обука |
| Странски инвестиции | Зголемување на странски инвестиции |
| Вкупни средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари) 569.246 |

**Е. Реформа на земјоделството**

Реформата на земјоделскиот сектор продолжува со поддршка од многубројни донатори како што се проектот EAR CARDS, SIDA, IFAD и проектот на Lend O lejks на USAID.

*Е1-Преструктуирање на водостопански претпријатија.* Расходите за водостопанството се прикажани во буџетските програми на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Целите на оваа програма се насочни кон одржливоста во управувањето со водните ресурси во согласност со меѓународните норми и барањата на ЕУ. Една од компонентите на оваа активност е планирана во Функции на државата - преструктуирање на водостопанските претпријатија. Овие средства, со одлука на Владата, предвидуваат исплата на паричен надоместок по основа на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на работниците на кои им престанал работниот однос во водостопанските претпријатија опфатени со Проектот за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето (иригациони системи на Тиквеш, Брегалница и Полог).

**Ѕ. Реформа на образованието**

Со заем од Светската банка, кофинансирачка дотација од Холандија и од буџетски средства се финансира петгодишен проект за модернизација на училиштата и подобрување на квалитетот на образованието во насока на подобрување на планирањето и управувањето во училиштата.

**Опис на програмата:**

Оваа програма содржи три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата, обуката во училиштата и преку програма на грантови до училишта; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Програмата се спроведува во основните и средните училишта. Целта на програмата е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието. Во рамки на проектот се вклучени училишта кои спроведуваат план за само-евалуација на училиштето и изготвуваат план за развој на училиштето. Покрај тоа, се предвидува извршување на процени од страна на самото училиште за следење на напредокот. Потпрограмата *Ѕ2-Програма за модернизација на образованието* ги опфаќа средствата од буџетот и од кредити за 2005 година.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Процена на образованието | Спроведување на сопствени (во самото училиште) процени; воспоставување на стандарди за испитување; воспоставување на стандарди за ефективност на училиштата; зголемување на компетентноста и капацитетот за следење. |
| Обука на професорите | Воспоставување на институционална рамка за управување со човечките ресурси и за наставната политика; воспоставување на стандарди за обука и наставни планови; воспоставување на систем за издавање сертификати и лиценци |
| Вкупни средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари)<br>13.100 |

**И. Реформа на здравството**

Целите на владината програма се:

- Да се зајакне капацитетот на Министерството за здравство и на Фондот за здравствено осигурување за креирање и ефикасно спроведување на здравствената политика, здравственото осигурување, финансиското управување и склучувањето на договори со давателите на здравствени услуги.

- Да се развие и спроведе ефикасна рамка за редефинирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услугите за дневна нега и нивно пренасочување кон примарната здравствена заштита.

**Опис на програмата:**

Проектот е кофинансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 10.000.000 американски долари. Заемот ќе се користи во насока на надополнување на реформите кои веќе се поддржани со неколку програмски заеми за подобрување на управувањето во јавниот сектор и со техничка помош финансирана од Холандската влада. Со заемот ќе се обезбеди потребната помош, обука и средства на Фондот за здравствено осигурување, со акцент на зајакнувањето на информатичкиот систем за управување. Овие инвестиции ќе претставуваат поддршка за проширување на опфатот на реформите и политиките предвидени да се реализираат во рамките на заемот за приспособување на управувањето со јавниот сектор (ПСМАЛ).

Активностите во овој проект ќе се реализираат преку следниве компоненти:

1. креирање на политиките и нивна имплементација;
2. зајакнување на управувањето на ФЗО;
3. подобрување на обезбедувањето на здравствените услуги и
4. управување, следење и процена на проектот.

Датумот на започнување на заемот е септември 2004 година, а датумот на негово затворање ќе биде јуни 2009 година.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Подобрување на ефикасноста на болничките услуги | Намалување за 15% на просечната должина на престој во болниците; зголемување за 20% на амбулантната хирургија, 30% намалување на бројот на повторни болнички приеми врз база на истата дијагноза во рок од три месеца |

| | |
|---|---|
| Подобрување на практиките во Фондот за здравствено осигурување | Подобрување на ефикасноста во издавање на картони за здравствено осигурување, изготвување на упатства според меѓународните стандарди, подобрување на управувањето со податоци и известувањето |
| Подобрување на квалитетот на здравствените услуги | Сите лекари од општа пракса, стоматолози и фармацевти да бидат лиценцирани според новите усвоени постапки |
| Вкупни средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари) 12.100 |

**Ј. Реформа на пензискиот систем**

Целта на оваа програма е реформа на пензискиот систем со цел да се обезбеди солвентност на пензискиот систем и материјална и социјална сигурност на сегашните и идни генерации на пензионери на долгорочен план. Ова ќе се постигне со воведување на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (т.н. втор пензиски столб) и воспоставување на приватни пензиски фондови. Реформата на пензискиот систем ќе биде финансиски поддржана со кредит од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка, чија основна цел е: подобрување на администрирањето и ефикасноста на постојните институции во пензискиот систем, зголемување на наплатата на придонесите, изградба на регулаторни и супервизиски капацитети на новоформираната Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, развој на чуварската функција на НБРМ и информирање и едукација на јавноста.

***К. Реформа на јавната администрација***

Целите на оваа програма се зајакнување на активностите во јавната администрација во насока на подобрување на управувањето во буџетските институции, намалување на вкупните расходи за плати во јавната администрација, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите основани со закон, како и натамошно усовршување на вработените во јавната администрација.

Потпрограмата *К1-Реформа на државната администрација* ги опфаќа реформите во јавната администрација и ги содржи расходите за исплата на паричен надомест по основа на невработеност, придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здравствено осигурување на вработените во јавната администрација кои се прогласени за технолошки вишок, како и расходите за исплата на пензии и придонес за здравствено осигурување на лицата кои се предвремено пензионирани како резултат на намалување на бројот на вработени во јавната администрација.

Потпрограмата *К2-Професионално усовршување на персоналот на јавната администрација* ги опфаќа сите активности за професионално усовршување на вработените во јавната администрација, кои вклучуваат обука, преквалификација, учествување на семинари и други активности.

Потпрограмата *К3-Подобрување на управувањето во јавниот сектор* ги опфаќа активностите за подобрување на управувањето во јавниот сектор. Со грантот кој ѝ беше доделен на Република Македонија од Кралството Холандија на крајот на 2000 година (поддршка на ПСМАК, Светска банка) се обезбедија средства во буџетот за реформа на јавната администрација и за платно билансна поддршка. Грантот е администриран од Светската банка која што го следи неговото целокупно проектно извршување. Со договорот за грант е предвидена техничка помош преку консултантски услуги и обука на кадарот од погоре идентификуваните институции - проектни корисници во подигање на институционалниот капацитет за реализација на реформските активнвсти во Република Македонија. Помал дел од средствата е предвиден за набавка на информатичка опрема за проектните корисници. Оваа потпрограма ги опфаќа и планираните расходи за Бирото за јавни набавки во Министерството за финансии.

Во потпрограмата *К4-Реформа на Министерство за одбрана* се прикажани планираните расходи за реформа во Министерството за одбрана и опфаќа активности кои се однесуваат на исплата на испратнини при заминување во пензија, докуп на стаж, пензии и придонеси за здравствено осигурување на вработените во Министерството за одбрана на кои им престанал работниот однос врз основа на Законот за служба во АРМ.

К5-Соодветна и правична застапеност на заедниците. Оваа потрограма ги опфаќа средствата потребни за нови вработувања во државната администрација за имплементација на правичната застапеност на етничките заедници во државната администрација согласно со Рамковниот договор.

*Индикатори на програмата*

| | |
|---|---|
| Фондови основани со закон во Единствента трезорска сметка | Извештаи за приливи и расходи |
| Вработување | Намалување на масата на плати |
| Реформа на буџетот | Форматот на буџетот ги рефлектира буџетските програми и капиталните проекти |
| Меѓународни стандарди | Имплементација на нови расходни, приходни и функционални класификации |
| Вкупни средства планирани со буџетот за оваа програма | (во илјади денари) 661.655 |

***Буџетски програми***

Буџетските програми се главни активности или групи активности кои се извршуваат согласно со законска регулатива која ја регулира работата на буџетскиот корисник. Министерството за финансии во соработка со сите буџетски корисници, за прв пат го воведе програмското буџетирање во Буџетот за 2001 година. Во периодот до 2005 година се извршени повеќе подобрувања во прикажувањето на овие програми, посебно во делот на одвојувањето на активностите како посебни програми. Меѓутоа, најзначајни промени се извршени во текот на подготовката на Буџетот за 2005 година (кои се прикажани во Буџетот за 2005 година), при што најголемиот дел од буџетските корисници ги идентификуваа своите законски обврски преку посебни програми и потпрограми. Исто така, значајно е да се нагласи дека за прв пат се издвојуваат капиталните проекти како

посебни потпрограми. На овој начин се обезбедува транспарентност во дефинирањето на одделните активности, како и во планирањето на средствата за одделните активности и проекти. Покрај овие придобивки, програмите и потпрограмите даваат можност за попрецизно дефинирање на целите и приоритетите кај буџетските корисници и оценување на степенот на реализација на овие цели и приоритети. Како што се менуваат целите, буџетските корисници ги менуваат и своите програми и потрограми, што значи дека истите презентирани во Буџетот за 2005 година можат во наредните години по потреба да се променат соодветно на поставените приоритети.

Во прилог ги претставуваме програмите за 2005 година кај секој буџетски корисник одделено:

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **01001 Претседател на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005 61.590** |

***Опис и главни функции.*** Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и на меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите во Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Реализирајќи ги своите активности во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: остварени се активности на планот на натамошен развој на односите и соработката со соседните земји; зајакнати се позициите на Република Македонија на меѓународен план за нејзино интегрирање во институциите на меѓународната заедница и друго.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети и целите на претседателот на Република Македонија за 2005 година се следниве: јакнење на одбранбената способност на земјата; зачувување и јакнење на внатрешната стабилност; натамошна афирмација и подобрување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница; натамошни реформи во Армијата на Република Македонија и приспособување кон стандардите на НАТО; преземање активности за целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите на Европската унија и друго.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на оваа институција за 2005 година е предвидено активностите да се извршуваат во една програма која опфаќа активности насочени кон ефикасно извршување на обврските кои произлегуваат од функцијата претседател на државата; постигнување транспарентен однос и ефективна комуникација со јавноста; извршување на задачите согласно со Уставот и со законите на Република Македонија и реализација на утврдените приоритети.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **01002 Агенција за разузнавање** | **Вкупен буџет за 2005 129.186** |

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и на стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

***Постигнати резултати во 2004, приоритети и цели за 2005 година.*** Во извршување на утврдените законски функции и надлежности Агенцијата за разузнавање постигна значајни резултати во 2004 година и има утврдени приоритети и цели за 2005 година кои се во насока на успешно извршување на зацртаните активности.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Агенцијата за разузнавање за 2005 година предвидува две буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација,* ги опфаќа административните активностите кои се во насока на поддршка на основните законски утврдени активности на Агенцијата;

*Програма 2 - Разузнавање,* ја вклучува целокупната дејност на Агенцијата за разузнавање, пропишана со Законот за Агенцијата за разузнавање објавен во „Службен весник на РМ" број 19/95.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **02001 Собрание на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005 317.840** |

***Опис и главни функции.*** Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во 2004 година Собранието на Република Македонија ги оствари следниве резултати: оствари значајна улога во процесот на осовременување и дополнување на домашната легислатива и нејзино постепено усогласување со европските стандарди; донесени се закони од домашната легислатива, закони за ратификација на меѓународни билатерални и мултилатерални договори; реализирани се активности во доменот на работата во мултилатерални организации, Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на НАТО, Европскиот парламент, Собранието на ЗЕУ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на франкофонијата и слично.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети и цели на Собранието на Република Македонија за 2005 година се: спроведување на макроекономската политика за 2005 година; рационализација во трошење на финансиските средства; остварување на функциите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија; проширување на соработката на Собранието со меѓународни организации и институции; преземање на активности за целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите на Европската унија; донесување на закони и подзаконски акти; реализација на програмата на Собранието на Република Македонија за соработка со меѓународни организации и институции; стручно усовршување и оспособување на државните службеници преку семинари и симпозиуми, како и реализација на инвестиционите активности - довршување на започнатите активности за реконструкција на деловната зграда на Собранието.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на Собранието на Република Македонија за 2005 година е предвидена една буџетска програма која опфаќа активности непосредно поврзани со

работата на претседателот на Собранието на Република Македонија; генералниот секретар на Собранието на Република Македонија; активности поврзани со законодавството од областа на политичкиот систем и јавните дејности; законодавство од областа на економскиот систем; активности за подготовка и реализација на парламентарни седници и пратенички прашања; активности за меѓународна соработка и слично. Основната цел на оваа програма е ефикасно и навремено извршување на сите активности на Собранието на Република Македонија, согласно со Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **02002 Државен завод за ревизија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **85.302** |

***Опис и главни функции.*** Државниот завод за ревизија (ДЗР) е самостоен и независен државен орган основан од страна на Собранието на Република Македонија, чија основна активност е вршење на државна ревизија. Преку извршување на оваа активност Државниот завод за ревизија обезбедува надзор и контрола, поддршка и унапредување на јавната одговорност на лицата и институциите кои управуваат со јавните средства.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во 2004 година Државниот завод за ревизија ги оствари следниве резултати: кадровско доекипирање на институцијата и едукација на вработените; зголемена ефикасност во изготвувањето на ревизорски извештаи; подготвена измена на формата на ревизорскиот извештај и на годишниот извештај во функција на подобрување на разбирливоста на извештаите.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Државниот завод за ревизија за 2005 година се: отпочнување на вршење на ревизии на успешност, системски ревизии и заеднички ревизии со соседните државни ревизии; продолжување на имплементацијата на проектот "Развој на Државниот завод за ревизија"; интензивирани активности за објавување на ревизорските извештаи на веб страницата на Државниот завод за ревизија, одржување на редовни активности со пишаните и електронските медиуми и слично. Реализацијата на овие приоритети се очекува да го зголеми нивото на стручност и компетентост на вработените; да го подобри квалитетот на работењето на Државниот завод за ревизија и да ја зголеми транспарентноста во работењето на Државниот завод за ревизија.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на оваа институција за 2005 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа сите активности на одделенијата во состав на Државниот завод за ревизија, насочени кон вршење на основната дејност на институцијата. Основни цели на оваа програма се: успешна имплементација на Законот за државната ревизија; спречување на појави на незаконско и ненаменско трошење на јавните средства; спречување на појави на корупција и организиран криминал; подигнување на свеста за одговорност за законско и наменско трошење на јавните средства; зголемување на ефектот од извршените државни ревизии; приближување кон нормите и стандардите на врховните ревизорски институции на земјите членки на Европската унија, како и целосна реализација на задачите на Државниот завод за ревизија утврдени со Програмата за работа.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **02003 Државна комисија за спречување на корупцијата** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **15.235** |

***Опис и главни функции.*** Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на РМ” број 28/2002 и 46/2004).

***Постигнати резултати во 2004.*** Со Ребалансот на Буџетот за 2004 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија) доби статус на буџетски корисник, со што се создадоа услови за непречено извршување на активностите на Комисијата согласно со најновите измени на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на РМ” број 46/2004).

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2005 година се: формирање на Секретаријат на Државната комисија; зајакнување и унапредување на соработката со институциите и органите надлежни за преземање на посебни мерки предвидени со Законот што имаат надлежност за контрола, превенција и водење на постапка во случај на корупција; активности поврзани со имплементација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, кои опфаќаат континуирана евалуација на работењето на Државната комисија; одржување на Годишна конференција за оценување на имплементацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата; организирање на јавни трибини и тркалезни маси со учество на претставници на медиумите и невладините организации; печатење на годишен извештај за работата на Комисијата; остварување на меѓународна соработка со антикорупциски органи и соодветни национални тела на земјите во регионот и земјите од Европската унија.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Државната комисија за спречување на корупција за 2005 година е предвидена една програма, објаснета во делот на владината програма Г-Јакнење на владеењето на правото.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **02004 Државна изборна комисија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **135.884** |

***Опис и главни функции.*** Работењето на Државната изборна комисија (ДИК) е утврдено согласно со Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија („Службен весник на РМ” број 42/2002 и 46/2004). Комисијата претставува надлежен орган во спроведување на изборните активности во државата.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: спроведени се предвремени претседателски избори; спроведен е референдум; со Ребалансот на буџетот за 2004 година е извршено издвојување на Државната изборна комисија како посебен буџетски корисник, согласно со измените и дополнувањата на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 46/2004).

***Приоритети и цели за 2005.*** Основните приоритети на Државната изборна комисија за 2005 година се: формирање на стручна служба - Секретаријат на Државната изборна комисија; обезбедување услови за непречено функционирање на ДИК во

наредниот период; кадровско и техничко екипирање на ДИК; зајакнување и унапредување на соработката со другите државни институции и органите при спроведување на изборната постапка; поднесување извештај за работењето на ДИК и спроведување на локалните избори во 2005 година.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во рамките на буџетот на Комисијата за 2005 година е планирана една буџетска програма која ги вклучува активностите на Секретаријатот на ДИК и сите стручно-административни работи чии основни цели се успешна реализација на законските функции и утврдените приоритети за 2005 година. Во рамките на оваа програма е издвоена посебна потпрограма *21-Изборни активности*, со цел издвојување на вкупните средства наменети за успешно спроведување на локалните избори на територијата на Република Македонија во 2005 година, согласно со новиот Закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004).

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **03001 Уставен суд на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **24.771** |

***Опис и главни функции.*** Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој го сочинуваат девет судии и ги врши следниве активности: ја штити уставноста и законитоста; одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити слободите и правата на човекот, решава за судир на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

***Постигнати резултати во 2004.*** Реализирајќи ги своите законски активности во текот на 2004 година, Уставниот суд спроведе постапки за одлучување на уставноста на закони и на уставноста и законитоста на други прописи, како и за заштита на слободите и правата на граѓаните предвидени во членот 110 став 3 од Уставот на Република Македонија.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година се очекува зголемување на обемот на примени предмети по кои ќе се оценува уставноста и законитоста. Вршејќи ги овие редовни активности, основната цел е зголемување на ефикасноста во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на уставноста и законитоста и заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот суд.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Уставниот суд за 2005 година предвидува една програма која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Уставниот суд со цел за успешно реализирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **04001 Влада на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** **288.577** |

***Опис и главни функции.*** Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиката што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Владата на Република Македонија ја имплементира Програмата за работа на Владата на РМ за 2004 година; донесе Одлука за стратешките приоритети за 2004 година; го следеше процесот за вградување и реализација на стратешките приоритети во Буџетот за 2004 година, како и извршувањето на одлуките и заклучоците донесени од Владата, остварени се активности за интеграција во ЕУ и друго.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Владата во текот на оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следниве приоритети: подготовка на годишната програма за работа на Владата за 2005 година; следење на имплементацијата на Рамковниот договор; продолжување на активностите за интеграција во ЕУ; спроведување на реформата на јавната администрација и донесување на одлука за стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2006 година. Основна цел на овие активности е реализирање на поставените приоритети, ефикасно планирање и координирање на владините активности, дефинирање на владините политики, како и ефикасно спроведување на владините одлуки и заклучоци.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Владата на Република Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Активностите на оваа програма опфаќаат: координирање и анализа на владините политики, извршување на организациони работи поврзани со работата на Владата, работи поврзани со управувањето со човечки ресурси и работи поврзани со односи со јавноста. Основна цел на буџетската програма е да обезбеди ефикасна поддршка во спроведувањето на владините политики и активности. Во рамките на буџетската програма Администрација влегуваат и активностите на Генералниот секретаријат кој обезбедува законито, ефикасно и транспарентно работење, овозможува подобрување на системот за одлучување, придонесува да се промовираат стратешките приоритети, овозможува поцелосна анализа и координација на политиката и обезбедува поцелосна комуникација со другите органи и тела на централно ниво, соработка со невладиниот сектор, спроведување на рамковниот договор и друго.

*Програма 2 - Европска интеграција.* Активностите во рамките на оваа програма се насочени кон забрзување на евроинтеграцијата во економско социјалната област, во областа на правдата и внатрешните работи; координација на странската помош; преведување на законодавството на Европската унија и информирање на јавноста за активностите преземени во насока на европската интеграција. Основна цел на оваа буџетска програма е обезбедување на оптимални услови за функционирање на секторот за европска интеграција во функција на одржување на динамиката за интеграција на Република Македонија во Европската унија.

*Програма 3 - Информатичка поддршка на Владата.* Оваа буџетска програма ги опфаќа активностите поврзани со организација, планирање, развој, подобрување на информатичката инфраструктура, експлоатација и поддршка на веб страницата на Владата на Република Македонија и усвоениот концепт за Е-Влада. Во текот на 2005 година се предвидува преуредување на канцелариски простор во систем сала со електростатски под, набавка на информатичка опрема и изработка на соодветни апликативни решенија во согласност со усвоениот концепт за Е-Влада. Основна цел на оваа буџетска програма е обезбедување на соодветна информатичка поддршка на работењето на Владата на Република Македонија.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **04002 Служба за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **1.126.084** |

***Опис и главни функции.*** Организацијата и делокругот на работа на СОЗР во Владата на РМ се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија. Согласно со Одлуката СОЗР ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и другите органи на државната управа.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година СОЗР изврши реконструкција на машинската инсталација во зградата на Владата на Република Македонија, реконструкција и адаптација на "Вила 2"- Скопје и инвестиционо одржување на сите објекти на органите на државната управа.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритетни активности на Службата во оваа година се: реконструкција и одржување на градежни објекти на органите на државната управа; реконструкција и адаптација на "Вила 1"- Скопје и доградба на административни простории; опремување со канцелариска опрема на "Вила 1"- Скопје и "Вила 2"- Скопје; опремување со канцелариска опрема на органите на државната управа; обновување на возниот парк со цел за намалување на трошоците за одржување на застарениот возен парк и набавка на нов владин авион.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа буџетска програма опфаќа активности кои се однесуваат на спроведување на нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи, финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење, инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за превоз и одржување на моторни возила, како и активности поврзани со давање угостителски услуги за потребите на претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите органи на државна управа. Во текот на 2005 година Службата планира активности поврзани со навремена реконструкција, одржување и опремување на градежни објекти на репрезентативните и резиденцијалните објекти и градежните објекти на органите на државната управа.

*Програма 2 - Поранешен претседател.* Во рамките на оваа програма се планира реализација на промотивни активности на државата со цел успешно презентирање на Република Македонија во надворешната политика.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **04003 Секретаријат за законодавство** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **7.828** |

***Опис и главни функции.*** Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен, по барање на Министерството за локална самоуправа, да подготвува стручни мислења по прописите на општините.

***Постигнати резултати во 2004.*** Реализирајќи ги своите функции во текот на 2004 година, се дадени стручни мислења и предлози по сите текстови на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони, предлози на подзаконски прописи и други акти и материјали доставени од страна на Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државна управа. Исто така, се дадени стручни мислења и предлози по доставени иницијативи и решенија за поведување на постапка за оценување на уставност и законитост пред Уставниот суд на Република Македонија и е остварено активно учество со стручен придонес во работни групи за изготвување на закони и други прописи, во работни групи и подгрупи за усогласување на законодавството, во работилници, како и на бројни семинари и конференции.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Секретаријатот за законодавство предвидува реализација на активности поврзани со: обезбедување на конзистентност на правниот систем и оценување на усогласеноста на законите и другите прописи и на ратификуваните меѓународни договори со Уставот на Република Македонија; усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, обезбедување на исполнување на обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки и од Времената спогодба и реализирање на задачите кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор и од амандманите на Уставот на Република Македонија, посебно во однос на процесот на децентрализација на власта.

Реализацијата на овие приоритети се очекува да придонесе кон натамошно зголемување на ефикасноста и успешноста на институцијата во извршување на законски утврдените функции.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Секретаријатот за законодавство за 2005 година предвидува една програма, во која се опфатени активностите кои произлегуваат од редовната законски утврдена дејност на институцијата и се во функција на успешно остварување на зацртаните приоритети.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **04006 Јавно правобранителство на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **36.014** |

***Опис и главни функции.*** Јавното правобранителство на Република Македонија е основно како служба на Владата на Република Македонија. Основните законски утврдени функции на оваа буџетска институција се состојат во преземање на соодветни мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Јавно правобранителство во рамките на своите надлежности обезбеди соодветна правна заштита на имотните права и интереси на Републиката. Покрај ова, организирани се и советувања со едукативен карактер за разрешување на спорните правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Јавното правобранителство.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основните приоритети и цели на оваа буџетска институција за 2005 година се обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Јавното првобранителство за 2005 година предвидува една програма, која ги опфаќа сите редовни активности на институцијата со цел за успешно извршување на основните законски функции.

(во илјади денари)

| 04007 Агенција за развој и инвестиции | Вкупен буџет за 2005 44.555 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за развој и инвестиции врши активностите поврзани со: реализација на програмата за развој и инвестиции, утврдените поволности за приватни инвестиции на домашни и странски лица, договорите за трансфер на капитал, спроведување на мерките на инвестиционата политика и странските вложувања, остварувањето на инвестициони работи што ги изведуваат странски лица во Република Македонија и инвестициони работи што ги изведуваат домашни правни лица во странство; размената на информации за можности за инвестирање; промоцијата и грижата за спроведување на обезбедените инвестиции во и надвор од Република Македонија, и врши и други работи утврдени со закон.

(во илјади денари)

| 04008 Агенција за државни службеници | Вкупен буџет за 2005 26.660 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа. Агенцијата за државни службеници е организирана во четири сектори и десет одделенија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Агенцијата за државни службеници ги постигна следниве резултати: измена и дополнување на законските и подзаконските акти кои го регулираат функционирањето на Агенцијата за државни службеници; имплементација на Програмата за обука на припадници на заедниците (во август 2004 година примени се на стажирање тројца стручно-административни државни службеници); презентирање на Националниот систем за обука на државните службеници; реализирани обуки на системот на државната служба на државни службеници од општините и реализирање на првата фаза на обука на третата генерација од 23 државни службеници на Високата административна обука и друго.

***Приоритети и цели за 2005.*** Агенцијата за државни службеници за 2005 година ги утврди следниве приоритети: измена на законски и подзаконски акти кои го регулираат работењето на Агенцијата за државни службеници; подготовка на Извештај за искуствата и резултатите од спроведувањето на годишните планови за соодветна и правична застапеност; спроведување на Национален систем за обука на државни службеници во државните органи и натамошна имплементација на проектот Висока административна обука; учество на Годишната конференција на Комисијата на владеење на демократијата преку правото (Венецијанска комисија) при Советот на Европа, и учество на други меѓународни состаноци во рамките на меѓународни организации и инситутиции; подготовка на Годишен извештај до Собранието на Република Македонија и друго. Овие приоритети се во насока на: подобрување на законската рамка; операционализација на системот за оценување и системот за плати на државните службеници; подобрување на системот на Централниот регистар, како и иплементација на Националниот систем за обука и подготовка на стратегија за обука на државните службеници и друго.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетската програма ги опфаќа сите активности со кои се реализираат законски утврдените функции и надлежности на Агенцијата за државни службеници во однос на: стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници; формирање, промовирање и развивање на политиката за управување со човечките ресурси во државната администрација и друго. Активностите на оваа буџетска програма се насочени кон реализирање на поставените приоритети и цели на буџетската инситутиција.

(во илјади денари)

| 05001 Министерство за одбрана | Вкупен буџет за 2005 6.298.000 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност ја организира одбраната на земјата со цел за зачувување на територијалниот инегритет и суверенитет на Република Македонија. Со соодветна координација на ресурсите и нивна оптимална поставеност и искористување се овозможува позиционирање на Министерството за одбрана и АРМ во насока на приближување кон стандардите на НАТО и зачленување во евроатлантските структури како приоритетна цел.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството за одбрана изработи Стратешки одбранбен преглед; донесе Закон за заштита и спасување; изработи долгорочен план за набавки и приоритетно опремување на Одредот за специјални намени; донесе уредби со кои потесно се регулираат одредени активности на Министерството за одбрана и учествуваше во мировните мисии во Ирак и во Авганистан.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Министерството за одбрана во оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети: предавање на северната и западната граница на граничната полиција во МВР; продолжување на процесот на опремување и усовршување на Армијата на Република Македонија согласно со НАТО стандардите и продолжување на процесот на трансформација на АРМ согласно со определбите во Стратешкиот одбранбен преглед.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за одбрана ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма ги опфаќа општите активности кои овозможуваат функционирање, односно спроведување на задачите и целите на Министерството за одбрана. Воедно, во рамките на Администрација се извршуваат и активности поврзани со спроведувањето на активностите и мерките за безбедност и разузнавање.

*Програма 2 - АРМ.* Во оваа буџетска програма се опфатени активностите кои се однесуваат на Армијата на Република Македонија. Основни цели на буџетската програма се унапредување на процесот за членство во НАТО, учество во активностите кои произлегуваат од членството во програмата "Партнерство за мир", успешно спроведување на професионализацијата на АРМ, успешно реализирање на мировните мисии во Ирак и во Авганистан, како и успешно завршување на процесот на предавање на обезбедувањето на границата на Република Македонија на Министерството за внатрешни работи, според кој во 2005 година остана да биде предадена северната и западната граница.

*Програма 3 - Воена академија.* Активностите во рамките на оваа програма се насочени кон образование на кадри за потребите на АРМ. Целта на овие активности е школување на питомци кои по завршувањето се промовираат во офицери и стручно оспособување и усовршување со дошколување на пријавени кандидати за офицери и подофицери за потребите на АРМ.

*Програма 4 - Воена болница.* Оваа буџетска програма го опфаќа функционирањето на Воената болница како формациска единица на АРМ преку создавање на квалитетни здраствени услуги на вработените во АРМ, како и за надворешните лица.

*Програма 5 - Изградба и одржување на инфраструктура.* Оваа буџетска програма ги опфаќа активностите за изградба, одржување и реконструкција на градежните објекти со кои располага Министерството за одбрана, како и одржување на патните правци кои водат до караулите и другите воени објекти. Воедно, во рамките на програмата се планираат активности за започнување со проектот за изградба на станови, чија цел е решавање на станбениот проблем на припадниците на АРМ.

(во илјади денари)

**05002 Дирекција за безбедност На класифицирани информации** — **Вкупен буџет за 2005** **6.122**

***Опис и главни функции.*** Основна функција на Дирекцијата е размена на класифицирани информации со странство, иницирање на склучување на меѓународни договори за размена на класифицирани информации и издавање безбедносни сертификати на сите лица корисници на класифицирани информации, издавање на дозволи на странски правни и физички лица за користење на класифицирани информации на Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: донесен е Законот за класифицирани информации; започната е подготовката на подзаконски акти пропишани со Законот за класифицирани информации; одржано е советување за органите на државната управа со цел за запознавање на работата и задачите на Дирекцијата согласно со новиот Закон; реализирани се инспекциски посети на претставници на НАТО и ЕУ и се извршени заемни посети со надлежните институции за класифицирани информации на Република Бугарија и на Република Словенија.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на Дирекцијата за 2005 година се: заокружување на законската регулатива за заштита на класифицирани информации, како и потпишување на повеќе меѓународни договори, едуцирање на корисниците на класифицирани информации преку одржување на семинари, работилници, предавања и слично. Основни цели на институцијата се навремено и квалитетно извршување на планираните приоритети.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на Дирекцијата за 2005 година е планирана една програма која е објаснета во делот на владините програми.

(во илјади денари)

**05003 Дирекција за заштита и спасување** — **Вкупен буџет за 2005** **57.650**

***Опис и главни функции.*** Основна функција на Дирекцијата за заштита и спасување е заштита на граѓаните и природните богатства на РМ, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба, како и на предметите и објектите од особено културно и историско значење, определени со закон како добра од општ интерес на РМ, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

***Постигнати резултати во 2004.*** Дирекцијата за заштита и спасување е нов буџетски корисник и ќе започне со работа од 1 јануари 2005 година.

***Приоритети и цели за 2005.*** Дирекцијата за заштита и спасување ги планира следниве приоритетни активности: изработка на Национална стратегија за заштита и спасување, донесување на подзаконски акти согласно со Законот за заштита и спасување и реализација на активностите поврзани со Советот за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации за Југоисточна Европа.

(во илјади денари)

**06001 Министерство за внатрешни работи** — **Вкупен буџет за 2005** **6.677.599**

***Опис и главни функции.*** Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; укажување на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Министерството за внатрешни работи предвидува реализирање на законски активности за: заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; одржување на јавен ред и мир; зголемување на безбедноста во сообраќајот и на патиштата; намалување на стапката на криминалитетот (организираниот криминал, недозволената трговија со луѓе, дрога и оружје) и одржување на безбедноста и контролата на државната граница. Реализацијата на овие приоритети има за цел: зголемување на ефикасноста во заложбите за намалување на нарушувањето на јавниот ред и мир; намалување на стапката на криминалитетот и намалување на стапката на нарушување на безбедноста на државната граница.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за внатрешни работи за 2005 година предвидува три буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма опфаќа: активности за административна поддршка на редовните законски активности на буџетската

институција; активности во врска со обезбедување на сместувачки капацитети и храна за потребите на полицијата. Основните цели на програмата се: обезбедување на ефикасна поддршка во делот на законската нормативa; навремено обезбедување на финансиски, материјално - технички средства и услуги; ефикасна координација на функциите на Министерството и слично.

Исто така, во рамки на оваа програма е планирана и реализација на капитален проект за реконструкција на постојните објекти за одмор и рекреација на вработените на Министерството со цел за подобрување на условите во овие објекти.

*Програма 2 - Безбедност.* Активностите опфатени со оваа програма ги одразуваат основните функции на Министерството во областа на безбедноста (обезбедување на јавен ред и мир, борба против организираниот криминал, заштита од шпионажа и тероризам, управно-надзорни работи и друго), со цел унапредување на заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; зголемување на безбедноста на сообраќајот и патиштата; намалување на стапката на криминалитетот (борба против организираниот криминал, сузбивање на недозволена трговија со луѓе, дрога, оружје и друго); зголемување на стапката на ефикасност во обезбедувањето на заштита на граѓаните и објектите, во обезбедување на јавниот ред и мир; зголемување на ефикасноста на управно-надзорните служби и слично.

Во рамките на оваа програма се планирани активности за реализација на капитални проекти за: изградба на полициска станица - Теарце со цел за обезбедување на просторни капацитети за сместување на полицијата и реконструкција и опремување на згради што подразбира довршување на веќе започнатите инвестициони зафати на преземените објекти од Министерството за одбрана и објектот на Македонската радио телевизија, и набавка на техничка опрема со цел создавање услови за непречено и ефикасно извршување на функцијата на Министерството за внатрешни работи.

*Програма 3 - Полициска академија.* Оваа програма вклучува активности на Полициската академија за образување на кадри за потребите на Министерството, други државни органи, како и за други организации, установи и правни лица кои вршат дејност од областа на безбедноста. Овие активности се преземаат со цел за реализирање на обука на припадниците на Граничната полиција, основна обука на полицаец, одржување на курс за менаџмент и специјалистички курсеви, вршење на високообразовна дејност (додипломски и постдипломски студии), научно-истражувачка и применувачка дејност, и спроведување на континуирано образование кое се остварува врз основа на програми што ги донесува министерот за внатрешни работи или друг барател на образовни услуги на Академијата.

(во илјади денари)

**07001 Министерство за правда Вкупен буџет за 2005 325.022**

***Опис и главни функции.*** Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и со законите. Во составот на Министерството се наоѓаат и 34 подрачни одделенија и 237 месни канцеларии, како и Управата за извршување на санкциите и Државниот управен инспекторат.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година како резултат на преземените активности е донесена Стратегија и Акционен план за реформа на правосудниот систем на Република Македонија; донесен е Правилник за правична и соодветна застапеност на заедниците во правосудните институции, односно употреба на јазиците во судските постапки; и остварена е оптимална реализација на програмите, предвидени со Програмата за јавни инвестиции, за јавните обвинителства и за казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови во Република Македонија.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година активностите на министерството ќе бидат насочени кон успешна реализација на: одредбите од Рамковниот договор; Стратегијата и Акциониот план за реформа на правосудниот систем на Република Македонија; делот од тековните владини програми (Г4 - Борба против организираниот криминал и Г5 - Реформа на судството); програмата за јавни инвестиции во јавните обвинителства и во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови во Република Македонија.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Министерството за правда за 2005 година се предвидени три буџетски програми и тоа:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма ги опфаќа активностите кои ја поддржуваат реализацијата на програмските задачи на подрачните одделенија и месните канцеларии на Министерството, како и на јавните обвинителства и активностите за реализација на утврдените приоритети за 2005 година. Исто така, во рамките на оваа програма се предвидува реализација на капитални проекти за реконструкција и опремување на подрачните единици, месните канцеларии на Министерството и на јавните обвинителства. Имплементација на предвидените активности треба да резултира со подобрување на условите за работа во подрачните единици и месните канцеларии, во јавните обвинителства, што ќе придонесе за оптимално извршување на утврдените програмски задачи. Исто така, цел на оваа програма е и подобрување на условите за престој во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови во Република Македонија.

*Програма 2 - Санкции.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активности поврзани со: извршување на санкциите во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи во Република Македонија; контрола и надзор во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи. Во рамките на оваа програма за 2005 година е предвидена и реализација на капитален проект за реконструкција и опремување на казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови. Овие активности имаат за цел за ефикасно извршување на санкциите и подобрување на условите за работа на вработените и условите за престој на осудените лица, имплементација на меѓународни стандарди и правила и унапредување на меѓународната соработка во процесот на извршување на санкциите.

*Програма 3 - Управен инспекторат.* Програмата предвидува активности на Управниот инспекторат за вршење на инспекциски надзор во органите на државната управа, другите државни органи и управни организации, јавни претпријатија и други установи и институции кои вршат јавни овластувања, општините и градот Скопје, со цел зголемување на ажурноста и ефикасноста на работата при решавањето на предметите во управната постапка и економично остварување на правата и интересите на граѓаните кои се обратиле до овие субјекти.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **08001 Министерство за надворешни работи** | **Вкупен буџет за 2005 962.238** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за надворешни работи ги врши работите што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија, воспоставување, развивање и координирање на односите, претставување и афирмирање на Република Македонија на меѓународен план; заштита на интересите, правата и имотот на Републиката и нејзините државјани и на домашните правни лица во странство; координирање и известување за политиката од надлежноста за која е основно; грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји; организација и раководење со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија, како и организирање на системот на врски со нив; склучување, ратификување и потпишување на меѓународните договори; определување и одбележување на државната граница; комуникација и соработка со странските дипломатски и конзуларни претставништва на странски држави и мисии на меѓународни организации во Република Македонија; акредитација на амбасадори, прием на акредитивни писма, издавање на привилегии и имунитети на странски дипломатски претставништва и претставништва на меѓународни владини организации и други работи во врска со именување и отповикување на амбасадори на Република Македонија во странство; собирање, проучување и грижа за странската и на домашната документација од негова надлежност.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството ги постигна следниве резултати: поднесување на апликација на РМ за членство во ЕУ; потпишувањето на Повелбата за партнерство на Република Македонија со Албанија, Хрватска и САД, односно имплементација на Јадранската повелба во Охрид; исполнување на обврски што произлегуваат од подготовките за членство во НАТО и учество во изготвувањето на Националната годишна програма за периодот 2004-2005; учеството и активна улога на Самитот на НАТО во Истанбул; остварено е учество на состаноците на Парламентарното Собрание на НАТО; годишни состаноци на работните маси и на Регионалната маса на Пактот за стабилност на ЈИЕ; започнати се постапки за поставување на економски аташеа во три амбасади; соработка со државите од регионот во борбата против организираниот криминал, трговијата со луѓе, оружје и наркотици, отворена е советодавна канцеларија, којашто има задача да ја олесни комуникацијата на граѓаните со странските амбасади.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети и цели на Министерството за надворешни работи за 2005 година се: донесување на Законот за надворешни работи и други подзаконски акти од областа на надворешните работи, натамошна промоција и зајакнување на севкупните односи на Република Македонија со странство, интензивирање на активностите за членство во ЕУ; активности во врска со пристапувањето во НАТО; засилена и поефикасна регионална соработка; поттикнување на странски инвестиции во домашната економија; регионална соработка; активности за реализирање на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки; натамошно интезивирање на активностите за полноправно членство во НАТО; активности во рамките на Јадранската повелба; учество на средби во рамките на Коридорот 8; активности за демаркацијата во делот на границата со Србија, Црна Гора и Косово; активности во рамките на Процесот за соработка на земјите од Југоисточна Европа, Централно-Европската иницијатива (ЦЕИ), СЕКИ центарот за борба против организираниот криминал во Романија, воспоставување визен центар во МНР, за исполнување на стандардите на ЕУ во врска со либерализирање на визниот режим и слично.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот за 2005 година се предвидени две буџетски програми во Министерството за надворешни работи:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите поврзани со надворешните работи, надворешната политика и дипломатските и конзуларните претставништва и се во функција на обезбедување услови за ефикасно извршување на надворешните работи и надворешната политика.

*Програма 2 - Дипломатски и конзуларни претставништва.* Оваа програма опфаќа активности за организацијата и раководењето со дипломатските, конзуларните и другите преставништва на РМ. Основни цели на оваа програма за 2005 година се: кадровско доекипирање на ДКП, сеопфатно согледување на поставеноста на дипломатската мрежа, отворање на нови ДКП или затворање на дел од постојните, соработка и контакти со македонското малцинство во соседството и во дијаспората, контрола врз финансиско-материјалното работење на ДКП.

Исто така, во рамките на оваа програма се планира и реализација на капитални проекти за купување на згради за и реконструкција на згради на амбасади, конзулати и други дипломатски претставништва, со цел да се подобрат условите за работење во ДКП.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **09001 Министерство за финансии** | **Вкупен буџет за 2005 358.467** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за финансии ги врши работите што се однесуваат на: системот на финансирање; трезорскиот систем; царинскиот систем; даночниот систем и даночната политика; системот на девизното работење; системот на банките и штедилниците и други финансиски институции; системот на сметководството, ревизијата и платниот промет; заемите и кредитите; макроекономската политика и политиката за развој на националната економија; подготвувањето проекција на платниот биланс; подготвувањето и следењето на макроекономските биланси; осигурувањето на имот и лица; игрите на среќа; изготвувањето и извршувањето на Буџетот на Република Македонија и на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија; сопственоста и други имотно-правни односи; стоковните резерви; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во 2004 година Министерството за финансии ги постигна следниве позначајни резулатати: изврши реформи во процесот на буџетирање во насока на поголема транспарентност во прикажување на Буџетот на Република Македонија, изготви нов Закон за јавни набавки и нов Закон за внатрешна ревизија, нови закони од областа на даноците и царините и тоа:

Законот за царинската управа, Законот за даноците на имот, Законот за комунални такси, како и дополнувања и измени на: Законот за ДДВ, Законот за утврдување и наплата на јавните приходи и Законот за административните такси, кои се усвоени од Собранието на Република Македонија; изготви: Предлог за донесување закон за хартии од вредност, Предлог на законот за Народната банка, Предлог на законот за ревизија, Законот за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Закон за девизната инспекција, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија и Предлогот за изменување на законот за финансиската полиција, е извршено усогласување на Договорот за одбегнување на двојното оданочување меѓу Република Македонија и Република Белорусија и формирано е Одделение за внатрешна ревизија во Министерството за финансии.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Министерството за финансии во оваа година ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритети: постојан мониторинг и практична примена на одредбите од Законот за јавните набавки; продолжување на реформите во буџетскиот процес; продолжување на реформите во областа на директните даноци; натамошна заложба за зголемување на даночните приходи, без интервенирање во висината на даночните стапки, односно преку донесување на системски решенија во нормативата; пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА); донесување на Закон за Народната банка на РМ, Закон за хартии од вредност и Закон за задолжително осигурување во сообраќајот; имплементација на Законот за приватизација на градежното земјиште, имплементација на Законот за внатрешна ревизија. Основна цел на Министерството за финансии е одржување на цврсти јавни финансии и стабилна макроекономска рамка, со цел да се продолжи процесот на економски реформи и да се забрза економскиот раст. Постигнување на овие цели ќе овозможи пораст на просперитетот и подобрување на квалитетот на живеење во Република Македонија.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за финансии ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Во рамките на оваа програма се извршуваат општи активности кои ги поддржуваат другите програми во рамките на Министерството. Тука влегуваат и активностите на подрачните единици кои извршуваат административни работи. Основни цели на оваа програма се да обезбеди услови за ефикасно извршување на законските обврски на одделните програми во рамките на Министерството, како и спроведување на Законот за извршување на Буџетот во делот на локалната самоуправа, законите од областа на финансиското работење и обезбедување технички услови за непречено функционирање на регионалните трезорски канцеларии.

*Програма 2 - Макроекономска и буџетска политика.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за проектирање на макроекономските индикатори, подготовка на макроекономската политика и фискалната стратегија, публикување на месечни економски извештаи. Исто така, во оваа програма се извршуваат активностите околу утврдување на буџетска политика и подготовка на буџет, кој ќе биде одраз на владините политики за таа година, се подготвуваат и буџетите на фондовите основани со закон, како дел од Буџетот на Република Македонија, а воедно се следат и буџетите на единиците на локалната самоуправа, преку извештаите што општините ги испраќаат до Министерството за финансии. Основни цели на програмата се подготовка на одржлива макроекономска политика на среден рок и подготовка на буџет кој ќе одговори на законските обврски на Владата, а воедно ќе биде и одраз на владините политики и стратегии.

*Програма 3 - Трезорско работење.* Оваа буџетска програма ја вклучува реализацијата на основните функции на трезорското работење, односно извршувањето на Буџетот на Република Македонија, управувањето со ликвидноста, водењето на буџетското сметководство, изготвување извештаи, следење на наплатата на приходите и управувањето со долгот на државата. Во рамките на оваа програма се извршуваат и активностите околу внесување на барањата за плаќање доставени од буџетските корисници и фондовите со претходно извршена формална контрола на исправноста на истите. Исто така, се врши внесување на обрасците за пријавување на преземените обврски на буџетските корисници, како и обезбедување на прегледи за промените и состојбата на нивните сметки. Со спроведување на оваа програма се овозможува: зајакнување на контролата на користењето на јавните приходи, поефикасно управување со финансиските средства на буџетот и воспоставување на систем за поефикасно управување со долгот во Република Македонија, како и процесирање на барањата за плаќања од буџетските корисници и фондовите, во трезорската програма заради непречено извршување на буџетот и известување на буџетските корисници и фондовите за промените и состојбата на нивните сметки.

*Програма 4 - Даночна и царинска политика.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за следење на регулативата во областа на директните и индиректните даноци, царините и игрите на среќа, подготовка на закони и подзаконски акти, следење на регулативата во други држави и се вршат анализи и истражувања за реализацијата на даночните приходи.

*Програма 5 - Финансиски систем и регулатива.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите за изготвување регулатива од областа на банкарскиот систем, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, издавање на дозволи и согласности за работа на друштвата за осигурување, издавање на дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг, како и изготвување мислења, анализи и информации од областа на финансискиот систем.

*Програма 6 - Меѓународни финансии.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите за реализирање на проекти со Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка Европската банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа, билатерални аранжмани со билатерални кредитори и други мултилатерални договори.

*Програма 7 - Управа за имотно - правни работи.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите за управување со административните процедури, согласно со постојната законска регулатива во Република Македонија во областа на имотно-правните работи и активностите за спроведување на управната постапка за реализација на законите од областа на имотно - правните односи. Основна цел на Управата за имотно - правни односи е следење на реализацијата на законите од областа на имотно - правните односи.

_Програма 8 - Централна внатрешна ревизија._ Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за имплементација на Законот за внатрешна ревизија, изготвување на подзаконските акти во областа на внатрешната ревизија, развој на јавната внатрешна финансиска контрола и изготвување на правна рамка, вршење на ревизија согласно со годишниот план и вршење инспекциски надзор на постапката за спроведување на јавните набавки. Основни цели на Централната внатрешната ревизија се успешна имплементација на Законот за внатрешна ревизија и утврдување правна рамка за Меѓународна јавна финансиска контрола (ПИФЦ).

_Програма 9 - Државен девизен инспекторат._ Државниот девизен инспекторат врши непосреден инспекциски надзор на девизното работење над резиденти и нерезиденти, врши услуги за брз трансфер на пари кај резиденти и нерезиденти кои не се банки, штедилници и менувачници, даватели на услуги и суб-агенти со дозвола за работа. Основни цели на Државниот девизен инспекторат се: утврдување на правилна примена на законските прописи од областа на делокругот на работата на Државниот девизен инспекторат; преземање законски мерки по утврдени неправилности и подготовка на Законот за девизната инспекција.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **09002 Министерство за финансии - функции на државата** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **15.095.062** |

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во рамките на буџетот на овој раздел за 2005 година е предвидена една буџетска програма 2 - Функции, која ги опфаќа следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основа на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до здруженија на граѓани, хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игри на среќа, Законот за финасирање на здруженија на граѓани и фондации и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; трансферирање на средства до Фондот за патишта; плаќање на ДДВ по основа на капитални инвестиции финасирани од донации и финасирање на одлуки донесени од Владата на РМ во текот на годината.

Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се и средства за финансирање на непредвидените трошоци во текот на фискалната годината.

Основни цели на оваа програма се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на РМ, кои при планирањето на буџетот не можеле да се утврдат; навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **09003 Царинска управа на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **717.722** |

***Опис и главни функции.*** Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Своите со закон утврдени функции ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година во Управата се постигнати следниве резултати: донесен е Закон за Царинска управа ("Службен весник на Република Македонија" број 46/2004); остварни се активности во насока на борба против организираниот криминал; воведена е отворена телефонска линија 197 за пријавување на криминал и корупција на царината; преземени се мерки за заштита на границите; зајакнат е Секторот за професионална одговорност; спроведена е обука на вработените за правилно спроведување на преференцијално потекло на стоките и е подобрена интернет страницата на Царинската управа.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на Царинската управа за 2005 година се: донесување на нов Царински закон и подготовка на подзаконски акти; борба против недозволена трговија со дрога; реализација на регионален проект за заштита на границата од радиоактивни и нуклеарни материјали; информатичка поддршка на размена на документи и контрола на протокот на документи во Царинската управа. Овие приоритети се во функција на остврување на целите на институцијата за потполно и ефикасно извршување на активностите во функција на Владата и на граѓаните на Република Македонија; професионално однесување и ефикасно и одговорно управување; современо и ефикасно прибирање на приходите; ефикасна имплементација на законите од областа на царината; заштита на границите и поголема транспарентност и одговорност во извршување на задачите.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во рамките на буџетот на Царинската управа за 2005 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените функции на Царинската управа на територијата на Република Македонија. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата. Исто така, во рамките на програмата е предвидена и изградба на градежни објекти, што претставува финална фаза од реализацијата на Проектот ТТФСЕ - Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа. Овој проект кој е финансиран делумно со кредит од Светската банка, а делумно со владино буџетско учество, е предвидено да заврши заклучно со 30 јуни 2005 година.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **09004 Биро за стоковни резерви** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **1.217.631** |

***Опис и главни функции.*** Бирото за стоковни резерви е носител на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви во Република Македонија. Бирото за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред министерот за финансии.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве позначајни резултати: донесен е Законот за стоковните резерви; донесена е среднорочна Програма за формирање, обновување и користење на стоковните резерви; откупена е пченица за пополнување на стоковнте

резерви и извршена е продажба на дел од нефункционалните стоки, односно на стоки кои согласно со новиот Закон за стоковните резерви не се третираат како стратешки.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Бирото за стоковни резерви во 2005 година ќе бидат насочени кон реализација на следниве позначајни приоритети: дополнување на стоковните резерви со прехранбени производи (пченка и јачмен) до потребното ниво определено од Собранието на Република Македонија; дополнување на стоковните резерви со нафтени деривати до покриеност на потрошувачката во РМ, во согласност со директивите на Европската унија и продажба на стоки кои не се во функција на остварувањето на целите и задачите на стоковните резерви и следење на состојбите на пазарот.

(во илјади денари)

**09005 Управа за јавни приходи** **Вкупен буџет за 2005**
**743.300**

***Опис и главни функции.*** Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи. Нејзините надлежности опфаќаат: спроведување на законите и други прописи за даноците и другите јавни давачки; водење на даночни сметки за плаќање на даноците и другите јавни давачки; вршење на инспекциски надзор на спроведувањето на законите и други прописи за даноците и другите јавни давачки од страна на даночните обврзници; вршење наплата на даноците и другите јавни давачки; водење евиденција за даночните обврзници (Регистар на даночни обврзници); следење и анализирање на остварувањето на јавните давачки; следење и анализирање на примената на даночните прописи, функционирањето на даночниот систем и иницирање промени во даночниот систем; воведување и имплементирање на системот на регистрирање на готовинските плаќања; издавање уверенија, потврди и други документи врз основа на даночната евиденција; спроведување програма за перманентна едукација на даночната администрација и на даночните обврзници.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Управата презеде активности за: забрзувањето на процесот на воведување на фискална опрема за регистрирање на готовинските плаќања; фискалната децентрализација во пилот општините; реорганизација на екстерната контрола; развој и доградба на даночното книговодство и изградба и имплементација на системи за враќање, пренасочување и пребивање на даноци; развој на евиденциски и контролен систем на даноците; воспоставена евиденција на приредувачите на игри на среќа и воспоставен регистар за опремата на приредувачите со која се приредуваат игрите на среќа и обука за меѓународните сметководствени стандарди.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Управата за јавни приходи за 2005 година планира реализација на следниве приоритети: реорганизација на Управата за јавни приходи; утврдување стратегија на развој на Управата за јавни приходи во модерна и ефикасна организација во сите сегменти на нејзиното работење по матрицата за капацитетот на даночната администрација на ЕУ; развој на стратегија за информациона технологија, менаџмент информационен систем, доградба на даночно книговодство и на евиденциските системи по сите видови јавни давачки; подигање на степенот на наплата на јавните давачки; подигање на свеста на даночните обврзници за доброволно плаќање на даночните обврски, подготовка на среднорочна стратегија на развој на Управата за јавни приходи, доградба на даночно книговодство и на евиденциските системи по сите видови јавни давачки; имплементација на Проектот за регистрација на даночните обврзници; продолжување со имплементацијата на системот за регистрирање на готовински плаќања, продолжување со активностите на фискалната децентрализација во пилот општините, менаџмент информационен систем; реорганизација на постојната мрежна инфраструктура и друго.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на Управата за јавни приходи се опфатени активностите кои ја поддржуваат реализацијата на утврдување и наплата на даноците и на други видови јавни расходи во согласност со законските прописи заради финансирање на јавните расходи. Основни цели на оваа програма се: подигање на степенот на наплата на јавните давачки, имплементација на проект за регистрација на даночните обврзници, следење и анализа на наплатата на јавните давачки и подигање на свеста на даночните обврзници за доброволно плаќање на даночните обврски. Исто така, во рамките на оваа потпрограма е планиран капитален проект за реконструкција на објекти на Управата за јавни приходи, регионалните дирекции и даночните одделенија.

(во илјади денари)

**10001 Министерство за економија** **Вкупен буџет за 2005**
**574.535**

***Опис и главни функции.*** Министерството за економија ги извршува следниве работи: следење на состојбата и појавите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика; следење на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството и занаетчиството; преземање мерки против монополската положба и монополското однесување; следење на тековните материјални биланси и снабдување на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали; системот и политиката на цени на производи и услуги; подготвување програма за глобален материјален развој на човечките ресурси; индустриската сопственост; заштита на потрошувачите; малите и средните претпријатија и задругарството; следење на меѓународните стопански движења, како и нивното влијание врз економските односи на Република Македонија; надворешно-трговското работење; геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини; енергетиката; примената на општите и техничките нормативи, прописи и стандарди; метрологијата; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Министерството за економија во текот на 2004 година своите активности ги насочи кон спроведување на реформи во економското законодавство и негово приближување кон законодавството на ЕУ. Изготвени се и донесени од Собранието на Република Македонија повеќе законски проекти меѓу кои: Законот за трговските друштва, Законот за трговија, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за занаетчиството, Законот за туристичката дејност и Законот за угостителството. Со конкретни проекти за

зајакнување на инфраструктурата на квалитет, направен е напредок во примената на законите за стандардизација, акредитација и метрологија. Врз основа на одредбите на новата законска регулатива остварена е поголема ефиктивност на Државниот пазарен инспекторат.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Целите и приоритетите на Министерството за економија за 2005 година во Буџетот ќе бидат прикажани преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма вклучува активности кои ги поддржуваат другите активности во Министерството за економија.

*Програма 2 - Политика и регулатива.* Во делот на економската политика и соодветната регулатива, Министерството за економија презема активности во врска со хармонизирање на законодавството на Република Македонија со европскато законодавство, презема мерки и активности за реализација на Акциониот план за европско партнерство, зголемување на конкурентната способност на македонската индустрија, развој и зголемување на индустриското производство, активности во врска со претпријатијата кои се соочуваат со тешкотии во своето работење, ги следи состојбите на пазарот на стоки и услуги и економската и материјалната положба на внатрешната трговија, надворешно-трговското работење, натамошната либерализација на извозот и увозот, заштита на интересите на македонското стопанство во односите со СТО, склучување договори за слободна трговија и врши други работи утврдени со закон и со подзаконски акти.

*Програма 3 - Енергетика и минерални суровини.* Во рамките на програмата Енергетика и минерални суровини се изготвуваат законски и подзаконски акти и прописи кои ги регулираат дејностите енергетика и минерални суровини, или кои имаат допирни точки со нив; се иницираат, организираат и координираат активностите за изготвување на стратегии, програми, планови, проекти, анализи и други документи за развој на енергетиката и минералните суровини на среден рок; се иницираат и координираат активностите за изградба на конкретни објекти; се предлагаат мерки за ефикасното користење на енергијата, транзитот и трговијата со енергија во меѓународните институции и проекти од регионален карактер; се изготвуваат годишни и повеќегодишни енергетски биланси на Републиката и се следи нивното отстварување и се покриваат прашања за снабдувањето на потрошувачите со енергија. Во текот на 2005 година во рамките на оваа програма се планира реализација на: проект за подобрување на технологијата на производство на соларни инсталации за загревање на санитарна вода; проект за подготовка на тендерска документација за изградба на термоенергетска топлификациона постројка ТЕ-ТО "Скопје"; проект за набавка на карти за потребите за развој на систем за геолошка документација на Република Македонија, изготвување на државна програма за експлоатација на минералните суровини и реализација на годишната Програма за основни геолошки истражувања. Активностите ќе се реализираат заради унапредување и развој на енергетскиот систем и унапредување и развој на експлоатацијата на минерални суровини и на базата на податоци за минерални суровини.

*Програма 4 - Инспекциски надзор.* Преку оваа буџетска програма се обезбедува поефикасна работа на Државниот пазарен инспекторат и на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

*Програма 5 - Биро за метрологија.* Со оваа буџетска програма треба да се обезбеди вршење на работи на метролошкиот развој за потребите на нашата земја со посебен акцент за поддршка на индустриската метрологија. Цели за 2005 година се јакнење и развивање на членството на Бирото за метрологија во европските и меѓународните организации за метрологија и промовирање на можностите на лабораторискиот центар со национални еталони.

*Програма 6 - Туризам и угостителство.* Во рамките на оваа програма се извршуваат приоритетни активности за информирање на туристите на странскиот пазар и странските посетители во земјата. Програмските активности се однесуваат на печатење пропаганден материјал, организирање на презентации и саемски манифестации на странски туристички пазари и посета на странски туристички новинари. Основни цели на оваа програма се информирање на странските емитивни пазари и странските посетители во земјата за туристичката понуда на Република Македонија, подобрување на квалитетот на услугите во угостителството и туризмот преку угостителско и туристичко лиценцирање, категоризација и друго.

*Програма 7 - Институт за стандардизација.* Институтот за стандардизација е јавна установа основана врз основа на Законот за стандардизација и Одлуката на Владата на Република Македонија за основање на Институт за стандардизација на РМ. Во рамките на овој институт се извршуваат следниве активности: подготвување, усвојување издавање и повлекување на македонските стандарди; информирање од областа на македонската, регионалната и меѓународната стандардизација; промовирање на употребата на македонските национални стандарди; претставување на интересите на македонските национални стандарди во меѓународните и европските организации за стандардизација и спроведување постапка на нотифицирање во областа на стандардите, техничките прописи и процедури за оцена на сообразноста, согласно со Договорот за техничките бариери во трговијата на Светската трговска организација. Основна цел на македонската национална стандардизација е унапредување на: квалитетот на производите, постапките и услугите преку дефинирање на нивните карактеристики кои ја определуваат нивната способност да задоволат определени барања; квалитетот на животот и здравјето на луѓето, безбедноста на имотот и заштита на животната средина и природата; економичноста и рационалноста во користењето на човечките ресурси, материјалите и енергијата во процесот на производство и размената на стоки; индустриската ефикасност по пат на намалување и усогласување на разновидноста на одделни производи, процеси и услуги, како и можноста за замена на еден производ, процес или усуга со друг, при што ќе бидат исполнети истите барања и меѓународната трговија со стоки и услуги преку отстранување на пречките во трговијата.

*Програма 8 - Институт за акредитација на Република Македонија.* Институтот за акредитација на РМ е јавна непрофитна установа основана врз основа на Законот за акредитација и Одлуката на Владата на РМ. ИАРМ ги врши работите на национален акредитационен сервис од Службата за стандардизација и метрологија. Своите функции и овластувањеа ИАРМ ги врши согласно со закон, одлука, интерните акти, стандарди и прописи од областа на акредитацијата. ИАРМ врши акредитација на лаборатории, сертификациони и инспекциски тела. Основна цел на ИАРМ е развој на акредитацијата во РМ преку професионално, независно и транспарентно водење на постапката за акредитација насочено кон зголемување на довербата меѓу трговските партнери, конкуренцијата, заштитата на здравјето на луѓето, животните и растенијата, општата техничка безбедност, непречена размена на стоки и

услуги, ефективна и ефикасна хармонизација и адаптација на инфраструктурата за квалитет, минималната техничка независност на домашното стопанство и подобрување на квалитетот на животот.

(во илјади денари)

| 11002 Завод за заштита на индустриска сопственост | Вкупен буџет за 2005 45.963 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Државен завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државна управа со својство на правно лице и ги извршува следниве активности: спроведува административни постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост, објавува службено гласило, спроведува испит за застапници, ја промовира заштитата на индустриската сопственост, поведува иницијативи за ратификување на меѓународни договори и се грижи за извршување на обврските кои произлегуваат од ратификуваните договори и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Заводот го подготви Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост; подготви низа подзаконски акти (Правилник за патент; Правилник за трговска марка; Правилник за индустриски дизајн; Правилник за ознака на потекло на производ и географска ознака; Правилник за стручен испит за застапници за заштита на правата од индустриска сопственост и за регистарот на застапници; Тарифа на Државниот завод за индустриска сопственост и слично) и спроведе имплементација на софтвери за постапката за признавање на правата од индустриска сопственост.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Заводот предвидува спроведување на анализи за одредени законски измени предвидени за донесување во првата половина на 2006 година; преземање на активности за промоција на заштита на правата од индустриска сопственост и предвидува спроведување на административни постапки за заштита на правата од индустриска сопственост (решенија за признавање на правото на патент; трговска марка 1200; индустриски дизајн 120), како и унапредување на соработката со другите учесници во системот на заштита. Реализацијата на овие приоритети има за цел да обезбеди ефикасна заштита на правата од индустриска сопственост.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Заводот за заштита на индустриска сопственост за 2005 година предвидува една буџетска програма 20 - Заштита на индустриска сопственост која ги вкучува сите активности на Заводот во функција на успешна реализација на зацртаните приоритети.

(во илјади денари)

| 12101 Министерство за животна средина и просторно планирање | Вкупен буџет за 2005 332.371 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина; заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување; заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области; реставрацијата на загадените делови од животната средина; предлагањето мерки за третман на цврст отпад; просторното планирање; просторниот информативен систем; надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството ги постигна следниве резултати: подготовка на пакет од пет закони ( Закон за заштита на амбиентниот воздух, Закон за заштита на природата, Закон за управување со цврстиот отпад, Закон за водите и Закон за животната средина), од кои три се донесени од страна на Собранието на РМ; донесен е Просторен план на РМ и Законот за спроведување на просторниот план; извршена е санација на последиците од излевањето на хидројаловиштето во рудникот САСА и санирани се последиците од активирање на свлечиштето Ранина во Велес; оформена е мрежа од 15 автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух, 18 мониторинг станици за вода и изработена е Карта и катастар на загадувачи, и загадувачки супстанции на воздух за градот Скопје и слично.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година се планирани следниве приоритети: имплементација на пакетот закони за животната средина, со донесување на низа подзаконски акти; донесување на НЕАП II и Стратегија за одржлив развој; заштита на водите на ниво на сливни подрачја , низ реализација на програмата за води; постигнување на интегрална заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро; спроведување на мониторинг програмата и друго. Реализацијата на овие приоритети има за цел да придонесе за зголемување на ефикасноста во извршување на законските обврски на институцијата.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Министерстовото за 2005 година се планирани пет буџетски прорами:

*Програма 1 - Администрација*. Оваа програма ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат поддршка на извршувањето на основните функции на Министерството и ја поддржуваат имплементацијата на новите закони и подзаконски акти од бласта на животната средина, со цел обезбедување услови за ефикасно извршување на предвидените активности.

*Програма 2 - Заштита на животна средина*. Оваа програма вклучува активности базирани на стратешките програмски активности на Министерството кои произлегуваат од среднорочната Стратешка програма за работа на Владата во периодот 2003-2006, дополнета и за 2007 година, како што се: тековни програмски активности, реализација на проекти, интерсекторска соработка и имплементација на меѓународни документи ратификувани од страна на Република Македонија. Приоритетни активности и цели се: мониторинг на квалитетот на компонентите на животната средина; изготвување студии и проекти за управување со цврст одпад; елаборати за прогласување, односно управување со заштита на природното наследство и подигање на јавната свест за значењето на здравата животна средина и сочуваното природно наследство за идниот одржлив развој на Република Македонија; изготвување на законски проекти за заштита на основните компоненти на животната средина и на природата.

Исто така, во рамките на оваа програма се предвидени и активности за санирање на жешки еколошки точки, како што се: санација на комплексот на флотација -рудникот Лојане; санација во рудникот Бучим; санација на опточниот тунел Саса (втора фаза) и санација на свлечиштето Рамина (втора фаза).

*Програма 3 - Просторни планови. Активностите* во оваа програма се однесуваат на работите поврзани со просторно планирање, односно изготвување и спроведување на Просторниот план на РМ и другите просторни планови, со цел да се реализира целосна покриеност на територијата на Републиката со просторни планови.

*Програма 4 - Заштита на води.* Активностите предвидени со програмата за води се однесуваат на заштита од загадување на водите од комунални и индустриски отпадни води, заштита на реките, природните и вештачките езера и на подземните аквисфери. Со програмата се поддржуваат активностите за санација/изградба на водоводи и канализациони мрежи, изградба на колектори, препумпни станици, пречистителни станици, изградба на фабрики за производство на вода за пиење, водоснабдителни системи, санација на ерозивни подрачја во речните сливови и слично. Програмата предвидува и подготовка на соодветни подзаконски акти кои се однесуваат на заштита на водните тела и регулирање на зоните за заштита; подготовки на студии или експертизи и друго. Програмата ќе поддржува и мерки за заштита на биолошката разновидност која живее во водите, а особено на рибната фауна.

Овие активности се во насока на: подобрување на заштитата на површинските и подземните води од загадување; обезбедување здрава вода за пиење и на соодветен третман на отпадните комунални води и отпадните индустриски води; заштита на водни и на блатни екосистеми и слично. Со оваа потпрограма ќе биде опфатено и водоснабдување со хидросистемот Дојранско Езеро со цел за правилно одржување и екплоатација на системот.

*Програма 5 - Мониторинг.* Програмата за мониторинг на животната средина со лабораторија, опфаќа акивности за мониторинг на амбиентен воздух и оддржување на оформената инфраструктура; мониторинг на реките и подземните води и одржување на изградената инфраструктура и вградената опрема; мониторинг на трите природни езера заради нивна соодветна заштита, како и на природните живеалишта и биолошките заедници; собирање и трансфер на податоците од мониторингот и нивно објавување на национално и меѓународно ниво; идентификување на проблемите во животната средина со цел преземање на адекватни мерки за нивно санирање или елиминирање и друго.

Основна цел на програмата е да се обезбеди долгорочен национален мониторинг на сите медиуми во животната средина со кој ќе се интегрираат сите мониторинг мрежи и институции надлежни за нивно одржување, манипулирање, анализа на земените проби и валоризирање на добиените резултати.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **13001 Министерство за транспорт и врски** | **Вкупен буџет за 2005 2.196.046** |

***Опис и главни функции.*** Министертвото за транспорт и врски како составен дел на Владата на Република Македонија извршува активности со кои се уредуваат односите во сферата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството за транспорт и врски ги има постигнато следниве резултати: изработен е пакет-закони за децентрализацијата на власта во доменот на надлежностите на оваа институција; изградени се нови водоводи и фекални канализации во единиците на локалната самоуправа; изградена е браната Лошане-Делчево; изграден е Автопатот Неготино-Демир Капија фаза 2; реновиран е Автопатот Гевгелија-граничен премин Богородица; продолжена е реализацијата на програмата МЕАП (Акциона програма за унапредување на животната средина и општините); извршено е планираното одржување на железничките пруги во Република Македонија и започната е трансформацијата на Македонски железници.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на Министерството за транспорт и врски во оваа година се следниве: изработка на закони од областа на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и телекомуникациите; продолжување на изградбата на Автопатот Неготино-Демир Капија фаза 3; изработка на проекти за санација на активните свлечишта во Република Македонија; изградба на нови водоводи и фекални канализации во единиците на локалната самоуправа; продолжување на започнатата трансформација на Македонски железници; продолжување на реализацијата на програмата МЕАП (Акциона програма за унапредување на животната средина и општините).

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за транспорт и врски ги планира следниве програми:

*Програма 1 - Администрација. В*о рамките на оваа прпграма се извршуваат основните активности кои обезбедуваат услови за ефикасно функционирање на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

*Програма 2 - Сообраќај и комуникации,* се извршуваат активностите во областа на сообраќајот, телекомуникациите и внатрешната пловидба. Основни цели на овие активности во 2005 година се изработка на законска регулатива од областа на сообраќајот и телекомуникациите и продолжување на започнатата трансформација на Македонски железници.

*Програма 3 - Урбанизам и градежништво.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите со кои се уредуваат односите во сферата на урбанизмот и градежништво и уредувањето на просторот и градежното земјиште во сопственост на Република Македонија. Во оваа програма се опфатени и активностите за: реализација на проектот за изградба на автопат Е-75 делница Неготино-Демир Капија (фаза 3); изработка на проектот за свлечиштето Гермо; изработка на проектот за регулација на Поројска Река, санација на активни свлечишта Гермо и Ростуше; реализација на проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина-МЕАП", кој се однесува на водоснабдувањето, одводот и третманот на отпадните води во населените места Куманово, Штип и Струмица, реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Прилеп; реализација на проектот Социјална инфраструрктурна програма 3 наменет за инфраструрктурни проекти; реализација на проектот за изградба на фекална канализација во Шуто Оризари; реализирање на проектот за водоснабдување на Скопскиот регион; реализација на проектот за еколошка заштита на Преспанското Езеро (прва фаза), како и изградба на водоводи и фекални канализации во единиците на локалната самоуправа.

Основни цели за реализација на овие активности се: изработка на законска регулатива од областа на урбанизмот; изработка на просторни и урба-

нистчки планови; изработка на проект за станбената изградба; создавање на услови за поповолно и побезбедно одвивање на патниот сообраќај; санирање на активните свлечишта со цел оневозможување на лизгање на земјиштето; подобрување на водоснабдувањето на населените места (Куманово, Штип и Струмица) со здрава вода за пиење и подобрување на водоснабдувањето на Прилеп и Струга со здрава вода за пиење.

(во илјади денари)

**13002 Управа за цивилно воздушна пловидба** **Вкупен буџет за 2005 889.720**

***Опис и главни функции.*** Управата е самостоен правен субјект во рамките на Министерството за транспорт и врски, надлежен за работи поврзани со воздушниот сообраќај и ги извршува своите функции во согласност со Законот за воздушната пловидба („Службен весник на РМ" број 45/86).

***Постигнати резултати во 2004.*** Извршувајќи ги своите активности во текот на 2004 година Управата ги оствари следниве резултати: зголемено ниво на сообраќај во 2004 година, како резултат на зголеменото ниво на воздушни патишта во Републиката и во регионот; реализација на планот на давање услуги за слетување; како и целосно извршена реконструкција на полетно-слетната патека на Аеродромот во Охрид и на светлосната сигнализација.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основните приоритети на Управата за цивилна воздушна пловидба за 2005 година се: осовременување на безбедносната политика преку имплементација на ESARR (European safety regulation requirements) програмата на Eurocontrol; финализирање на процесот за раздвојување на регулаторот од провајдерот на услуги; развој на средства и методи за оптимална искористеност на расположливиот капацитет. Овие приоритети се во функција на ефикасно извршување на законските обврски преку имплементација на современи воздухопловни концепти во управувањето со воздушниот сообраќај, соодветна организациска поставеност и стручна оспособеност.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Управата за 2005 година се планирани пет буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа буџетска програма опфаќа административни активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско сервисирање за потребите на Управата; планирање и развој на Управата, како и вршење на правни работи од областа на домашното и меѓународното право за работи поврзани со Управата, со цел за обезбедување на логистичка поддршка на сите други програми за постигнување на примарната цел на УЦВП - безбедноста на сообраќајот.

*Програма 2 - Воздухопловна навигација.* Оваа буџетска програма опфаќа активности од областа на воздухопловната навигација и подразбира сервисирање на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија, како и сервисирање на услугите за слетување и осветлување. Основна цел на оваа програма е пораст на безбедноста во сообраќајот, согласно со стандардите и регулативите на меѓународните организации, чија членка е и Управата.

Исто така, оваа програма предвидува и реализација на капитален проект за изградба на објект за потрага и спасување со дополнителни објекти за оваа намена, со цел за исполнување на меѓународните пропишани безбедносни стандарди.

*Програма 3 - Метео и воздухопловни информации.* Програмата ги опфаќа активностите на институцијата во врска со метео и воздухопловните информации и нејзината дејност се однесува на давање услуги во областа на воздухопловната метеорологија за прелет и за слетување и полетување и давање услуги за публикување на сите информации кои се потребни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај, со цел собирање и презентирање на точни и навремени информации, кои придонесуваат за остварување на повисока безбедност во воздушниот сообраќај.

*Програма 4 - Воздухопловна техника* Програмата реализира активности во областа на воздухопловната техника кои се однесуваат на одржување на вкупните системи, на системот за автоматска обработка на податоци, комуникации и навигации и на системот за непрекинато напојување. Цел на оваа програма е непрекинато одржување на функционалноста на сите системи што е основен предуслов за безбедноста во авиосообраќајот.

*Програма 5 - Безбедност, воздухопловна едукација и медицина.* Оваа буџетска програма опфаќа активности (во областа на безбедноста, воздухопловна едукација и медицина), непосредно поврзани со: безбедноста во одвивањето на воздушниот сообраќај; инспекциски надзор во воздушниот сообраќај и проверка на здравствената состојба на воздухопловниот персонал. Овие програмски активности имаат за цел целосно и навремено спроведување на сите пропишани стандарди и правила што се однесуваат на почитување на меѓународната регулатива за безбедно одвивање на авиосообраќајот.

(во илјади денари)

**13003 Управа за телекомуникации** **Вкупен буџет за 2005 238.466**

***Опис и главни функции.*** Управата за телекомуникации врши активности насочени кон подобрување на ефикасноста и развојот во областа на телекомуникациите, овозможува давање на современи, ефикасни и високо квалитетни телекомуникациски услуги на граѓаните на Република Македонија на недискриминаторен принцип, ја утврдува регулативата и економската основа за прогресивно воведување на конкуренција во областа на телекомуникациите и врши усогласување на начинот на работење во областа на телекомуникациите со меѓународните стандарди.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Управата за телекомуникации ги постигна следниве резултати: подобрување на законската рамка со измена и дополнување на Законот за телекомуникациите и на другите подзаконски акти кои го регулираат работењето на Управата; изработка на нов план за нумерација за телекомуникациски мрежи во Република Македонија; направена е анализа на годишните извештаи на јавните телекомуникациски оператори за исполнување на обврските од концесиските договори; направени се измени и дополнувања на планот за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија.

***Приоритети и цели за 2005.*** Со цел за подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето, Управата за 2005 година ги утврди следниве приоритети: имплементација на нов Закон за телекомуникациите и на нов Закон за радиодифузијата; имплементација на Планот за нумерација за те-

лекомуникациските мрежи во Република Македонија и на другите подзаконски акти кои го регулираат работењето на Управата; имплементација на обврските на јавните телекомуникациски мрежи и услуги; воведување на нови телекомуникациски услуги; либерализација на пазарот на јавни телекомуникациски мрежи и услуги и слично.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** За 2005 година буџетот на Управата за телекомуникации предвидува една буџетска програма, која ги опфаќа активностите на Управата кои се во рамките на делокругот на законски утврдените надлежности на институцијата и се однесуваат на работите поврзани со: информатичка поддршка, телекомуникациски мрежи, услуги и стандарди; фиксни и мобилни радио системи, сателитиски системи и радиодифузија; контрола и мониторинг на радофреквенции; технички прегледи и испитување на телекомуникациската опрема; сметководствено и финансиско работење, правни и кадровски работи, инспекција, планирање и анализа на активностите и друго. Овие приоритети се во функција на подобрување на ефикасноста и развојот во областа на телекомуникациите.

Исто така, во рамките на оваа програма се планирани и активности за реализација на два капитални проекти за:

- Изградба на контролно-мерен центар иницирана поради стратешкото значење на постоењето на ваков објект во источниот регион на Република Македонија. Инвестирањето во изградба на ваков објект ќе придонесе за унапредување на ефикасноста во развојот на телекомуникациите во земјата; ќе обезбеди ефикасна контрола и мониторинг на радиофреквенцискиот спектар во овој регион, ќе обезбеди технички прегледи на радиостаниците и испитување на телекомуникациската опрема, како и инспекциски надзор на работењето на нелегалните радиодифузни станици и давателите на недозволени телекомуникациски услуги на територијата на Република Македонија. Исто така, овој центар е и во функција на создавање на можности за идентификација и одредување на видот на радиостаниците и видот на емисии; откривање на радиостаници кои работат без поседување на соодветна дозвола за емитирање; контрола и мерење на техничките параметри во однос на техничките норми и на отстапувањето на условите во однос на дозволата за работа на радиостаниците и решавање на пречки меѓу радиостаниците во Република Македонија и меѓу радиостаниците од Република Македонија и радиостаниците во соседните земји.

-Реконструкција на зградите на постојните контролно - мерни центри во Скопје и во Битола со цел за обезбедување на континуитет во контролата и во мониторингот на радиофреквенциите.

| | (во илјади денари) |
|---|---|
| **14001 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **2.155.300** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која врши надлежности во областа на: земјоделството, шумарството и водостопанството; користење на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства; ловот и риболовот; хидромелиоративните системи; следењето и проучувањето на состојбата со водите, одржување и подобрување на режимот на водите и врши други работи утврдени со закон. Во рамките на Министерството функционираат управите за ветеринарство, водостопанство, семе и саден материјал и заштита на растенијата, како и Државниот инспекторат за земјоделство.

***Постигнати резултати во 2004.*** Извршувајќи ги своите активности во текот на 2004 година Министерството: ја реализира Годишната програма за поддршка во земјоделството; Програмата за здравствена заштита на животните; Програмата за проширена репродукција на шумите; Програмата за заштита на растенија; ги реализира активностите за ревитализација на селата; ги реализира капиталните инвестиции во водостопанството; врши преговори за трговска либерализација со ЕУ-25 (член 22 од ССА); започна преговори за членство во ЦЕФТА и изработи стратегија за приближување на македонскиот агрокомплекс кон заедничката земјоделска политика на ЕУ.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на ова Министерство за 2005 година се: апроксимација на домашното законодавство со законодавството на Европската унија; реализација на активностите содржани во Акциониот план на РМ за спроведување на Европското партнерство за 2005 година; реализација на програмите во надлежност на Министерството; како и започнување со реализација на Акциониот план од донесената стратегија. Реализацијата на овие приоритети е со цел да се зајакне конкурентноста на интегрираните регионални пазари на Европската унија и на Југоисточна Европа и да се изградат соодветни, ефективни јавни и приватни институции; да се подобри земјоделскиот приход; да се осигура дека потрошувачите имаат пристап до безбедна, здрава храна; да се оптимизира употребата на ограничени земјишни, шумарски и водени ресурси, на еколошки одржлив начин и да се изградат прифатливи рурални заедници преку постојан рурален развој.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на Министерството за 2005 година се планирани шест буџетски програми и тоа:

_Програма 1 - Администрација._ Оваа програма вклучува активности поврзани со: реализација на основните општи административни работи; поставување, одржување и развој на интегриран систем за размена на информации и база на податоци, како и одржување и ажурирање на податоците; остварување на редовна комуникација со јавноста и давање на информации во однос на значајните активности во Министерството; реализација на активностите содржани во Акциониот план на РМ за спроведување на Европското партнерство за 2005 година, подобрување на меѓународната соработка на Министерството, изработка на закони согласно со законодавството на ЕУ и почитување на обврските преземени со членството во Светската трговска организација и друго. Сиве овие активности се во функција на ефикасно извршување на основната дејност и зајакнување на процесот на европска интеграција и координирање на странска помош.

_Програма 2 - Шумарство._ Во рамките на оваа програма се извршуваат активности од областа на шумарството кои се поврзани со обезбедување на трајност во стопанисувањето и управувањето со шумските ресурси во државна и приватна сопственост и развој на ловството во Македонија во согласност со меѓународните норми и условите на ЕУ, како и активности на Шумската полиција за чување на шумите во државна и приватна сопственост.

Целите на оваа програма се насочени кон проширена репродукција на шумите (пошумување, нега, заштита на шумите и други); унапредување и развој на ловството во Македонија; контрола и над-

зор согласно со законските прописи од областа на шумарството, ловството, заштита на растенијата, производството на семе и посадочен шумски материјал и друго.

*Програма 3 - Земјоделство.* Оваа програма реализира активности во областа на земјоделството, како и активности на инспекциски надзор и контрола, во рамките на законските овластувања, за примената на прописите во областа на земјоделството и надзор на директните корисници на средства од програмата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Активностите на програмата се во насока на зголемување на ефикасноста и профитабилноста на земјоделското производство, подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбените производи преку воведување на стандарди за квалитет и создавање услови за зголемување на приходите на населението од руралните средини преку обезбедување на алтернативни вработувања; подобрување на земјоделскиот приход преку спроведување на ефикасни програми за поддршка на земјоделското производство; изработка на национален план/стратегија за рурален развој и негова имплементација и друго.

Со оваа програма е опфатен и проектот за развој на јужните и источните рурални региони во Македонија, кој има за цел да го подобри стандардот на живеење на населението во руралните средини, преку зголемена економска активност и намалување на невработеноста на активното и работноспособното население.

*Програма 4 – Ветерина. Оваа* програма ја опфаќа дејноста на Министерството во областа на ветерината и предвидува активности за: заштита на луѓето и животните од заразни болести кај животните; обезбедување на достапност на сигурна храна од животниско потекло за луѓето; контрола на болестите кај животните; следење и откривање на присуство на резидуи во храната од животниско потекло; идентификација и регистрација на животните; формирање на центар за следење на несакани дејства од ветеринарно-медицински препарати, добра производна пракса во производството и ХАЦЦП систем во објекти за производство на добиточна храна; поддржување и надградба на информационите системи во Управата за ветеринарство и друго.

*Програма 5 - Заштита на растенија, семе и саден материјал.* Главните активности и цели на оваа програма се во функција на заштита на растенија и семе и саден материјал со што се обезбедува: заштита на растителното производство од болести и штетници, ефикасна, еко-токсиколошки исправна и економски оправдана заштита (добра земјоделска пракса), со цел да се осигура стандардно, здравствено исправно и конкуретно производство за надворешните пазари; законска основа и финансиска поддршка на сертифицирање и контрола на семенскиот и садниот материјал од странско и домашно потекло, признавање и одобрување на домашни и странски сорти; формирање на официјална станица за испитување на квалитетните својства на семенски и саден материјал и друго.

*Програма 6 - Водостопанство. Оваа* програма извршува активности од областа на водостопанството со цел наводнување и одводнување на земјоделско земјиште заради постигнување стабилно земјоделско производство и обезбедување на рационално користење и употреба на водата за наводнување, како и обезбедување на трајност во стопанисувањето и управувањето со водните ресурси во конзистентност со меѓународните норми и барања на Европската унија.

Во рамките на програмата се планира реализација на следниве капитални проекти:

-*Хидросистем - Лисиче*, претставува повеќенаменски водостопански проект за водоснабдување, наводнување и унапредување на животната околина со цел за водоснабдување на градот Велес и околните населени места, наводнување на 4.200 ха земјоделско земјиште, производство на електрична енергија и унапредување на животната средина.

-*Капитални инвестиции-Јужно Вардарска долина* - овој проект опфаќа четири потпроекти: доградба на ХМС "Негорско-Прдејско Поле", доградба на ХМС "Миравско Поле", реконструкција на ХМС "Удово I" долна зона "Брајковци-Миравци" и доградба на ХМС "Паљурци". Со реализирањето на овој проект ќе се обезбеди наводнување на површините кои досега не се наводнувале или се наводнувале делумно.

-*Капитални инвестиции-Рехабилитација и реконструирање* - овој проект е во функција на рехабилитација и подобрување на системите за наводнување во регионите на Тиквеш, Брегалница и Полог, кои беа избрани врз основа на економската оправданост и обврзување за споделување на трошоците и на поддршка на Владата на РМ со тековните институционални реформи.

-*Капитални инвестиции-Злетовица ХЦ "Злетовица"*- реализацијата на овој проект е насочен кон создавање на повеќенаменски систем кој ќе се користи за: водоснабдување на населението и индустријата во општините: Кратово, Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Карбинци и Лозово, наводнување на 3100 ха земјоделски површини во атарот на Пробиштип и Злетово, производство на електрична енергија од 56.000.000 KW/ч годишно, обезбедување на биолошки минимум на реката Злетовица и намалување на опасност од поплави. Исто така, се предвидува и изградба на патот Злетово-Брана"Кнежево", доводни цевоводи за водоснабдување и систем за наводнување на 3.100 ха експропријација.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **14002 Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството** | **Вкупен буџет за 2005** **52.909** |

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е буџетска институција одговорна за давање на стручна помош на индивидуалните земјоделски производители со цел за зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и негова поголема искористеност.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година во рамките на законски утврдените функции, Агенцијата ги постигна следниве резултати: реализирани се активностите од годишната програма за работа; реализирани се еднодневни едукативни средби со индивидуални земјоделски производители; изработени се техничко-економски пакети, информативно гласило, направена е квалитативна надградба на надграден систем за мониторинг на фарма и воспоставена е основа на мрежа од сметководствени податоци од фарма и друго.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на Агенцијата за 2005 година се: обезбедување на поквалитетна база на податоци од ИЗП, како услов за подобрување на микро и макро согледувањата во аграрот; создавање добра база за развој на комерцијализација на советодавните услуги; ovozmo-`uvawe мерливост на квалитетот и квантитетот на спроведени советодавни услуги кај ИЗП и контину-

итет на монитиринг на фарма – сметководство на фарма со вклучување во FADN (Farm Accountancy Data Network); развивање на децентрализација на регионално ниво во развојот на специфичностите кај индивидуалното земјоделско производство и слично.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во Буџетот на Агенцијата за 2005 година се предвидени пет буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација*. Оваа програма ги вклучува административните активностите и трошоците на правната служба, сметководството, АОП и другите режиски трошоци, насочени кон одржување на информацискиот систем, поддршка во развојот на секторот за земјоделство со надградба на советниците и ефикасност на специјализираните работни групи, непречено функционирање на правниот и финасискиот сектор, поддршка во реализација на медиа-планот со подобрување на односите со јавноста, со подобрување на комуникациите и траспарентноста на АПРЗ.

*Програма 2- Совети. Програмата* опфаќа активности за давање на советодавни услуги на терен кај фармерите и нивните здруженија со цел: едукација на фармери; демонстративни опити; агрохемиски анализи; изработка на анализи од базата на податоци од спроведен мониторинг на фарма и збогатување на квалитетот и квантитетот на дадените совети.

*Програма 3 - Поддршка. Оваа* програма опфаќа активности на поддршка, односно соработка меѓу Агенцијата и Министерствотото со цел за оптимизација на организацијата и групирањето на активностите за економична реализација на поставените задачи произлезени од Годишната програма за поттикнување на развојот на земјоделството.

*Програма 4 - Развој*. Основните активности на програмата за развој се во функција на развој на директната комуницкација на Агенцијата и индивидуалните земјоделски производители што дава можност за директна имплементација на научни и стручни сознанија и имлементација на владини мерки од микро план. За успешноста на оваа задача, АПРЗ постојано ги надградува своите капацитети, овозможуа постојано организационо и функционално поставување и групирање на своите активности за нивно целосно извршување. Основни цели на оваа програма се: развој и континуитет на системот за мониторинг на фарма – FADN; jaknewe на довербата меѓу советникот и земјоделецот како услов за размена и прибирање на информации, како и зголемување на бројот на институциналните корисници од услугите на Агенцијата.

*Програма 5 - Изработка на техничко - економски советодавни пакети за ИЗП*. Активностите на програмата за изработка на техничко - економски советодавни пакети за индивидуални земјоделски производители (ИЗП), вклучува изработка на техничко-економски советодавни пакети според потребите на земјоделците; поддршка за развој на советниците со јакнење на активностите на работните групи, како и развој на потсистемот кој е дел од информацискиот систем за пристап и комуникација фармер-советник.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **14003 Управа за хидрометеоролошки работи** | **Вкупен буџет за 2005 89.299** |

***Опис и главни функции.*** Управата за хидрометеоролошки работи е буџетска инситуција која извршува функции определени со Законот за вршење на хидрометеоролошките работи („Службен весник на РМ" број 19/92 и 5/2003). Во делокруг на надлежностите на оваа институција е вршење на хидролошките и метеоролошките работи кои ги опфаќаат активностите поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува и го координира извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во рамките на своите надлежности во текот на 2004 година Управата воведе нов прогностички модел за подготвување и презентирање на прогнози, анализи, извештаи и други аналитички податоци за временската состојба; го имплементира системот за заштита од градобијност во повеќе општини во Република Македонија, вклучувајќи го и системот во Пелагониската и Полошката котлина; изврши реконструкцијата на лабораторијата во Управата за потребите на Одделението за следење на квалитетот на водите, возухот и почвата и создаде правни претпоставки и услови за реализација на Проектот за осовременување на хидрометеоролошкиот систем за вештачко влијание на времето (финансиран од Компензациониот фонд Phare).

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Управата предвидува активности насочени кон: исполнување на стандардите за обработка и продукција на релевантни хидрометеоролошки податоци, анализи, извештаи и информации; следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата; интензивирање и подобрување на меѓународната соработка во областа на хидрометеоролошката дејност; стекнување со статус на самостојна управна организација, што е императив за натамошно успешно продолжување на работата на Управата, изготвување на проекти и програми за хидроеметеоролошки истражувања и работи на примена на хидрологијата и метеорологијата за потребите на стопанството и други гранки; укажување на помош во заштита од елементарни непогоди и давање известување за најава на временски непогоди и други предупредувања за развојот и наидувањето на опасни и штетни хидролошки и метеоролошки појави на субјекти од државен интерес. Се очекува реализацијата на овие приоритети да придонесе кон зголемување на ефикасноста на Управата во извршување на законски определените функции.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Управата за хидрометеоролошки работи за 2005 година предвидува четири програми и тоа:

*Програма 1 -Администрација. В*о рамките на оваа програма се планирани активности поврзани со нормативно-правни и општи работи, финансиски работи и автоматска обработка на податоците, чија цел е поддршка во управувањето со и работењето на Управата за поуспешно реализирање на законски утврдените функции.

*Програма 2 - Хидрологија и контрола на квалитетот на животната средина.* Оваа програма опфаќа активности кои се однесуваат на: воспоставување, изградба и одржување на мрежа на хидролошки станици и станици за следење на загаденоста на водите и воздухот; хидролошки набљудувања и мерења на површинските и подземните води и на карактеристиките на квалитетот на воздухот, врнежите и почвата; воспоставување, изградба и функ-

ционирање на хидролошкиот телекомуникационен систем за собирање, размена и распределба на забележаните податоци и обработените информации; анализирање на хидролошката состојба, издавање прогнози и извештаи за водостоите на реките, езерата, вештачките акумулации, подземните води и слично и давање извештаи и прогнози за квалитет на воздухот, водите и почвата од значење за заштита на животната средина.

Реализацијата на овие приоритети има за цел да обезбеди: податоци кои ќе се користат како основа за изработка, спроведување и развој на комплексни програми за водните ресурси, за степенот и трендот на загаденоста, како и за изготвување информации, елаборати и студии за промената на водите и развојот на квалитетот на водите; валидни и егзактни информации во случај на вонредни хидролошки состојби и во случај на вонредни состојби на загадување и слично.

*Програма 3 - Метеорологија и синоптика.* Оваа буџетска програма опфаќа активности кои се однесуваат на: воспоставување, изградба и одржување на мрежа на метеоролошки станици; метеоролошки набљудувања и мерења за потребите на временската прогноза, на климатологијата, агрометеорологијата и специјални метеоролошки набљудувања во мрежата на метеоролошките станици и основна обработка на забележаните податоци; радиосондажни мерења; воспоставување, изградба и функционирање на метеоролошкиот телекомуникационен систем за собирање, размена и распределба на забележаните податоци и обработените информации и слично. Спроведувањето на овие активности има за цел одржување на базата на климатските податоци; осовременувње на програмскиот пакет за статистичка обработка на климатските податоци; автоматизација на метеоролошкиот набљудувачки систем; усогласување на метеоролшките информации со правилата и прописите пропишани од страна на Светската метеоролошка организација и со другите национални метеоролошки центри во Европа и друго.

*Програма 4 -Радарски мониторинг на времето и одбрана од град.* Оваа програма опфаќа активности: за перманентно радарско набљудување на времето и рано предупредување за катастрофални временски непогоди; оперативно спроведување на одбрана од град на земјоделските површини во Република Македонија преку главните и помошните радарски противградни центри; истражување на физичките основи на модификацијата на времето и климата и развој на методи за оперативно спроведување на заштита од град. Овие активности имаат за цел заштита на обработливата земјоделска површина од градоносни облаци; навремено известување за опасни временски непогоди; модернизирање и умрежување на радарскиот систем на Ѓуриште; вклучување во Европска мрежа на радарски системи за мониторинг на времето и слично.

(во илјади денари)

| **15001 Министерство за труд и социјална политика** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **250.919** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за труд и социјална политика е буџетска институција која ги врши работите од областа на вработувањето и професионалната обука, развој на политиките на плати, социјална заштита и детска заштита, заштита на невработените лица и системот на пензиско - инвалидско осигурување; утврдува стратегии и политики на развој и подготвува законски и подзаконски акти во оваа област.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството ги постигна следниве резултати: извршена е измена и дополнување на законски и подзаконски акти од областа на работните односи, социјалната и детска заштита во насока на системско подобрување на политиките од овие области и нивно приспособување кон европските стандарди; институционално зајакнување на грижата за социјално исклучени лица; зголемен инспекциски надзор на примената на законите од областа на работното законодавство и заштита при работа; поголема контрола врз користењето на средствата за остварување на правата од социјална заштита и нивно насочување кон најзагрозените категории на населението и ја донесе Националната стратегија за Ромите.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основна цел на Министерството за труд и социјална политика во 2005 година е обезбедување на одржлив систем на социјална заштита во насока на намалување на сиромаштијата и отпочнување на реформата на пензискиот систем. За таа цел Министерството ги утврди следниве приоритети: заштита на најсиромашните групи на населението со највисок ризик во општеството, намалување на сиромаштијата и превентиви од социјални исклучувања; зголемување на вработеноста, превенција од долгорочна невработеност и заштита на невработените, со цел подигање на животниот стандард на населението; развој и реформа на системот на социјална заштита и пензиско - инвалидско осигурување; успешно отпочнување на пензиската реформа и зголемување на ефикасноста и успешноста во функционирањето на Министерството и органите во состав.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Министерството за 2005 година е планирана една буџетска програма *1 - Администрација,* која ги опфаќа општите административни активности кои се во функција на остварување на законски утврдените надлежности; креирање на политики и стратегиите на развој и предлагање на системски решенија; обезбедување на услови за ефикасна реализација на политиките и реформите во областа на социјалната заштита, вработувањето и платите; измени и дополнување на законските и подзаконските акти и приспособување кон европските стандарди, институционално зајакнување на грижата за социјални случаи, поголем инспекциски надзор на примената на прописите од работно законодавство и контрола врз користењето на социјалните надоместоци.

Исто така, во рамките на оваа програма Министерството ќе реализира и капитален проект за реконструкција на деловните згради во состав на ова Министерство и подрачните единици, со цел за подобрување на условите за работа и поуспешно извршување на дејноста во органите во состав на Министерството и во подрачните единици.

(во илјади денари)

| **15010 Општествена заштита на деца** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **1.653.448** |

***Опис и главни функции.*** Основните функции на дејноста Општествена заштита на деца се во насока на остварувањето на соодветна заштита на деца, чие финансирање и системско уредување е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

***Постигнати резултати во 2004.*** Реализираните активности во текот на 2004 година придонесоа за постигнување на следниве резултати: извршена е

измена и дополнување на законот и на подзаконски акти од областа на детската заштита во насока на системско подобрување на политиките од овие области; децентрализација на јавните установи на деца-детски градинки и трансформација (приватизација) на детските одморалишта и е извршено институционално зајакнување на грижата и воспитанието на децата и одморот и рекреацијата.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основната цел на дејноста за заштита на децата во текот на 2005 година е обезбедување на услови за оптимален опфат на деца преку целосно и рационално искористување на кадровските, просторните и други ресурси, како и развој на нови програми за дејноста со различно траење и чинење. Поради тоа, за тековната година се утврдени следниве приоритети: спроведување на законските одредби во насока на децентрализација на јавните установи - детски градинки со почитување на утврдена динамика и рокови, како и реализација на процесот на дивестирање - одвојување на несуштенските функции, како можност за приватизација на детските одморалишта; обезбедување на средства за финансирање на дејноста згрижување и воспитание на деца во јавните установи за деца и навремена исплата на надоместоците по оваа основа.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во рамките на буџетот за општествена заштита на деца за 2005 година предвидени се две буџетски програми:

*Програма 2* - *Општествена заштита на деца*. Оваа програма ја опфаќа дејноста на детските градинки и детските одморалишта за згрижување и воспитание на деца и рекреација на децата како дејности од јавен интерес. Активностите во рамките на програмата се организирани во јавните установи за деца-детски градинки и детските одморалишта и мрежата на овие установи се состои од 51 детска градинка и пет детски одморалишта, наменски градени и опремени со потребни хигиенски и технички услови. Развојот на дејноста заштита на деца и одмор и рекреација се обезбедува врз основа на програма за развој, а средствата за работа се обезбедуваат врз основа на годишна програма за работа, во која се содржани видот, содржината, квалитетот и цената на услугата. Основните цели на овие активности се обезбедување на услови за згрижување и одмор и рекреација на децата, како и одржување на објектите на јавните установи за деца согласно со утврдените технички стандарди.

Во рамките на оваа програма е предвидено и финансирање на капитален проект за реконструкција и опремување на детски градинки (изградба на коси покриви, изведба на канализациони мрежи, парно греење и друго), со цел за подобрување на условите за згрижување и воспитание на децата и поголем опфат на децата од предшколска возраст.

*Програма 3 - Надоместоци по основа на детска заштита.* Оваа програма ги опфаќа надоместоците по основа на детска заштита, односно правата по основа на детска заштита кои се обезбедуваат согласно со Законот за заштита на деца и тоа: детски додаток, кој се остварува во зависност од возраста на детето; посебен додаток за деца со специфични потреби кои имаат пречки во интелектуалниот или телесниот развој до 26 годишна возраст и помош за новороденче, како паричен надоместок за прво новородено дете. Основни цели на оваа програма се редовно и навремено остварување на правата за заштита на децата; подобрување на таргетирањето на корисниците на детски додатоци и довршување на трансфер на правата кои ќе се остваруваат преку службите за заштита на деца во центрите за социјална работа, како првостепени органи.

(во илјади денари)

**15020 Социјална заштита** **Вкупен буџет за 2005 16.600.551**

***Опис и главни функции.*** Главните функции на дејноста за социјална заштита се во врска со остварувањето на социјалната заштита, финансирањето на социјалните надоместоци. Системското уредување на дејноста е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати во рамките на дејноста: извршена е измена и дополнување на Законот за социјалната заштита и на подзаконските акти од оваа област со цел за системско подобрување на политиките во оваа област и децентрализација на старечките домови и подобрено е администрирањето и таргетирањето на социјалните надоместоци кон оние лица на кои овие надоместоци им се реално потребни.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни цели во областа на социјалната заштита за 2005 година се: обезбедување на одржлив систем на социјална заштита и подобрување на статусот на социјално загрозеното население преку нивно активно ангажирање на пазарот на трудот. Поради ова, за тековната 2005 година е планирано спроведување на законските одредби во насока на децентрализација на старечките домови во рамките на утврдените рокови и обезбедување на средства за финансирање на дејноста и навремено исплатување на правата на корисниците на социјални надоместоци.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот за 2005 година се планирани две буџетски програми во областа на социјалната заштита:

*Програма 2*- *Социјална заштита*. Оваа програма ја опфаќа функцијата на сите јавни установи за социјална заштита-центри за социјална работа и установи за социјална заштита, кои вршат згрижување на лица со социјален ризик. Активностите на оваа програма имаат за цел да обезбедат услови за згрижување на лицата со социјален ризик и одржување на објектите на јавните установи за социјална заштита согласно со утврдените стандарди.

Во рамките на овие активности е и реализација на програмата за **социјална заштита на загрозеното население,** која ги опфаќа паричните примања (кои произлегуваат од Законот за социјалната заштита, согласно со Програмата за развој на социјална заштита за 2005 година, како и соодветните подзаконските акти) и тоа: социјална *парична помош:* надоместок кој го користат лица способни за работа, но социјално необезбедени, чии вкупни примања претставуваат 65% од релативната линија на сиромаштија. Во 2005 година се очекува ова право да го користат 66.000 домаќинства поради процесот на трансформација и структурните реформи; постојана *парична помош:* надоместок кој го користат лица неспособни за работа и социјално необезбедени; помош *и нега од друго лице:* надоместок кој го користи лице кое не е способно за извршување на основните животни потреби. Во 2005 бројот на корисниците на ова право ќе изнесува околу 20.000 корисници, поради стареење на населението и пораст на ризичните групи на населението; еднократна *парична помош:* која се доделува на лица или семејства кои се нашле во положба на социјален ризик (преку 2500 лица и домаќинства); скратено *работно време* (просечно 46 лица); корисници *на здравствена заштита:* (5.500 лица) и надомест *за семејсва чиј единствен хранител е на отслужување во АРМ* (65 корисници-семејства). Во текот на 2005 година активностите ќе бидат во функција на навремена исплата на правата

на социјални надоместоци; подобрување на таргетирањето на социјалните надоместоци; преземање на активности за работно ангажирање на корисниците на социјални надоместоци и нивно вклучување во јавни работи.

Исто така, во оваа програма се опфатени и активностите за :

-**Заштита на цивилни и воени инвалиди што подразбира исплата на** надоместоците за цивилна инвалиднина и паричен надоместок за помош и нега по основа на цивилна инвалиднина, согласно со Законот за цивилни инвалиди од војната, како и инвалиднините и другите надоместоци на воените инвалиди и членовите на нивните семејства и матерјалното обезбедување на учесниците во НОБ. Основните цели на овие активности се редовно и навремено остварување на правата по основа на надоместок на цивилните и воените инвалиди и обезбедување на здравствена заштита, ортопедски помагала, банско и климатско лекување и други права на овие корисници.

-**Згрижување на стари лица-** подразбира активности за згрижувањето на стари лица во четири старечки домови (Прилеп, Куманово, Битола и Скопје) и обезбедување на соодветни услови за згрижување на старите лица и пренесување на овие надлежностите на локално ниво со почитување на утврдена динамика и рокови.

**-Згрижување со вонинституционална и институционална заштита.** Оваа програма ги опфаќа функциите на установите поврзани со згрижување на децата без родители и родителска грижа, децата и младинците со воспитно-социјални проблеми и асоцијално однесување за кое е изречена мерка засилен надзор од институцијата, згрижување на лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој, дневното и привременото згрижување и на лицата во социјален ризик (жртви на семејно насилство, деца на улица-улични деца, деца со попреченост во развојот, бездомници, лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и други лица). Во 2004 година отворени се два дневни центра за деца со попреченост, два центра за зависници, еден центар за деца на улица и четири центра за жртви на семејно насилство. Во 2005 година се планира отворање на 15 нови центра од сите овие категории на граѓани и за бездомни лица.

-**Згрижување на азиланти и внатрешно раселени лица** - овие активности произлегуваат од Законот за азил и привремена заштита, според кој се згрижуваат азиланти во прифатен центар (кој е во фаза на градба и истиот ќе биде ставен во функција во мај 2005) и исплата на парична помош и здравствена заштита на признатите бегалци во периодот на очекување на правото на азил. Основни цели на оваа потпрограма се згрижување на бегалците со стекнато право на азил, како и сигурно враќање на внатрешно раселените лица во своите домови.

Во рамките на програмата ќе се врши реконструкција на социјалните установи и социјалните центри со цел за создавање на подобри услови за функционирање на дејноста, како и подобрување на условите за згрижување на лицата со посебни пречки во социјалните установи.

*Програма 3-Поддршка на социјални фондови.* Во рамките на оваа програма се обезбедуваат средства за покривање на дефицитот и редовните законски обврски (вклучително и ретроактивната исплата на пензиите) на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и покривање на дефицитот (вклучително и обврските согласно со програмата за 25 загубари) на Агенцијата за вработување. Основни цели на оваа потпрограма е обезбедување на услови за навремена исплата на пензиите и надоместокот за невработеност.

(во илјади денари)

**16001 Министерство за образование и наука** — **Вкупен буџет за 2005: 12.965.124**

***Опис и главни функции.*** Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени; организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката; воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство; верификацијата на струките и профилите во образованието; ученичкиот и студентскиот стандард; технолошкиот развој, информатиката и техничката култура; информациониот систем; меѓународната научно-техничка соработка; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Позначајни резултати кои Министерството за образование и наука ги има остварено во 2004 година се унапредување на наставно-научниот процес и подобрување на инфраструктурата на образовните објекти.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Министерството за образование и наука во текот на оваа година ќе бидат насочени кон успешно спроведување на модернизација на образовниот процес во насока на примена на европските стандарди во дејноста на образованието и науката и изменување и дополнувања на наставно-научните планови и програми, со цел за квалитативно подобрување на воспитно-образовниот процес.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за образование и наука ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма претставува административна и логистичка поддршка на активностите во одделните дејности на образованието и науката. Основна цел е обезбедување услови за успешно извршување на дејностите од образованието и науката, согласно со постојните закони и подзаконски прописи.

*Програма 2 - Основно образование.* Основното образование се остварува согласно со Законот за основното образование и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот и ја опфаќа дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Се остварува во основните училишта и го опфаќа образованието на деца до 15 години, деца со посебни потреби и дополнително образование за возрасни. Во 2005 година, со цел за создавање на подобра инфраструктура за реализација на дејноста основно образование, во рамките на оваа програма ќе се реализираат проекти за изградба на нови училишни објекти согласно со Програмата за инвестиции во основното образование и проекти за реконструкција на постојните училишни објекти во кои се остварува образовниот процес. Основни цели на оваа програма се обезбедување на квалитетно и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес и реализација на предвидените реформи во оваа дејност.

*Програма 3 - Средно образование.* Активностите на оваа програма се реализираат согласно со Законот за средното образование со кој се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието. Дејноста се остварува преку планови и програми за средно образование и се остварува во јавни, приватни и државни средни училишта. Во 2005 година, со цел за созда-

вање на подобра инфраструктура за реализација на дејноста средно образование, ќе се реализира проект за изградба, опремување и пуштање во употреба на училишни објекти и проект за реконструкција на постојните училишни згради. Основни цели на оваа програма се реализација на започнатите реформи во гимназиското и стручното образование и спроведување на Програмата за државна матура во средните училишта и институционално зајакнување преку донесување на нови законски и подзаконски акти;

*Програма 4 - Високо образование.* Оваа програма ги опфаќа активностите со кои согласно со Законот за високото образование се уредуваат условите и постапката за основање, финансирање и престанок на високо-образовните установи и се утврдуваат условите за организација, управување, развој и за вршење на високо-образовна дејност. Во текот на 2005 година се планирани активности за изградба на нови објекти, како и активности за доградба и реконструкција на постојни високо-образовни објекти. Основните цели на оваа буџетска програма се донесување на подзаконските акти согласно со Законот за високото образование, а во врска со мерките и критериумите за финансирање на дејноста високо образование и унапредување на дејноста во насока на усогласување со меѓународните стандарди.

*Програма 5 - Ученички стандард.* Ученичкиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за образование на учениците. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, здравствена заштита, учебници, превоз, стипендии за талентирани ученици, како и задоволување на работните, културните, воспитно - образовните, информативните, спортско - рекреативните и другите заеднички потреби на учениците. Со цел за обезбедување на подобри услови за сместување и исхрана на учениците кои се сместени во ученичките домови, во текот на 2005 година се планирани активности за реализација на проект за реконструкција на ученички домови. Цел на оваа програма е унапредување и подобрување на ученичкиот стандард.

*Програма 6 - Студентски стандард.* Студентскиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за образование на студентите. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, здравствена заштита, учебници, превоз, стипендии и кредити, како и задоволување на работните, културните, воспитно - образовните, информативните, спортско - рекреативните и другите заеднички потреби на студентите. Со цел за обезбедување на подобри услови за сместување и исхрана на студентите кои се сместени во студентските домови, во текот на 2005 година се планира проект за реконструкција на студентските домови. Основна цел на оваа програма е унапредување и подобрување на студентскиот стандард.

*Програма 7 - Наука.* Програмата Наука претставува административна и логистичка поддршка на активностите во научно - истражувачката дејност и се остварува во согласност со Законот за научно - истражувачката дејност, Законот за поттикнување и помагање на техничката култура, Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој и подзаконските акти - Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за реализација на годишните програми за работа и развој на јавните научни установи и Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за реализација на научно - истражувачката дејност во Република Македонија. Таа ги опфаќа активностите во врска со: системот, начелата, јавниот интерес, облиците на организирањето и управувањето во научно - истражувачката дејност, начините на поттикнувањето и помагањето на развојот на научно - истражувачката дејност, научно - истражувачките кадри и други прашања од интерес за научно - истражувачката дејност. Научно - истражувачката дејност опфаќа научни истражувања, оспособување и усовршување на кадри за научно - истражувачката работа и научно - истражувачката инфраструктура. Основни цели на оваа програма се: развој и зголемување на конкурентноста и ефикасноста во научно - истражувачката дејност во функција на активирање на постојните и стимулирање на нови производни процеси и програми, заради создавање услови за подобрување на економската состојба во државата и мотивирање на создавање на научно - истражувачкиот кадар преку изнаоѓање на дополнителни извори за финансирање на стипендиите за студентите на постдипломските студии.

*Програма 8 - Научни институти.* Оваа програма ги опфаќа активностите на научните инстиути кои својата дејност ја извршуваат согласно со Законот за научно - истражувачката дејност. Научните институти се занимаваат со научно истражување кое претставува систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредување на науката. Заради подобрување на научно - истражувачката инфраструктура во функција на остварување на научните истражувања од јавен интерес, во 2005 година се планирани активности за реконструкција на постојните објекти на научните институти. Цел на оваа програма е развој на научно - истражувачката дејност од јавен интерес.

(во илјади денари)

| 16002 Биро за развој на образованието | Вкупен буџет за 2005 |
|---|---|
| | 103.628 |

***Опис и главни функции.*** Бирото за развој на образованието врши стручна дејност која се состои во: изготвување на концепции за промени на предучилишното, основното и средното образование и воспитание во Република Македонија, изработка на наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност на установите за предучилишното, основното и средното образование и воспитание, ученичките домови, стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно - воспитниот кадар на овие установи, следење и вреднување на резултатите од воспитно - образовната работа на училиштата, проучување и истражување на одделни воспитно-образовни проблеми, подготовка и издавање на дидактичко-методска и друга педагошка прирачна литература за наставниот кадар, стручен надзор во воспитно-образовните институции, како и други стручно-научни задачи поврзани со унапредувањето на воспитно-образовната дејност.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година е постигнато унапредување на воспитно-образовниот процес и усогласување со светските тенденции во оваа дејност.

***Приоритети и цели за 2005.*** Цел на Бирото за развој на образованието за 2005 година е подобрување на квалитетот на образовниот процес преку подобрување на наставно - научните програми и стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно - воспитниот кадар.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Бирото за развој на образованието ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација,* претставува административна и логистичка поддршка на активностите во надлежност на Бирото за развој на образованието.

*Програма 2 - Развој и подготовка на наставни програми.* Во рамките на оваа програма се реализира стручна и педагошка работа за изготвување на испитни програми за матурските испити во гимназиското и во средното стручно образование, изработка на анализата за наставните планови и програми од прво до осмо одделение и издавањето на дидактичко - методска литература која е неопходна за примена на иновациите во наставата во предучилишното, основното и средното образование и воспитание. Овие активности имаат за цел осовременување на образовниот процес преку иновирање на наставните планови и програми и стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно - воспитниот кадар.

(во илјади денари)

| **16101 Агенција за млади и спорт** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **190.269** |

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за млади и спорт е буџетска институција која ги извршува следниве активности: ги следи спортските и спортско - рекреативните активности во областа на спортот, развојот на масовниот и врвниот спорт во државата; води грижа за статусот на младите; ги помага различните облици на организирање на младите; врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави.

***Постигнати резултати во 2004.*** Агенцијата за млади и спорт во текот на 2004 година ги има постигнато следниве резултати: реализација на националниот систем на натпревари во 1, 2 и 3 степен на натпреварување; реализација на меѓународните програми на националните спортски федерации со учество на регионални, европски и светски првенства; остварено учество на Летните олимписки игри во Атина и Параолимписките игри во Атина; одржани се традиционалните меѓународни натпревари во Република Македонија; завршен е процесот на креирање на Националната стратегија за млади на Република Македонија и нејзино усвојување од страна на Собранието на Република Македонија и друго.

***Приоритети и цели за 2005.*** Агенцијата за млади и спорт во 2005 година ги планира следниве приоритетни активности: реализација на националниот систем на натпревари во 1, 2 и 3 степен на натпреварување; реализација на меѓународната програма на националните спортски федерации; успешно поставување на основи за организирање на масовните спортски и спортско-рекреативни активности на локалната самоуправа; имплементација на сегменти од Националната стратегија за млади на Република Македонија, утврдени во Акциониот план како приоритети за 2005 година; усвојување на закон за волонтерска работа и реализација на програмите за промоција на здрави животни стилови и интегрирање на младите со посебни потреби во општествениот живот.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Агенцијата за млади и спорт ги планира следниве програми:

*Програма 2 - Спорт.* Оваа програма со своите активности партиципира во реализацијата на програмите и активности на националните спортски федерации и на дел од спортските здруженија кои оствариле право да настапуваат во националниот систем на натпревари. Спроведувањето на овие активности е во насока на реализација на следниве позначајни цели: поддршка на националните спортски федерации; поддршка на општински спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје; партиципација во реализација на националниот систем на натпревари во националните спортски федерации, за сите возрасни категории: деца, млади и сениори, во машка и женска конкуренција; поддршка на програмите на националните спортски федерации за организирање на натпреварите во I и II степен на натпревари; поддршка во обезбедување на услови за тренинг и натпревари на спортистите од Република Македонија; и поддршка на стручните лица вклучени во реализација на тренажниот процес и натпреварите (тренери, лекари, физиотерапевти, судии и друго).

*Програма 3 - Млади.* Во рамките на оваа програма се реализираат активности за зголемување на грижата за психофизичкиот развој на младите, нивната заштита од болести на зависност, како и развој на механизмите преку кои таквата грижа може да се реализира, како и реализација на проекти за промоција на здрави животни стилови и интегрирање на младите со посебни потреби во општествениот живот, афирмација на младинска политика и развој на младите.

*Програма 4 - Меѓународни активности за спорт и млади.* Оваа програма ги поддржува меѓународните активности за спорт и млади, главно преку организирање на меѓународни натпревари и традиционални меѓународни натпревари во Република Македонија, стипендирање на врвните спортисти согласно со закон и со Правилникот за категоризација на спортистите од Република Македонија.

(во илјади денари)

| **18001 Министерство за култура** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **242.350** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за култура извршува активности од областа на: литературата и издавачката дејност; филмската и драмската дејност; музичката, музичко-сценската дејност и дејности на домовите на културата; визуелната и ликовната уметност; архитектурата и галериската дејност; библиотечната дејност; музејската и кинотечната дејност; недвижното културно наследство и врши други активности во согласност со постојната регулатива во Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Министерството за култура во текот на 2004 година ги има постигнато следниве резултати: донесена е Националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година; изготвени се Законот за музеите, Законот за библиотеките и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја и извршени се подготвителни активности за реализација на процесот на децентрализација.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Министерството за култура во 2005 година ќе бидат главно насочени кон реализација на активности за: интегрирање на ЕУ-ВЕБ портал за остварување и заштита на авторското право и сродните права со цел да се зајакне борбата против организираниот криминал и корупцијата и кон динамизирање на стопанскиот развој; изготвување физибилити сту-

дија за оштетените културно-историски споменици за време на конфликтот во 2001 година и реализација на Националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Министерството за култура ги поддржува следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма опфаќа реализација на општи активности од областа на културата. Воедно, во рамките на оваа програма е опфатен и проектот за реконструкција на спомениците на културата кој предвидува реализација на нови два циклуса за асоцијативните и грантови за заедниците во петнаесетте општини; реализација на под-проекти (грантови) од приоритетната листа на Министерството за култура - втор циклус; како и финализација на компјутерска база на податоци за културното наследство. Цели на овие активности се ефикасно извршување на активностите од областа на културата, искористување на културното наследство, реактивирање на старите занаети и развој на културниот туризам, со што ќе се зголеми социо-економскиот развој и ќе се намали сиромаштијата на општините во Република Македонија. Во рамки на оваа програма се планира доизградба на Меморијалниот центар АСНОМ во с. Пелинце, Куманово.

Програма 2 - Управа за заштита на културното наследство. Управата за заштита на културното наследство е надлежна за вршење на управните и одредени стручни и други работи од областа на заштитата на културното наследство. Основни цели на оваа програма се: воспоставување на централна евиденција, посебни национални инвентари, национален регистар и информативен систем за културното наследство на Република Македонија, ревалоризација на постојни споменици на културата и нивно прогласување; превенција од противправни дејствија во врска со културното наследство; вршење на инспекциски надзор; развивање на протекторската свест и ширење на познавањето на националните и меѓународните прописи за заштита на културното наследство и воспоставување меѓународна соработка и реализација на одобрени апликации и програми (УНЕСКО, Совет на Европа и друго).

(во илјади денари)

| **18010 Финансирање на дејности од областа на културата** | **Вкупен буџет за 2005**<br>**2.420.702** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Финансирање на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во библиотечната дејност, филмската дејност, сценско-уметничката дејност, заштитата на спомениците на културата, ликовната и музејската дејност и културно-уметничките манифестации.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се реализирани започнатите инвестициони зафати од 2003 година, како што се: реконструкција на покривот на Домот на културата од Битола, реконструкција и доградба на објектот на Ансамблот "Танец", делумна реконструкција на Националната галерија со кинотечна дејност, довршување на санацијата на покривот на Македонскиот народен театар, реконструкција и адаптација на хорско-оркестарската сала во Македонскиот народен театар, реконструкција и адаптација на фризерскиот салон и гардеробите во Драмскиот театар.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите во 2005 година главно ќе бидат насочени кон реализација на повеќе капитални приоритетни проекти: довршување на Националната галерија со кинотечна дејност (Унескова куќа); реконструкција и адаптација на значително руинираните објекти на установите и набавка на нова информатичка, видео и друга опрема, што е во функција на осовременување на процесот на работењето на установите. Основна цел за реализација на овие активности е создавање на подобри услови за непречено работење на установите.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Активностите на буџетскиот корисник Финансирање на дејностите од областа на културата, ќе се реализираат преку следниве програми:

Програма 1 - Издавачка дејност. Издавачката дејност согласно со Законот за културата е издавање публикации со уметничка, научна и образовна содржина во книжен и електронски облик во доволен број примероци што се умножуваат со печатење, пресликување, копирање или на друг начин, доколку се наменети за јавноста. Преку програмата за издавачка дејност се финансираат програми на национални установи и проекти од национален интерес. Цели на оваа програма се: поддршка и поттикнување на книжевното творештво со високи вредности од македонски автори на македонски јазик и на јазиците на заедниците, преводна литература, финансирање на дела од исклучителна културна вредност (монографии, хрестоматии и речници), истражувачки проекти, електронско издаваштво, стимулирање на млади автори и поддршка на списанијата од областа на уметноста и литературата.

Програма 2 - Библиотекарство. Со оваа програма се поддржува програмата на националните установи за библиотечна дејност, која се изразува преку проекти за вршење на одделни работи во дејноста на установата. Исто така, преку оваа програма се обезбедуваат услови за користење и за научно и стручно проучување на библиотечниот фонд, се издаваат стручни публикации и друг информативен материјал, се заштитува националната книжна продукција и публикации и тоа на: задолжителниот примерок, старите ракописи, старопечатени и ретки книги и репрографија на библиотечниот материјал.

Програма 3 - Филмска дејност. Филмската дејност согласно со Законот за културата е дејност за продукција на аудиовизуелно дело, уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи. Во Република Македонија единствена установа од оваа област (филмски продуцент) е Вардар филм, кој според моделите на европските филмски центри се трансформира во Филмски центар на Македонија. Активностите кои се извршуваат во рамките на оваа програма имаат за цел да обезбедат континуитет во продукција на најмалку два играни филма годишно, неколку документирани, кратки и анимирани филмови, како и континуитет во обезбедувањето поддршка на копродукциски проекти, кратка и документарна продукција на млади автори и дебитанти, презентација на македонската продукција на фестивали од висока категорија и развој на квалитетни филмски проекти.

Програма 4 - Музичка и сценско-уметничка дејност. Музичка и сценско уметничка дејност според Законот за културата претставува подготвување и јавно изведување на музички, драмски, оперски, балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, народни песни и игри и дела од фолклорот, како и дејности на домо-

вите на култура и центрите за културата. Со оглед на тоа што со оваа програма се поддржуваат различни проекти, македонски праизведби, изведби или реализација на трајни записи и на значајни дела од симфониската, камерната, оперската, балетската или ораториумската литература, симфониски концерти, театарски претстави, хорски ансамбли и мандолински оркестри, танцови и играорни групи, негување на македонскиот фолкор и друго, основна цел е да се создадат услови за стимулирање на афирмацијата на ова творештво. Во рамките на оваа програма во 2005 година ќе се извршуваат активности врзани со изградба на нови објекти на Македонската филхармонија, Турската драма, Театарот во Скопје (Нов театар идентичен на стариот театар), Велешкиот театар, како и активности врзани со реконструкција и санација на покриви на веќе постојните објекти.

*Програма 5 - Заштита на културното наследство.* Во рамките на оваа програма се спроведуваат активностите за заштитата на недвижното културно наследство, се вршат конзерваторски истражувања и се изработуваат конзерваторски проекти, изработка на елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижните добра и друго, согласно со Законот за заштита на културното наследство. Во рамките на оваа програма во 2005 година се планираат активности за реконструкција на објекти, санација на покриви, молерофарбарски работи и замена на дотраени инсталации. Цели на оваа програма се заштитата на недвижното културно наследство, обезбедување на услови за натамошно истражување, конзервација, презентација и чување на недвижните добра.

*Програма 6 - Ликовна и галериска дејност.* Галериската дејност, во смисла на Законот за културата, е организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност, оригинали на книжевни или музички дела, други уметнички предмети, фотографски дела и дела создадени во постапка слична на фотографската. Оваа програма ги поддржува активностите за реализација на програмата на националните установи и проектите од национален интерес на уметници, самостојни уметници, општински-градски и приватни установи, други правни и физички лица. Основни цели на оваа програма се: поддршка и создавање услови за презентација на врвни дострели од ликовното творештво, без оглед на тоа дали носителот на проектот е установа, здружение, асоцијација или поединец, поддршка на проекти кои имаат поголемо влијание врз развојот на современата македонска ликовна уметност, презентација на ретроспективно-монографски и јубилејни изложби, поддршка на млади автори, истражувања и експерименти во визуелните уметности и друго.

*Програма 7 - Културно - уметнички манифестации.* Во програмата за културно - уметнички манифестации се поддржуваат проекти за фестивали и манифестации кои во своите програми понудуваат квалитетна презентација на уметнички и на технички план. Воедно, се поддржуваат врвни манифестации на аматеризмот и манифестации кои се од значење за културниот развојот на државата и кои имаат меѓународен карактер. Во рамките на оваа дејност се поддржуваат програми на национални установи, Охридско лето и Струшки вечери на поезијата. Цел на оваа програма е поддршка на најзначајните манифестации во државата, кои, пред сé, имаат меѓународен карактер, како Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, Мајски оперски вечери, Семинарот за македонски јазик, Фестивал Пеце Атанасовски, ПЕН конференцијата, Младински отворен театар, Фестивалот на филмска камера и други.

*Програма 8 - Музејска и кинотечна дејност.* Со оваа програма се поддржуваат програмата на националните установи за музејска дејност и програмата на Кинотеката на Република Македонија, пред сé, проекти за прибавување на музејски материјал и предмети, чување, евиденција и документација, ревизија и презентација на музејскиот материјал. Воедно, се поддржуваат и проекти за заштита, чување и презентација на филмското наследство, истражувачката дејност и издавање на филмолошка литература. Во 2005 година, во рамките на оваа програма се планираат активности за реконструкција на објектите, санација на покриви, молерофарбарски работи, замена на дотраени инсталации, при што посебен акцент се става на довршување на преадаптацијата на Унесковата куќа на уметностите во Национална галерија со кинотечна дејност. Цели на оваа програма се поддршка на проекти за прибирање, чување, евиденција, документација и ревизија на музејскиот материјал, поддршка на откупот и збогатување на музејскиот материјал, поддршка на проекти за истражување, прибирање и откуп на филмови од домашна филмска продукција, обработка, чување и заштита на филмското наследство, збогатување на кинотечниот фонд на Кинотеката на Република Македонија.

*Програма 9 - Меѓународна соработка*, ги поддржува програмите на националните установи и проектите кои се од национален интерес. Со оваа програма се поддржуваат проекти кои ги презентираат врвните домашни културни вредности, кои ја стимулираат и унапредуваат регионалната и меѓународната соработка. Воедно, со оваа програма се финансираат проекти од областа на културата на здруженија на граѓани, асоцијации, фондации и други организации од невладиниот сектор, со цел за стимулирање на културен дијалог и културна размена преку иницијативи кои поттикнуваат и втемелуваат интегративни, заеднички културни вредности на локално, државно или меѓународно, особено регионално рамниште. Оваа програма поддржува и стручно усовршување на дефицитарни кадри и млади таленти.

(во илјади денари)

**19001Министерство за здравство** | **Вкупен буџет за 2005 606.715**

***Опис и главни функции.*** Министерството за здравство ги врши работите од областа на здравството и здравствената заштита на населението, како надлежна институција за регулирање на односите во секторот здравство, утврдување на стратегиите, предлагањето на закони и подзаконски акти.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година институцијата ги постигна следниве резултати: подобрена е здравствената евиденција и пријавувањето на заразните болести; спречено е внесување на заразни болести во државата; донесена е инструкција за испитување на биолошка расположливост и биоквалитетност на лекови; намалена е матерналната смртност; и донесен е Законот за прекурсори.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основна цел на Министерството за 2005 година е обезбедување на повисоко ниво на здравје на населението, и повисок квалитет на здравствена заштита на најисплатлив начин. Во насока на остварување на оваа цел Министерството за здравство ги утврди следниве приоритети: подобрување и унапредување на здравствената состојба на населението преку зголемен опфат на имунизација на населението и воведување

на нови видови вакцини; целосна опфатеност на населението со здравствено осигурување и подобрување на здравствената заштита во руралните подрачја; намалување на степенот на морталитет во однос на приоритетните заболувања и намалување на стапката на морталитет кај доенчињата; поефикасен и подостапен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението преку воспоставување на капицетет за планирање и следење на Фондот за здравствено осигурување; поквалитетни здравствени услуги насочени кон целосно задоволување на потребите на пациентите преку обезбедување на ефикасни и висококвалитетни лекарства; унапредување на здравствениот систем и негово приспособување со станадардите на ЕУ преку унапредување на координација на активностите поврзани со СТО, Патрнерство за мир и имплементација на одредбите на ССА.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Министерството за здравство за 2005 година се планирани шест буџетски програми, и тоа:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои се во функција на поддржување на реализацијата на здравствената политика, и материјално-финансиските и инвестициони тековни работи. Основна цел на овие активности е обезбедување услови за ефикасна реализација на политиката во здравството, изготвување на стратешки планови, соодветни законски и подзаконски акти, организациони и институционални активности и оптимално распоредување на ресурсите.

*Програма 2 - Државен санитарен и здравствен инспекторат.* Оваа програма ја опфаќа основната дејност на Државниот санитарен и здравствен инспекторат која се состои во спроведување и надзор на законските прописи кои ја регулираат заштитата од заразни болести, заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни влијанија, надзор над отрови, контрола на објектите кои подлежат на санитарен надзор, со цел за заштита на здравјето на населението; унапредување на санитарните услови во образовните, социјалните, и детски установи; создавање на соодветни услови за производство, промет и чување на отровни супстанции.

*Програма 3 - Биро за лекови.* Основните активности во оваа програма ја опфаќаат дејноста на Бирото за лекови како орган во состав на Министерството за здравство кој има надлежности во областа на производството, прометот и дистрибуцијата на лековите, помошните лековити средства, опојните дроги и отрови согласно со позитивните прописи; изготвува законски прописи од областа на лековите медицински помагала и води постапка за увоз - извоз; промет на лекови, опојни дроги и отрови и врши инспекциски надзор од оваа област. Основни цели на оваа програма се: усогласување на законската регулатива со европското законодавство; зајакнување на легислативата за лекови; создавање на есенцијална листа на лекови, нејзино следење и ревидирање; како и издавање на Регистар за лекови.

*Програма 4 - Дирекција за храна.* Програмата ги вклучува активностите на Дирекцијата за храна како нов орган во Министерството за здравство, одговорен за инспекција и супервизија во комплексниот синџир на храната. Основна дејност на овој орган е усогласување на произведената и дистрибуирана храна со највисоките стандарди за безбедност и хигиена на храната, како и во согласност со кодексите за добра пракса, а основните цели на програмата се: заштита на населението од небезбедна и неквалитетна храна или каква било измама во одбележувањето на храната; обезбедување на здрава храна со висок квалитет; транспарентност во трговијата со храна; создавање на здрави навики во однос на исхраната; промовирање на јавно етикетирање и подобрување на спроведување на законите за храна.

*Програма 5 - Здравствена заштита за превенција.* Во оваа програма се вклучени активности за:

-*Систематски прегледи на ученици и студенти - во* рамките на оваа потпрограма ќе се реализираат систематски прегледи на неосигурени ученици и студенти и ќе се обезбедува партиципација за лабараториски прегледи за осигурени ученици и студенти, со цел за навремено откривање на аномалии, деформитети и здравствени проблеми кај младата популација.

-*Унапредување на крводарителството* - во рамките на оваа потпрограма ќе се организираат и подготвуваат крводарителски акции и партиципација при користењето на здравствени услуги на дарители со над десет крводарувања, со цел за навремено обезбедување на доволни количини на единица крв за непречено спроведување на медицински зафати за кои истата е неопходна.

-*Превентивна здравствена заштита* -во рамките на оваа потпрограма ќе се организираат превентивни активности во епидемиолошката, санитарно- хигиенската и социјално-медицинската дејност, со цел за обезбедување на сигурна здравствена превентивна состојба и обезбедување на стабилна епидемиолошка состојба во насока на спречување на појава на заразни болести предизвикани од несигурна вода, храна, загаден воздух и друго.

-*Задожителна имунизација на населението*- во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат вакцини за континуирана имунизација на населението и дел од вакцините за вакцинација на епидемиолошки индиции, со цел за постигнување на висок опфат со вакцинација на лица и спречување на појава на заболувања и епидемии.

-*Спречување и сузбивање на бруцелоза* - во рамките на оваа потпрограма се изведуваат превентивни активности на неосигурените лица и теренски превентивни активности за спречување на појава на бруцелоза кај луѓето и партиципација за болничко лекување на осигурените лица заболени од оваа болест, со цел за навремено откривање на заболените лица од бруцелоза, спречување на ширење на болеста и спречување на компликации.

-*Спречување на туберкулоза* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат превентивни активности за спречување на појавата на туберкулоза и рано откривање на истата, како и партиципација за лекување на осигурени лица заболени од туберкулоза, со цел спречување на појави и оневозможување на ширење на туберкулозата.

-*Заштита на населението од СИДА* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за превентивни активности и обезбедување на партиципација на лекување на болни од СИДА, сидатестови за ризични групи и здравствена едукација на луѓето, со цел за спречување на појави и ширење на сидата, особено меѓу ризичните групи.

-*Здравствена заштита на деца и мајки* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за превентивни прегледи на неосигурени бремени мајки, оперативно и неоперативно породување, прегледи на деца и партиципација на осигурени мајки и деца до едногодишна возраст, со цел за навремена превентивна здравствена заштита на неосигурени мајки и деца.

-*Репродуктивно здравје* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат превентивни активности за навремено откривање на заболувања на репродуктивни органи кај жените, со цел за навре-

мено откривање на малигни заболувања на репродуктивните органи кај жената и спречување на компликации.

*Програма 6 - Куративна здравствена заштита за превенција.* Во рамките на оваа програма се вклучени следниве активности:

-*Здравствствена заштита на лица со душевни растројства* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за лекување на лица со душевни растројства, кои се на долготрајно лекување, како и партиципација на заболените осигурени лица, со цел за нивно навремено лекување.

-*Здравствена заштита од болести на зависности* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за превентивни активности и лекување на лица зависници, како и партиципација за лекување на истите од наведените болести, со цел за превенција на претежно младата популација од употреба на дроги, лекување и спречување на нивна зависност од употребувани дроги.

-*Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа, обезбедување на лекови за трансплантација, обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за неосигурени болни кои се третираат со дијализа, лекови за трансплантирани болни, цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија, со цел за навремено згрижување на неосигурени лица кои се третираат со дијализа, обезбедување на лекови за трансплантирани болни, дијабетичари, малигни болни и заболени од хемофилија.

-*Здравствена заштита на одредени групи на населението кои не се здравствено осигурени* - во рамките на оваа потпрограма се обезбедуваат трошоци за здравствена заштита на неосигурени лица за одредени приоритетни болести, како и партиципација на осигурени лица за специјалистичко консултативно и болничко лекување за истите болести, со цел за обезбедување на неопходна здравствена заштита на неосигурените лица, деца и стари лица над 65 години и заштита од одделни најтешки заболувања.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **19101 Министерство за локална самоуправа** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **44.567** |

***Опис и главни функции.*** Министерството за локална самоуправа е буџетска институција која ги врши работите што се однесуваат на: реформа на локалната самоуправа; следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа; следење на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен регионален развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; остварување и користење на средствата наменети за стопански недоволно развиените подрачја; надзор од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Министерството ги реализираше следниве активности: реализација на активности за спроведување на реформата на системот на локалната самоуправа; реализација на активности за исполнување на обврските на Министерството за локална самоуправа кои произлегуваат од одредбите на Рамковниот договор; донесување на Законот за финансирање на локалната самоуправа, Законот за измени и дополнувања на Законот за територијалната поделба и Законот за градот Скопје.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети и цели на Министерството за локална самоуправа за 2005 година се: координирање и спроведување на процесот на децентрализација, односно трансфер на надлежностите од централно на локално ниво и постигнување на одржлив трансфер на надлежности; реформа на локалната самоуправа; заокружување на правната рамка за системот на локалната самоуправа на РМ; имплементација на активности од Стратегијата за имплементација на процесот на децентрализација со детално разработен Акционен план и опис на дејствија и активности за периодот 2004-2007; имплементација на активности од Стратегијата за комуникација за процесот на децентрализација во Република Македонија; потпишување на Меморандум за соработка за обука во локалната самоуправа со Агенцијата за државни службеници и ЗЕЛС; институционално зајакнување на општините за справување со новите надлежности и одговорности; развивање на соодветни механизми на надзор над локалната самоуправа; спроведување на активности за територијална реорганизација на локалната самоуправа; разработка на студија за рамномерен регионален развој; обезбедување на соодветни механизми за рамномерен регионален развој на државата; спроведување на нов делбен биланс и создавање на услови за непречено извршување на надлежностите и друго.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на Министерството за 2005 година се планирани две буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација.* Програмата ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите за реформа на локалната самоуправа, следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа, со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на основните функции на Министерството. Во рамките на оваа програма е предвидена и реализација на капитален проект за изградба на објекти во ЕЛС со што ќе се изврши изградба и реконструкција на водоводи и фекални канализации во определени единици на локалната самоуправа, а со цел за подобрување на комуналната инфраструктура (водоводи и фекални канализации) во определени единици на локалната самоуправа.

*Програма 2 - Републички инспекторат.* Програмата ги опфаќа активностите на Републичкиот инспекторат за правен надзор над актите на единиците на локалната самоуправа. Основна цел на оваа програма е развивање на соодветни механизми на надзор над актите на единиците на локалната самоуправа во согласност со Европската повелба за локална самоуправа.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **19201 Агенција за иселеништво** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **20.061** |

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за иселеништво е буџетска институција која извршува законски утврдени функции кои се однесуваат на подобрувањето на положбата и правата на македонските иселеници; помагањето на нивниот културен развој и унапредувањето на врските со нив и со нивните организации; запознавањето на иселениците со состојбата во Република Македонија; создава-

њето услови за враќање на иселениците во Република Македонија; создавањето услови за вклучување на иселениците во јавниот и во економскиот живот на Република Македонија и врши и други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Агенцијата за иселеништво постигна значајни резултати во однос на: реализација на директни контакти со иселенциите и зајакнување на меѓусебната соработка; зголемување на фондот на книги во библиотеките на иселеничките клубови; афирмација на ликовни уметници - иселеници од Република Македонија; публикација на книги, брошури и друг пропаганден материјал за животот и организираноста на иселениците.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Агенцијата планира преземање на активности за натамошно подобрување на меѓусебната комуникација и соработка со иселеничките здруженија, клубови и асоцијации; отворање на културно-информативни центри во срединте каде што има поголем број на иселеници; активирање на ревијата "Македонија"; зголемување на инвестиционата активност на иселениците во Република Македонија; подобрување на информираноста на иселениците со состојбите во Република Македонија; публикација на книги, брошури и друг печатен материјал наменет за нашите иселеници во странство; унапредување на културниот развој и одржување на националниот идентитет.

Основната цел на институцијата е успешна реализација на овие приоритети и на другите законски утврдени активности.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Со буџетот на Агенцијата за иселеништво за 2005 година е предвидена програма која ја опфаќа целокупната дејност на институцијата, односно активностите за реализација на законски утврдените функции и на поставените приоритети.

(во илјади денари)

| **19301 Агенција за информации** | **Вкупен буџет за 2005**<br>**38.439** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Агенцијата за информации е буџетска институција чии законски определени надлежности се поврзани со печатот, радиото, телевизијата и другите средства за јавно информирање; информирањето на домашната и странската јавност за животот и развојот на државата; дејноста на странските информативни установи и странските новинари на територијата на државата, акредитација на новинари за следење на работата на Владата и другите државни органи; издавачка дејност од посебно значење за афирмација на Република Македонија, и со други работи утврдени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година преземените активности на Агенцијата резултираа со реализација на семинарот за медиумска регулација и саморегулација во соработка со Советот на Европа и со Пактот за стабилност; реализација на семинар за пристап до јавните документи во соработка со Советот на Европа и со Пактот за стабилност; и со потпишување на спогодба за медиумска соработка со Народна Република Кина.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритетните активности на Агенцијата за 2005 година се однесуваат на донесување на Закон за заштита на слободата на информирањето и изразувањето, обезбедување на стручна помош и соработка во иновирањето на Законот за радиодифузната дејност. Овие активности се насочени кон унапредување на слободата на изразување и јавно информирање и хармонизација на домашното законодавство со европските медиумски стандарди.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Агенцијата за информации за 2005 година предвидува една буџетска програма и ги опфаќа активностите кои се во насока на ефикасно и успешно спроведување на законските функции и успешна реализација на зацртаните приоритети.

(во илјади денари)

| **20001 Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи** | **Вкупен буџет за 2005**<br>**5.137** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозните групи, работите во врска со односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи

***Постигнати резултати во 2004.*** Во 2004 година, Комисијата подготви Нацрт на закон за измени и дополнувања на Законот за верските заедници и религиозни групи, објави книга со документиран материјал од преговорите меѓу Македонската православна црква и Српската православна црква за признавање на автокефалноста на Македонската православна црква, оствари средби со претставници на верски заедници и религиозни групи од земјата и странство и оствари контакти со невладини организации заради реализирање на заеднички проекти за меѓурелигиска соработка.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на Комисијата во оваа година се насочени кон реализација на следниве приоритети: остварување средби со претставници на министерствата за религија во соседните земји во врска со законската регулатива на веросиповедта и слободата на вероисповедта; оганизирање работилници со претставници на легалните верски заедници и религиозни групи и со експерти од областа на религијата и правото во врска со новиот закон за верските заедници и религиозни групи и подготовка на анализа за остварувањето на слободата на вероисповедта преку примената на Законот за верските заедници и религиозни групи и нивното дејствување.

(во илјади денари)

| **21001 Државен завод за геодетски работи** | **Вкупен буџет за 2005**<br>**437.807** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Државниот завод за геодетски работи ги врши работите што се однесуваат на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година е реализирана Годишната програма за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и извршено е авионско снимање на целата територија на Република Македонија

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Државниот завод за геодетски работи за 2005 година се следниве: реализација на Програмата за премер и катастар и запишување на права на недвижности за 2005 година; изработка на Национална топографска карта и воспоставување на електронски катастар на недвижности.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Државниот завод за геодетски работи ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација*. Оваа програма ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат услови за ефикасно извршување на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите.

*Програма 2 - Премер и катастар*. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите. Државниот завод за геодетски работи согласно со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ѝ доставува на Владата на Република Македонија детален план за конкретните активности во рамките на одобрените средства со Буџетот. Основни цели на оваа програма се остварување на Среднорочна програма за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите во периодот 2004-2010 година, изработка на основна државна карта и воспоставување на електронски катастар. Во текот на 2005 година, со цел за создавање услови за поефикасно извршување на катастарските услуги во градот Скопје, во рамките на оваа програма се планираат активности за реализација на Проект за изградба на деловна зграда за Секторот за премер и катастар во градот Скопје.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **22001 Државен завод за статистика** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **178.226** |

***Опис и главни функции***. Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број на појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, дава мислења на овластените носители за спроведување на статистички истражувања за методолошките основи, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, воспоставување на меѓународна соработка во доменот на статистиката и друго.

***Постигнати резултати во 2004***. Во текот на 2004 година институцијата ги постигна следниве резултати: реализирани се статистички истражувања во земјата кои се во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2003-2007 година; активности за реализирање на проектот "Унапредување на земјоделските статистики во Република Македонија", за воспоставување на стабилен статистички систем на земјоделските статистики со цел за обезбедување на навремени информации за потребите во Република Македонија; подготвен е преглед на ЕУ легислативата во статистиката и направена е оцена за состојбата со нејзиното усвојување во РМ; одржување на Cards семинар за стратешки менаџмент.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети и цели на Државниот завод за статистика за 2005 година се: спроведување на попис на земјоделството во 2005 година; активности за префрлање на административните регистри во надлежност на други институции и воспоставување на статистички регистри; подобрување на квалитетот на статистичките информации; интеграција кон статистичкиот систем на ЕУ; воспоставување на бази на податоци; примена на нови методи; унапредување на статистичкиот систем на РМ и слично.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на оваа институција за 2005 година се предвидени четири буџетски програми:

*Програма 1 - Администрација.* Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на статистичките истражувања и на другите основни функции на Заводот, со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на статистичките истражувања. Во рамките на оваа програма е предвиден и капитален проект за реконструкција на зградата на Државниот завод за статистика, односно изградба на библиотека во зградата на Заводот, со цел за подобрување на квалитетот на статистичките информации и воспоставување на база на податоци.

*Програма 2 - Статистички истражувања.* Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за: спроведување на статистички истражувања; пренесување на надлежностите за водење на административни регистри од ДЗС во други соодветни институции; прибирање на податоци од деловните субјекти од теренот; зголемување на опфатот; соработка со локалните власти; организациона и техничка поддршка на статистичките истражувања (ДЗС). Овие активности се во функција на прибирање, шифрирање и внес на дел од добиените извештаи од теренот, организација и спроведување на анкетните истражувања на теренот, посета на теренот, подобрување на условите за работа на регионалните одделенија, и слично.

Во рамките на оваа програма е предвидена и реализација на капитален проект за реконструкција на зградите на регионални одделенија за статистички истражувања, со цел за подобрување на условите за работа на регионалните одделенија.

*Програма 3 - Програма за попис.* Оваа програма вклучува активности за спроведување на пописот на земјоделството во 2005 година, подготовки, спроведување на пописот на терен, обработка и публикување на резултатите од пописот. Основна цел на овие активности е формирање на статистички регистар на фарми како предуслов за развој на земјоделските статистики (ќе се обезбедат податоци за состојбата со шумарството и рибарството, како и за работната сила ангажирана во секторот земјоделство).

*Програма 4 - Програма за поддршка на програма за избори.* Оваа програма опфаќа активности за поддршка на Програма за избори, односно за организационо-техничка и методолошка обработка на податоците во избирачкиот список и стручно-техничките описи на избирачките места, со цел за успешно спроведување на сите избори.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **24001 Државен архив на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **89.130** |

***Опис и главни функции.*** Државниот архив на РМ ги врши работите кои се однесуваат на чувањето и заштитата на архивската граѓа со која располага Република Македонија, средување и обработка на архивска граѓа и врши архивски истражувања.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Државниот архив ги постигна следниве резултати: изготвена е презентација на изложбата "Македонија низ вековите" во Париз (Франција); изготвена е изложбата "Македонија и Русија" по повод десет години од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Русија; зголемен е инспекциски надзор кај имателите на

архивската граѓа; остварена е континуирана конзервација и реставрација на архивската граѓа и извршено е средување и обработка на приоритетни фондови.

***Приоритети и цели за 2005.*** Државниот архив на Република Македонија во тековната година ќе ги извршува следниве активности: обезбедување стручна помош во одбирањето на архивска граѓа, изработката на архивски знаци и листа на категории, евидентирањето на архивската граѓа и нејзиното преземање и уништување на документарниот материјал со изминат рок на чување; рационализација на просторот во депоата, конечна локација на фондовите по гранки на дејности, микрофилмување на архивската граѓа од прва категорија и конзервација и реставрација на оштетената архивска граѓа и средување и обработка на архивската граѓа од следните фондовски целини: архивска граѓа истражена во Република Македонија и во странските архиви која се однесува на историјата на Македонија, фондови на македонски организации и друштва, црковно-верски фондови и организации во Македонија и друго.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Државниот архив на Република Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација.* Во рамките на оваа буџетска програма се одвиваат активности поврзани со управувањето со човечки ресурси и финансиско-материјалното работење што опфаќа: изработка на нормативно-правни и општи акти; правно застапување на Државниот архив; водење кадровска, статистичка и друга евиденција; финансиско-материјални работи (планирање, спроведување на буџетот и контролирање); водење на финансиско и материјално книговодство; вршење работи поврзани со безбедноста и заштитата на објектите и на граѓата во нив, хигиената, превозот, инвестиционите зафати, одржување на објектите и средствата. Во оваа програма се опфатени и активностите поврзани со процесот на сукцесија при преземање на архивската граѓа од Белград, Србија и Црна Гора. Во 2005 година се планираат активности за реконструкција на зградите на Државниот архив.

*Програма 2 - Инспекциски надзор и заштита на архивската граѓа кај имателите.* Во рамките на оваа програма се врши инспекциски надзор над архивското работење на сите иматели во Републиката, како и надзор над канцелариското работење во органите и организациите кои не вршат јавни овластувања. Основна цел е комплетна заштита на архивската граѓа и документарниот материјал преку укажување стручна помош на имателите.

*Програма 3 - Заштита на архивска граѓа.* Основни активности во оваа програма се: давање совети на имателите на архивска граѓа и документарен материјал околу водењето евиденција согласно со Упатството за единствено и задолжително евидентирање на архивска граѓа; микрофилмување на архивска граѓа од прва категорија, конзервација и реставрација на оштетена архивска граѓа; изработка на архивски кутии за сместување на архивска граѓа и укоричување на книги. Целта на овие активности е заштита на архивската граѓа која се состои во административна, превентивна и заштита по пат на микрофилмување, конзервација и реставрација на оштетена архивска граѓа.

*Програма 4 - Средување и обработка на архивска граѓа.* Оваа буџетска програма се реализира согласно со Законот за архивската граѓа, Правилникот за единствена методологија во евидентирањето и обработката на архивската граѓа, стручно - методолошките упатства и Правилникот за нормите и стандардите за работа во ДАРМ. Програмата опфаќа валоризација, класификација, систематизација и обработка на архивските фондови и архивска граѓа и изработка на научно - информативни средства за неа. Основна цел е фондовите кои во минатото му биле предадени на ДАРМ во неодбрана и несредена состојба, интензивно и стручно научно да се вреднуваат, средат и обработат.

*Програма 5 - Меѓународна соработка, информации, истражување, користење, публикување на архивска граѓа, библиотеки и автоматска обработка на податоци.* Во рамките на оваа програма се вршат следниве активности: организирање и изведување истражувања на архивска граѓа во земјата и во странство; откуп на архивска граѓа; подготвување документи за публикување зборници и други изданија; давање информации за архивската граѓа и овозможување нејзино користење преку читалните, библиотеките и преку културно-просветната дејност; подготвување и презентирање изложби на документи; реализација на проектот за Интегриран информационен, управувачки и заштитен систем (МАИИС) и скенирање на архивската граѓа, обработка на скенираните документи и нивно архивирање на ХДД, ДВД или ЦД.

(во илјади денари)

| 25001 Биро за судски вештачења | Вкупен буџет за 2005<br>24.399 |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда и е надлежно за извршување на активности поврзани со: вештачење од областа на материјално-финансиското работење, сообраќајна техничка и електро - машинска струка, градежништво и архитектура, агроекономија, графологија, технологија и вршење на супервештачење и експертизи.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се остварени следниве резултати: подобрување на ефикасноста во материјално-финансиската, сообраќајно-техничката и градежно - архитектонската област преку вршење на тимски вештачења и супервештачења; унапредување на соработката со судовите во Македонија и подготовка на изготвување на Предлог на закон за судски вештачења.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основните приоритети и цели на инстиуцијата за 2005 година се: зголемување на ефикасноста во вештачењата; зголемување на транспарентноста во работењето, едукација на вработените преку учество на семинари и курсеви и унапредување на соработката со судовите, како и ефикасно извршување на вештачењата по предметите доставени од судовите и учество во судски расправи по изготвените вештачења.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Во буџетот на институцијата за 2005 година е предвидена една буџетска програма, која опфаќа активности поврзани со вештачење по кривични предмети (даночно затајување, измама, проневера во службата, фалсификување и уништување на деловни книги, сообраќајни незгоди, убиства, реконструкција на самото место и слично). Основната цел на овие активности е зголемување на стручната и техничката опременост со цел за поефикасно извршување на поставените задачи и унапредување на соработката со судовите во Република Македонија.

(во илјади денари)

**26001 Македонска академија на науките и уметностите** **Вкупен буџет за 2005** **69.851**

***Опис и главни функции.*** МАНУ е јавна установа од особено значење за Република Македонија и е највисока самостојна, научна и уметничка установа. Својата дејност ја извршува согласно со Законот за Македонската академија на науките и уметностите. Со своите активности, МАНУ го поттикнува развојот на науките и уметностите, се залага за нивно унапредување, како и за оспособување и усовршување на научно - истражувачките и уметничките кадри. Исто така, ја разгледува состојбата во областа на културното наследство и природното богатство, соработува во утврдувањето на политиката на Република Македонија во науките и уметностите, поттикнува, координира, организира и врши научни истражувања и уметнички остварувања, особено оние што се од посебно значење за државата, обезбедува услови за научна работа и уметничко творештво на своите членови и воспоставува, одржува и развива меѓународна соработка во областа на науките и уметностите.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година МАНУ изработи повеќе од 60 научно - истражувачки проекти, одржа научно - истражувачки собири меѓу кои некои со меѓународен карактер, реализира околу 10 уметнички изложби, а во тек е изработката на првиот том од Македонската енциклопедија.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите на МАНУ во текот на 2005 година ќе бидат во насока на организирање на фундаментални, применети и развојни истражувања, посебно на комплексни и мултидисциплинарни истражувања.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на МАНУ ќе се реализира преку една програма, во рамките на која, покрај активностите предвидени со закон, ќе се реализира и проект за реконструкција на постојната зграда на МАНУ. Цели на оваа програма се: издавање на публикации врз основа на постигнатите резултати по секој одделен проект; организирање научни собири и организирање уметнички изложби.

(во илјади денари)

**28001 Биро за стопански недоволно развиени подрачја** **Вкупен буџет за 2005** **625.916**

***Опис и главни функции.*** Бирото за стопански недоволно развиени подрачја со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се изградени 26 локални водоводи во должина од преку 23 км, изградени се и реконструирани 30 локални патишта во должина од преку 60 км, поддржана е изградбата на шест фекални канализации во должина од 6,1 км, изградена е потребна инфраструктура за девет сточарски фарми, изградени се или рекоструирани шест основни училишта и три здравствени амбуланти, финансирана е обука за преквалификација и стручно оспособување на работници во три стопански објекти.

***Приоритети и цели за 2005.*** Активностите кои ги презема Бирото за стопански недоволно развиени подрачја се насочени кон намалување на разликите во степенот на развиеноста во однос на нивото на Републиката и намалување на миграцијата село-град преку создавање подобри инфраструктурни и други услови за развој во неразвиените подрачја и преку севкупните мерки, а особено индиректното зголемување на вработеноста.

(во илјади денари)

**29010 Судска власт** **Вкупен буџет за 2005** **1.235.175**

***Опис и главни функции.*** Судската власт е буџетска институција која ги вклучува Врховниот суд на Република Македонија, апелационите и основните судови, Републичкиот судски совет и Судскиот буџетски совет. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и ја обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи. Републичкиот судски совет во извршувањето на работите од својот делокруг придонесува да се остварува судската функција и да се обезбедува самостојноста и независноста на судовите, без да навлегува во нивната работа. Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности: ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судски буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на судовите и врши други работи предвидени со закон.

***Постигнати резултати во 2004.*** Најзначаен резултат остварен во 2004 година е операционализација на начелата на финансиска независност на судската функција.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети на судската власт во 2005 година се следниве: поддршка на реформите во судството во Република Македонија; финансирање на антикорупциската активност на судовите; едукација на судиите, државните службеници и другите вработени во судовите; финансирање, следење и контрола на трошоците за редовно функционирање и работа на судовите (трошоци во постапките, стоки и услуги и други трошоци) и друго.

(во илјади денари)

**31010 Јавно обвинителство на Република Македонија** **Вкупен буџет за 2005** **195.129**

***Опис и главни функции.*** Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз основа на принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година Јавното обвинителство ги постигна следниве резултати: донесување на Законот за Јавното обвинителство; донесување на подзаконските акти - Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства, Правилник за дисциплинска одговорност и утврдување на нестручно вршење на работата и покажување на незадоволителни резултати на јавните обвинители и заменициte јавни обвинители, и слично; формирање на одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата; службени посети на обвинителствата во Италија, САД и Чешка и продолжување на соработката со нив; вклучување во активностите на институциите на Европската унија, Европол, Евроџаст и непосредно интезивирање на соработката со обвинителствата од Југоисточна Европа и од Западен Балкан.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основни приоритети и цели на Јавното обвинителство за 2005 година се: преземање на активности во насока на надградба на Центарот за континуирана едукација, во институција за едукација на судиите и јавните обвинители; продолжување на процесот на континуирана едукација на јавните обвинители, нивните заменици и на државните службеници, воспоставување на соработка со земјите членки на ЕУ во борбата против организираниот криминал и корупцијата; регионални средби; воведување на Информативен центар; набавка на потребна опрема за вршење на функцијата; кадровско доекипирање и материјално техничко доопремување на Јавното обвинителство, посебно на одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата; хардверско опремување на обвинителствата и апликација на компјутерскиот софтвер.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Јавното обвинителство предвидува една буџетска програма која ги опфаќа сите активности на институцијата во насока на успешно извршување на основните функции.

(во илјади денари)

| | |
|---|---|
| **31101 Народен правобранител** | **Вкупен буџет за 2005** |
| | **44.830** |

***Опис и главни функции.*** Народниот правобранител е орган на Република Македонија чии функции се: штитење на уставните и законските права на граѓаните во случај кога тие права се повредени со акти, дејствија и пропуштање на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имааат јавни овластувања; преземање мерки и дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во рамките на своите надлежности Народниот правобранител ги има постигнато следниве позначајни резултати: подобрена е ефикасноста и ефективноста во постапувањето по доставените барања; имплементација на новиот Закон за Народниот правобранител и формирање на нови организациони единици во Тетово, Куманово, Битола, Штип, Струмица и Кичево.

***Приоритети и цели за 2005.*** Во текот на 2005 година Народниот правобранител планира активности во насока на реализација на неколку основни приоритети: подобрување на ефикасноста во постапување по претставките; доследно почитување на интервенициите на Народниот правобранител заради подобрување и усовршување на организацијата и работењето на стручните служби во органите на државната управа и на други органи и организации што имаат јавни овластувања. Со реализацијата на овие приоритети се очекува поефикасно и поефективно извршување на законски определените функции.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Народниот правобранител предвидува една буџетска програма 20-Народен правобранител која ги опфаќа сите активности на институцијата во насока на успешно извршување на основните функции.

(во илјади денари)

| | Вкупен буџет за 2005 |
|---|---|
| **38001 Казнено- поправен дом Идризово** | **109.397** |
| **38002 Воспитно- поправен дом Тетово** | **23.810** |
| **38003 Казнено- поправен дом Битола** | **24.814** |
| **38004 Казнено- поправен дом Гевгелија** | **10.699** |
| **38005 Казнено- поправен дом Охрид** | **14.538** |
| **38006 Казнено- поправен дом Тетово** | **8.698** |
| **38007 Казнено- поправен дом Скопје** | **44.608** |
| **38008 Казнено- поправен дом Струга** | **8.373** |
| **38009 Казнено- поправен дом Штип** | **16.219** |

***Опис и главни функции.*** Казнено-поправните установи според степенот на обезбедувањето, степенот на ограничувањето на слободата и видот на мерките што во постапувањето се применуваат спрема осудените лица функционираат како установи од затворен, полуотворен и од отворен вид. Во установите од полуотворен вид функционираат посебни одделенија за извршување на мерката притвор. Во рамките на пенитенцијарниот систем функционира и воспитно-поправен дом - установа во која се упатуваат малолетни лица сторители на кривични дела на кои им е изречена воспитна мерка. Исто така, функционира и еден малолетнички затвор.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година овие институции преземаа активности во насока на подобрување на условите за престој на осудените, притворените и прекршочно казнетите лица, стручно усовршување на затворскиот персонал преку учество на семинари и советувања; доследна примена на законските прописи и интерните акти во работата со осудените лица; унапредување на меѓусебната соработка, зголемување на ефикасноста на службите за обезбедување и слично.

***Приоритети и цели за 2005.*** Основните цели и приоритети на затворските институции се насочени кон: кадровско доекипирање и подобрување на материјално-техничките услови потребни во процесот на превоспитување на осудените лица; целосна примена на постојните и на новите законски прописи, како и на меѓународните стандарди во работата со осудени лица; воведување на информатичка технологија во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, набавка на системи за електронско надгледување и детекторски врати; подобрување на условите за престој на осудените, прекршочно казнетите и притворените лица; како и ефикасно работење на затворот при извршувањето на зацртаните приоритети и законски доделените надлежности.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетите на затворските институции предвидуваат една буџетска програма 2 - Програма за превоспитување, со која се планирани и опфатени годишните активности за работа со осудените и прекршочно казнети лица, со цел за нивно превоспитување и ресоцијализација и олеснување на нивното вклопување во понатамошниот општествен живот.

(во илјади денари)

| **Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија** | **Вкупен буџет за 2005 29.966.297** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ги врши работите што се однесуваат на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, обезбедување на финансиски средства за остварување на тие права и врши исплата на пензии и други примања од ова осигурување.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: наплата на дел од заостанатите неплатени придонеси со примена на Одлуката за одложено плаќање на заостанатиот неплатен придонес од обврзниците на рати и преку реализација на законското решение за присилна наплата на придонесот; рационализација на расходите за исплата на пензиите преку примена на новата законска регулатива во делот на усогласување на пензиите; дизајниран е новиот процес на наплата на придонесот со целата техничка документација и за него во тек се работите на апликативните решенија; подобрен е квалитетот на податоците за обврзниците и осигурениците како најрелевантни сегменти во функцијата на реформираниот пензиски систем, преку нивно ажурирање.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 2005 година се следниве: обезбедување на ликвидно работење на Фондот со цел за навремена исплата на законски утврдените права; воспоставување на новиот систем за собирање, наплата, контрола и распределба на придонесите за државниот и за приватните пензиски фондови, заради поголема ефикасност во наплатата на придонесите и извршување на новата функција на Фондот; продолжување на активностите за осовременување на постојните деловни процеси и воведување на нови процеси во работењето; ажурирање на базите на податоци на Фондот за обврзниците и осигурениците и обезбедување точна евиденција за утврден стаж и плати на осигурениците и унапредување на информациониот систем и мрежно поврзување на Фондот со други институции.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Фондот за ПИОМ ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација, ги опфаќа општите активности кои ја поддржуваат реализацијата на законски утврдените надлежности на Фондот. Во рамките на оваа програма во 2005 година ќе се реализира проект за изградба на деловна зграда за Фондот со заокружување на работите до фаза на карабина. Основна цел на програмата е обезбедување услови за ефикасно извршување на законски утврдените функции.

Програма 2 - Пензиско и инвалидско осигурување. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за редовна исплата на пензиите, надоместоците од инвалидско осигурување и на придонесот за здравствено осигурување на пензионерите, како и пренесување на средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување за осигурениците кои ќе пристапат во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување. Основни цели се следниве: рационално трошење на средствата за исплата на пензиите; редовна контрола на пресметаните и исплатените пензиски примања и поголем опфат на исплата на пензии преку тековни и штедни книшки.

Програма 3 - Интернатско сместување на деца со пречки во психофизичкиот развој. Оваа програма се однесува на учеството на Фондот во трошоците за интернатско сместување и исхрана на децата со пречки во психофизичкиот развој. Основна цел е обезбедување на право на надоместок на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

(во илјади денари)

| **Фонд за здравствено осигурување на Македонија** | **Вкупен буџет за 2005 15.724.231** |
|---|---|

***Опис и главни функции.*** Надлежностите на ФЗО се: да ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравствената заштита; со општи акти ги утврдува прашањата за кои е овластен со Законот за здравствено осигурување; планира и прибара средства од задолжителното здравствено осигурување; обезбедува остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица; ги плаќа здравствените услуги на осигурените лица, ги плаќа надоместоците на плати; ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност; ги утврдува референтните цени на лековите, медицински помагала, опрема, протези, ортопедски помагала и други помагала; договара обезбедување на здравствени услуги; развива сопствен информативен систем; спроведува меѓународни договори; врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги; одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: донесен е Правилник за начинот на плаќање на здравствените услуги во стоматолошката здравствена заштита; донесен е Правилник за критериумите за склучување на договори и на начинот на плаќање на здравствени установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита; донесен е Правилник за референтни цени на ортопедските помагала; донесена е Листа на измени и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ; унапреден е системот за контрола; извршено е намалување на цените на лекови за 26% на аптекарската листа и за 8% на болничката листа и др.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година се следниве: обезбедување на финансиски средства за остварување на правата од здравственото осигурување; обезбедување на стабилни основи и за финансирање на здравствените установи и донесување на насоки за договарање со здравствените установи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица. Со реформите во фармацевтската дејност се очекува да се подобри рационалното користење на лековите, да се изгради база на податоци за нивно надгледување и снабдување, како и натамошно намалување на цената на лековите и контрола на нивното препишување. Исто така, се планира и донесување на подзаконски акти за утврдување на референтни цени на лекови, медицински помагала и друго, како и продолжување на реформите во примарната здравствена заштита и воведување на системот на финансирање по капитација во јавното здравство која има за цел рационализација на трошоците и зголемување на ефикасноста во здравствениот сектор.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација*, ги опфаќа општите активности кои ја поддржуваат реализацијата на законски утврдените надлежности на Фондот. Во рамките на оваа програма во 2005 година се планира реализација на проекти за реконструкции на деловни и други објекти. Основна цел е обезбедување услови за ефикасно извршување на законски утврдените функции.

*Програма 2 - Здравствена дејност и осигурување*. Со оваа програма се планира да се покријат пакет-услугите опфатени во: примарната здравствена заштита, специјалистичко-консултативната здравствена заштита, болничката здравствена заштита, покривање на трошоците направени за ортопедски справи и помагала, здравствени услуги во странство, како и покривање на надоместоците за боледување, надоместоците за породилно отсуство, надоместокот за патни трошоци и други надоместоци за здравстото. Во оваа програма се опфатени и трансферните средства наменети за инвестиции во јавното здравство. Основни цели на оваа програма се: приспособување на здравствениот систем кон системот на Европската унија; изградба на поефикасен и подостапен систем за обезбедување на здравствена заштита на осигурените лица и унапредување на здравствената дејност во земјата.

(во илјади денари)

| **Фонд за магистрални и регионални патишта** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **4.250.000** |

***Опис и главни функции.*** Фондот е основан за управување со јавните патишта во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се реализираше Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија, согласно со динамичкиот план, при што како позначајни резултати се наведуваат извршените градежни работи на Смоквица-Гевгелија, Обиколница Скопје (прва фаза) и Трета лента Плетвар.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година се следниве: почнување на градежни работи на Обиколница Скопје (втора фаза), продолжување на Обиколница Скопје (прва фаза) според динамичкиот план; и завршување на Смоквица-Гевгелија. Цел на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година е ефикасно извршување на законските обврски преку успешна реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта ќе се реализира преку програма *2 - Програма за изградба и одржување на патишта*, која ги опфаќа активностите кои се однесуваат на планирање, финансирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистрални и регионални патишта.

(во илјади денари)

| **Агенција за вработување на Република Македонија** | **Вкупен буџет за 2005** |
|---|---|
| | **7.457.095** |

***Опис и главни функции.*** Агенцијата извршува услуги за потребите на пазарот на трудот (невработени и работодавци), размена на трудот, евиденција од обласата на трудот, осигурување и права во случај на невработеност.

***Постигнати резултати во 2004.*** Во текот на 2004 година се постигнати следниве резултати: завршен е процесот на основните фази за модернизација и преструктуирање на службата во Агенција за вработување; завршени се обуките на вработените за новите функции на Агенцијата и завршен е значаен процес на техничко опремување и надградени се програмите за новиот начин на работење.

***Приоритети и цели за 2005.*** Приоритети на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година се следниве: да се обезбедат компетентни и делотворни услуги за невработените и работодавците и да се создадат и имплементираат повеќе активни мерки за пазарот на трудот потребни за да се подобри структуралниот дисбаланс на пазарот на трудот.

Цел на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година е подобрување на ефикасноста и ефективноста на службата во остварувањето на нејзините примарни функции како јавен сервис во вработувањето (берза на трудот) и согласно со тоа, поквалитетно задоволување на потребите на пазарот на трудот.

***Програми за 2005 година (опис и цели).*** Буџетот на Агенцијата за вработување ќе се реализира преку следниве програми:

*Програма 1 - Администрација*, ги опфаќа општите активности кои ја поддржуваат реализацијата на законски утврдените надлежности на Фондот. Во рамките на оваа програма во 2005 година ќе се реализираат реконструкции на деловни и други објекти. Целта на оваа програма е обезбедување услови за ефикасно извршување на законски утврдените функции на Агенцијата.

*Програма 2 - Осигурување на невработени лица*, обезбедува примена на активни политики за вработување, имплементација на европските стандарди и насоките на ЕУ за вработување, следење на трендовите и истражување на пазарот на трудот, приспособување на трудот и создавање брз контакт меѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот. Основни цели на оваа програма се следниве: свртување од доминантно пасивни кон активни мерки во вработувањето; изготвување на програми за целни групи на невработени, мотивирање на работодавците; истражување на пазарот на трудот и давање ефикасни и квалитетни услуги.

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите по основни намени и извори се утврдуваат во билансот на расходите по економска класификација, билансот на расходите по организациона класификација, билансот на расходите по функционална класификација, расходи по владини програми и капитални проекти.

# Биланс на приходи по ставки

во илјади денари

| Категорија Ставка | Буџет за 2003 | Буџет за 2004 | Буџет за 2005 | Приходи финансирани од органи | Приходи од донации | Приходи од самофинан-сирачки активности | Приходи од кредити | Вкупно приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 68.406.578 | 65.708.297 | 66.538.469 | 1.896.733 | 3.413.487 | 6.204.064 | 1.583.724 | 79.636.477 |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **52.321.000** | **317.030** | **0** | **0** | **0** | **52.638.030** |
| **711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | | | **10.502.000** | **188.240** | **0** | **0** | **0** | **10.690.240** |
| 7111 Персонален данок од доход | | | 7.931.000 | 71.540 | 0 | 0 | 0 | 8.002.540 |
| 7112 Данок од добивка | | | 2.571.000 | 116.700 | 0 | 0 | 0 | 2.687.700 |
| **714 Домашни даноци на стоки и услуги** | | | **36.588.000** | **16.260** | **0** | **0** | **0** | **36.604.260** |
| 7141 Данок на додадена вредност | | | 25.623.000 | 13.000 | 0 | 0 | 0 | 25.636.000 |
| 7142 Акцизи | | | 10.965.000 | 3.260 | 0 | 0 | 0 | 10.968.260 |
| **715 Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки)** | | | **4.731.000** | **112.530** | **0** | **0** | **0** | **4.843.530** |
| 7151 Увозни давачки | | | 3.725.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.725.000 |
| 7153 Други увозни давачки и такси | | | 1.006.000 | 112.530 | 0 | 0 | 0 | 1.118.530 |
| **716 Други даноци** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7161 Други даноци кои не се класифицирани на друго место; | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **717 Даноци на специфични услуги;** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7171 Комунални даноци; | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност;** | | | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 7181 Дозволи за вршење на дејност; | | | 482.324 | 0 | 0 | 0 | 0 | 482.324 |
| 7182 Такса на моторни возила; | | | 17.676 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.676 |
| **719 Данок на финансиски трансакции** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7191 Данок на финансиски трансакции | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **3.700.999** | **1.542.103** | **35.206** | **5.961.440** | **36.000** | **11.275.748** |
| **721 Претприемачки приход и приход од имот;** | | | **1.801.000** | **27.660** | **0** | **31.388** | **36.000** | **1.896.048** |
| 7212 Приходи од јавни финансиски и нефинансиски институции; | | | 1.601.000 | 1.800 | 0 | 28.253 | 0 | 1.631.053 |
| 7213 Други приходи од имот | | | 200.000 | 25.860 | 0 | 3.135 | 36.000 | 264.995 |
| **722 Такси и надоместоци** | | | **1.390.000** | **256.042** | **0** | **1.500** | **0** | **1.647.542** |
| 7221 Парични казни | | | 210.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 215.000 |
| 7222 Судски такси | | | 520.000 | 1.042 | 0 | 0 | 0 | 521.042 |
| 7223 Административни такси | | | 660.000 | 250.000 | 0 | 1.500 | 0 | 911.500 |
| **723 Административни такси и надоместоци** | | | **0** | **544.199** | **0** | **5.141.667** | **0** | **5.685.866** |
| 7230 Образование и обука; | | | 0 | 0 | 0 | 1.299.814 | 0 | 1.299.814 |
| 7231 Помошни активности во образованието; | | | 0 | 62.315 | 0 | 1.165.838 | 0 | 1.228.153 |
| 7232 Продажба на производи; | | | 0 | 204.400 | 0 | 1.257.535 | 0 | 1.461.935 |

| Категорија Ставка | | Буџет за 2003 | Буџет за 2004 | Буџет за 2005 | Приходи финансирани од органи | Приходи од донации | Приходи од самофинан-сирачки активности | Приходи од кредити | Вкупно приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7233 | Услуги за цивилна воздушна пловидба | | | 0 | 0 | 0 | 881.418 | 0 | 881.418 |
| 7234 | Влезници и членарини | | | 0 | 0 | 0 | 66.228 | 0 | 66.228 |
| 7235 | Угостителски услуги; | | | 0 | 1.100 | 0 | 143.606 | 0 | 144.706 |
| 7236 | Услуги за копирање и публикување | | | 0 | 19.600 | 0 | 4.150 | 0 | 23.750 |
| 7237 | Услуги од сместување; | | | 0 | 20.890 | 0 | 143.380 | 0 | 164.270 |
| 7238 | Здравствени услуги; | | | 0 | 54.460 | 0 | 161.262 | 0 | 215.722 |
| 7239 | Закупнини; | | | 0 | 181.434 | 0 | 18.436 | 0 | 199.870 |
| **724** | **Други Владини услуги** | | | **300.000** | **476.174** | **7.795** | **452.511** | **0** | **1.236.480** |
| 7241 | Други владини услуги | | | 300.000 | 476.174 | 7.795 | 452.511 | 0 | 1.236.480 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | | | **210.000** | **238.028** | **27.411** | **334.374** | **0** | **809.813** |
| 7251 | Приватни компании | | | 0 | 0 | 5.614 | 1.488 | 0 | 7.102 |
| 7252 | Физички лица | | | 0 | 0 | 3.215 | 1.621 | 0 | 4.836 |
| 7259 | Други неданочни приходи | | | 210.000 | 238.028 | 18.582 | 331.265 | 0 | 797.875 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | | **4.161.850** | **2.000** | **0** | **2.760** | **0** | **4.166.610** |
| **731** | **Продажба на капитални средства** | | | **3.961.850** | **0** | **0** | **2.760** | **0** | **3.964.610** |
| 7311 | Продажба на капитални средства | | | 3.961.850 | 0 | 0 | 2.760 | 0 | 3.964.610 |
| **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | | | **200.000** | **2.000** | **0** | **0** | **0** | **202.000** |
| 7331 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | 200.000 | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 202.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | **1.218.220** | **35.600** | **3.378.281** | **239.864** | **80.674** | **4.952.639** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | | | **401.600** | **35.600** | **1.452** | **231.513** | **300** | **670.465** |
| 7411 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | | | 401.600 | 35.600 | 1.452 | 231.513 | 300 | 670.465 |
| **742** | **Донации од странство** | | | **816.620** | **0** | **3.376.829** | **8.351** | **80.374** | **4.282.174** |
| 7421 | Општи и тековни донации | | | 816.620 | 0 | 3.376.829 | 8.351 | 80.374 | 4.282.174 |
| **75** | **ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | | | **2.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.500.000** |
| **751** | **Краткорочни позајмици во земјата** | | | **2.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.500.000** |
| 7512 | Задолжување од краткорочни хартии од вредност | | | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | | | **2.636.400** | **0** | **0** | **0** | **1.467.050** | **4.103.450** |
| **761** | **Меѓународни развојни агенции** | | | **2.636.400** | **0** | **0** | **0** | **893.011** | **3.529.411** |
| 7611 | Задолжување кај меѓународни развојни агенции | | | 2.636.400 | 0 | 0 | 0 | 893.011 | 3.529.411 |
| **769** | **Други задолжувања во странство** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **574.039** | **574.039** |
| 7691 | Други задолжувања во странство | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 574.039 | 574.039 |
| **78** | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **781** | **Приходи од наплатени дадени заеми** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7811 | Наплатени заеми дадени на домашни лица | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# Биланс на приходи по буџетски корисници

во илјади денари

| | | 1.896.733 | 3.413.487 | 6.204.064 | 1.583.724 | 13.098.008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Б У Џ Е Т 2005 | | | | |
| Раздел | О П И С | Приходи финансирани од приходи од органи | Приходи од донации | Приходи од само-финансирачки активности | Приходи од кредити | **Вкупно Приходи за 2005** |
| 01002 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ | 3.120 | 0 | 0 | 0 | 3.120 |
| 02002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 29.922 | 0 | 0 | 0 | 29.922 |
| 04002 | СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РМ | 55.000 | 0 | 50.480 | 0 | 105.480 |
| 04006 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1.042 | 0 | 0 | 0 | 1.042 |
| 04007 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | 0 | 0 | 0 | 36.000 | 36.000 |
| 05001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 115.000 | 0 | 185.000 | 0 | 300.000 |
| 06001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 377.815 | 0 | 44.000 | 0 | 421.815 |
| 07001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 16.200 | 1.300 | 0 | 0 | 17.500 |
| 08001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 250.000 | 1.638 | 0 | 0 | 251.638 |
| 09001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 9.250 | 0 | 0 | 0 | 9.250 |
| 09002 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | 0 | 130.338 | 0 | 308.657 | 438.995 |
| 09003 | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 64.700 | 0 | 0 | 145.700 | 210.400 |
| 09004 | БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ | 0 | 0 | 821.312 | 0 | 821.312 |
| 09005 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 273.900 | 0 | 0 | 0 | 273.900 |
| 10001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 245.775 | 21.335 | 0 | 0 | 267.110 |
| 11002 | БИРО ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ | 0 | 0 | 45.963 | 0 | 45.963 |
| 12101 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 0 | 51.695 | 7.040 | 0 | 58.735 |
| 13001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 34.000 | 1.031.609 | 0 | 328.312 | 1.393.921 |
| 13002 | УПРАВА ЗА ЦИВИЛНО-ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА | 0 | 0 | 889.720 | 0 | 889.720 |
| 13003 | УПРАВА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ | 0 | 0 | 238.466 | 0 | 238.466 |

| Раздел | О П И С | Б У Џ Е Т 2005 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Приходи финансирани од приходи од органи | Приходи од донации | Приходи од само-финансирачки активности | Приходи од кредити | **Вкупно Приходи за 2005** |
| 14001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 112.900 | 150.000 | 0 | 432.882 | 695.782 |
| 14002 | АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА | 7.000 | 0 | 500 | 0 | 7.500 |
| 14003 | УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ | 1.800 | 0 | 3.500 | 0 | 5.300 |
| 15001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 0 | 1.500 | 0 | 101.499 | 102.999 |
| 15010 | ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА | 7.047 | 0 | 360.000 | 0 | 367.047 |
| 15020 | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | 400 | 0 | 86.303 | 0 | 86.703 |
| 16001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 75.150 | 464.262 | 3.109.459 | 57.730 | 3.706.601 |
| 16002 | БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | 0 | 18.000 | 18.000 | 0 | 36.000 |
| 16101 | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 2.654 | 61.000 | 0 | 20.662 | 84.316 |
| 18001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 800 | 50.550 | 0 | 70.000 | 121.350 |
| 18010 | ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА | 42.951 | 984.816 | 176.943 | 0 | 1.204.710 |
| 19001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 54.060 | 59.041 | 0 | 80.000 | 193.101 |
| 19201 | АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО | 0 | 0 | 127 | 0 | 127 |
| 21001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ | 0 | 0 | 145.000 | 1.982 | 146.982 |
| 22001 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | 10.230 | 3.705 | 950 | 300 | 15.185 |
| 24001 | ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 4.000 | 0 | 0 | 0 | 4.000 |
| 25001 | БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА | 12.419 | 0 | 0 | 0 | 12.419 |
| 26001 | МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ | 0 | 0 | 15.751 | 0 | 15.751 |
| 28001 | БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА | 25.820 | 382.698 | 0 | 0 | 408.518 |
| 29010 | СУДСКА ВЛАСТ | 63.718 | 0 | 0 | 0 | 63.718 |
| 31010 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 60 | 0 | 0 | 0 | 60 |
| 38002 | ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ - ТЕТОВО | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 5.000 |
| 38004 | КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА - ГЕВГЕЛИЈА | 0 | 0 | 550 | 0 | 550 |

# Биланс на расходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005: Буџет за 2005 | БУЏЕТ 2005: Расходи финансирани од приходи од органи | БУЏЕТ 2005: Расходи од донации | БУЏЕТ 2005: Расходи од само-финансирачки активности | БУЏЕТ 2005: Расходи од кредити | БУЏЕТ 2005: **Вкупно расходи за 2005** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **64.462.761** | **65.708.297** | **66.538.469** | **1.896.733** | **3.413.487** | **6.204.064** | **1.583.724** | **79.636.477** |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **21.757.205** | **20.016** | **0** | **745.984** | **0** | **22.523.205** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 15.376.525 | 17.316 | 0 | 517.339 | 0 | 15.911.180 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 6.354.465 | 2.629 | 0 | 227.555 | 0 | 6.584.649 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 26.216 | 71 | 0 | 1.090 | 0 | 27.377 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | | | **190.000** | **0** | **0** | **194** | **0** | **190.194** |
| 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | | | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | | | 140.000 | 0 | 0 | 194 | 0 | 140.194 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **7.161.570** | **1.378.260** | **597.111** | **3.198.070** | **125.770** | **12.460.781** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 521.434 | 135.140 | 103.322 | 176.265 | 15.109 | 951.270 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 1.999.955 | 305.384 | 15.716 | 407.402 | 1.325 | 2.729.782 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.566.018 | 361.160 | 42.182 | 801.651 | 3.405 | 2.774.416 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 696.040 | 136.220 | 9.930 | 312.496 | 100 | 1.154.786 |
| 425 | Договорни услуги | | | 1.662.686 | 300.651 | 319.662 | 893.952 | 99.771 | 3.276.722 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 715.437 | 139.705 | 106.299 | 606.304 | 6.060 | 1.573.805 |
| **43** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ** | | | **14.469.698** | **0** | **0** | **6** | **0** | **14.469.704** |
| 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | | | 8.289.415 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.289.415 |
| 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | | | 6.125.950 | 0 | 0 | 6 | 0 | 6.125.956 |
| 433 | Трансфери до Фондот за здравство | | | 54.333 | 0 | 0 | 0 | 0 | 54.333 |
| **44** | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | | | **812.550** | **0** | **17.397** | **12.109** | **0** | **842.056** |
| 441 | Дотации од ДДВ | | | 377.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 377.000 |
| 442 | Наменски дотации | | | 435.550 | 0 | 17.397 | 12.109 | 0 | 465.056 |
| **45** | **КАМАТИ** | | | **2.499.000** | **0** | **0** | **8.002** | **52.000** | **2.559.002** |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | 1.430.000 | 0 | 0 | 7.992 | 52.000 | 1.489.992 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | 1.069.000 | 0 | 0 | 10 | 0 | 1.069.010 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **2.452.295** | **174.955** | **25.602** | **604.832** | **168.000** | **3.425.684** |

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | Б У Џ Е Т 2005 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет за 2005 | Расходи финансирани од приходи од органи | Расходи од донации | Расходи од само-финансирачки активности | Расходи од кредити | **Вкупно расходи за 2005** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | 30.000 | 400 | 0 | 47.336 | 0 | 77.736 |
| 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | 0 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | | 216.600 | 2.254 | 0 | 0 | 500 | 219.354 |
| 464 | Разни трансфери | | | 2.205.695 | 107.301 | 25.602 | 557.496 | 167.500 | 3.063.594 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **4.123.652** | **0** | **0** | **705** | **0** | **4.124.357** |
| 471 | Социјални надоместоци | | | 4.123.652 | 0 | 0 | 705 | 0 | 4.124.357 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **5.739.499** | **323.502** | **2.773.377** | **1.590.092** | **1.237.954** | **11.664.424** |
| 481 | Градежни објекти | | | 429.066 | 62.330 | 9.600 | 81.299 | 0 | 582.295 |
| 482 | Други градежни објекти | | | 1.211.242 | 45.100 | 2.100.199 | 197.162 | 631.082 | 4.184.785 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 1.549.913 | 140.507 | 199.784 | 495.576 | 78.173 | 2.463.953 |
| 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | 350.000 | 50 | 0 | 800.000 | 0 | 1.150.050 |
| 485 | Други нефинансиски средства | | | 153.150 | 51.515 | 1.353 | 16.055 | 0 | 222.073 |
| 486 | Финансиски средства | | | 127.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 127.000 |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | | | 1.210.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.210.000 |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | 543.692 | 24.000 | 309.001 | 0 | 420.969 | 1.297.662 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | 165.436 | 0 | 153.440 | 0 | 107.730 | 426.606 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | **7.333.000** | **0** | **0** | **44.070** | **0** | **7.377.070** |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | 2.919.000 | 0 | 0 | 44.070 | 0 | 2.963.070 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | 4.414.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.414.000 |

# Биланс на расходи по буџетски корисници

во илјади денари

| Раздел | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет за 2005 | Расходи финансирани од приходи од органи | Расходи од донации | Расходи од само-финансирачки активности | Расходи од кредити | Вкупно расходи за 2005 |
| | | 64.462.761 | 65.708.297 | 66.538.469 | 1.896.733 | 3.413.487 | 6.204.064 | 1.583.724 | 79.636.477 |
| 01001 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 51.974 | 50.465 | 61.590 | 0 | 0 | 0 | 0 | 61.590 |
| 01002 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ | 125.968 | 125.331 | 126.066 | 3.120 | 0 | 0 | 0 | 129.186 |
| 02001 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 380.387 | 308.391 | 317.840 | 0 | 0 | 0 | 0 | 317.840 |
| 02002 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 38.263 | 54.452 | 55.380 | 29.922 | 0 | 0 | 0 | 85.302 |
| 02003 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА | 0 | 4.444 | 15.235 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.235 |
| 02004 | ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА | 0 | 1.424 | 135.884 | 0 | 0 | 0 | 0 | 135.884 |
| 03001 | УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 16.888 | 22.866 | 24.771 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.771 |
| 04001 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 132.157 | 233.521 | 288.577 | 0 | 0 | 0 | 0 | 288.577 |
| 04002 | СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РМ | 504.125 | 569.194 | 1.020.604 | 55.000 | 0 | 50.480 | 0 | 1.126.084 |
| 04003 | СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО | 6.493 | 7.858 | 7.828 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.828 |
| 04006 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 30.519 | 33.243 | 34.972 | 1.042 | 0 | 0 | 0 | 36.014 |
| 04007 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ | 10.812 | 10.394 | 8.555 | 0 | 0 | 0 | 36.000 | 44.555 |
| 04008 | АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | 28.373 | 26.735 | 26.660 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.660 |
| 05001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 5.767.326 | 5.585.734 | 5.998.000 | 115.000 | 0 | 185.000 | 0 | 6.298.000 |
| 05002 | ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ | 456 | 8.683 | 6.122 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.122 |
| 05003 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 0 | 0 | 57.650 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.650 |
| 06001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 5.435.205 | 6.017.677 | 6.255.784 | 377.815 | 0 | 44.000 | 0 | 6.677.599 |
| 07001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 283.053 | 274.189 | 307.522 | 16.200 | 1.300 | 0 | 0 | 325.022 |
| 08001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 724.357 | 696.286 | 710.600 | 250.000 | 1.638 | 0 | 0 | 962.238 |
| 09001 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 342.650 | 340.183 | 349.217 | 9.250 | 0 | 0 | 0 | 358.467 |
| **38008** | **КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА - СТРУГА** | **6.154** | **8.360** | **8.373** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.373** |
| | **П Р И Х О Д И :** | | | | | | | | |
| **2** | **ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ** | | | **8.373** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.373** |
| ***20*** | ***ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ*** | | | ***8.373*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***8.373*** |
| | **Р А С Х О Д И :** | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **5.525** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.525** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 3.735 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.735 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 1.782 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.782 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **2.788** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.788** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 1.354 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.354 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 935 | 0 | 0 | 0 | 0 | 935 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 65 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65 |
| 425 | Договорни услуги | | | 188 | 0 | 0 | 0 | 0 | 188 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 233 | 0 | 0 | 0 | 0 | 233 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **60** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60** |
| 471 | Социјални надоместоци | | | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60 |
| **2** | **ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ** | | | **8.373** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.373** |
| ***20*** | ***ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ*** | | | ***8.373*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***8.373*** |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **5.525** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.525** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 3.735 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.735 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 1.782 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.782 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **2.788** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.788** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 1.354 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.354 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 935 | 0 | 0 | 0 | 0 | 935 |

| Раздел<br>Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | Б У Џ Е Т 2005 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет за 2005 | Расходи финансирани од приходи од органи | Расходи од донации | Расходи од само-финансирачки активности | Расходи од кредити | **Вкупно расходи за 2005** |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 65 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65 |
| 425 | Договорни услуги | | | 188 | 0 | 0 | 0 | 0 | 188 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 233 | 0 | 0 | 0 | 0 | 233 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **60** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60** |
| 471 | Социјални надоместоци | | | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60 |

| Раздел<br>Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка — О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | Б У Џ Е Т 2005: Буџет за 2005 | Расходи финансирани од приходи од органи | Расходи од донации | Расходи од само-финансирачки активности | Расходи од кредити | **Вкупно расходи за 2005** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **38009 КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА - ШТИП** | **14.989** | **15.759** | **16.219** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.219** |
| **П Р И Х О Д И :** | | | | | | | | |
| **2 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ** | | | **16.219** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.219** |
| ***20 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ*** | | | ***16.219*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***16.219*** |
| **Р А С Х О Д И :** | | | | | | | | |
| **40 ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **9.921** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.921** |
| 401 Основни плати и надоместоци | | | 6.877 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.877 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 3.028 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.028 |
| 403 Останати придонеси од плати | | | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **6.268** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.268** |
| 420 Патни и дневни расходи | | | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 |
| 421 Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 1.690 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.690 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.930 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.930 |
| 424 Поправки и тековно одржување | | | 220 | 0 | 0 | 0 | 0 | 220 |
| 425 Договорни услуги | | | 250 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250 |
| 426 Други тековни расходи | | | 2.155 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.155 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **30** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30** |
| 471 Социјални надоместоци | | | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 |
| **2 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ** | | | **16.219** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.219** |
| ***20 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВОСПИТУВАЊЕ*** | | | ***16.219*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***16.219*** |
| **40 ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **9.921** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.921** |
| 401 Основни плати и надоместоци | | | 6.877 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.877 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 3.028 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.028 |
| 403 Останати придонеси од плати | | | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **6.268** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.268** |
| 420 Патни и дневни расходи | | | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 |
| 421 Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 1.690 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.690 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.930 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.930 |

| Раздел<br>Програма<br>Подпрограма<br>Категорија<br>Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | Б У Џ Е Т 2005<br>Буџет за 2005 | Расходи финансирани од приходи од органи | Расходи од донации | Расходи од само-финансирачки активности | Расходи од кредити | **Вкупно расходи за 2005** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 220 | 0 | 0 | 0 | 0 | 220 |
| 425 | Договорни услуги | | | 250 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 2.155 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.155 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **30** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30** |
| 471 | Социјални надоместоци | | | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 |

## III ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 4

Буџетот на Република Македонија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во “ Службен весник на Република Македонија “, а ќе се применува од 1 јануари 2005 година.

# БУЏЕТ ЗА 2005 година

во илјади денари

**Член 1**

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2005 година се состои од:

## I. Вкупни приходи : **29.966.297**

| | |
|---|---|
| Изворни и други приходи : | 19.980.000 |
| Трансферни приходи : | 9.986.297 |
| Странски заеми : | 0 |

## II. Вкупни расходи : **29.966.297**

| | |
|---|---|
| Утврдени намени : | 29.966.297 |

**Член 2**

Приходите по извори и видови приходи и расходите по основни намени се утврдуваат во Билансот на приходи и Билансот на трошоци на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2005 година и тоа:

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

## Биланс на приходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **28.203.478** | **29.370.870** | **29.966.297** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **19.900.500** |
| 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | | | 19.176.000 |
| 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | | | 724.000 |
| 716 | Други даноци | | | 500 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **59.500** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот; | | | 8.500 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | | | 10.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | | | 41.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | **9.986.297** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | | | 9.986.297 |
| **77** | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | **20.000** |
| 771 | Продажба на хартии од вредност | | | 20.000 |

# Биланс на расходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **27.764.351** | **29.370.870** | **29.966.297** |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **215.500** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 156.800 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 58.700 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **206.700** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 7.900 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 58.100 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 17.540 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 33.160 |
| 425 | Договорни услуги | | | 86.900 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 3.100 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **12.800** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | | 9.000 |
| 464 | Разни трансфери | | | 3.800 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **29.440.297** |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | 29.440.297 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **91.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 50.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 41.000 |

**Член 3**

Приходите и расходите од член 2 на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2005 година се распоредени по поблиски намени и носители во посебниот дел.

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# II Посебен дел

во илјади денари

| Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **27.764.351** | **29.370.870** | **29.966.297** |
| **1** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | **517.000** |
| 10 | АДМИНИСТРАЦИЈА | | | 467.000 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **215.500** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 156.800 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 58.700 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **206.700** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 7.900 |
| 421 | Комунални услуги,грееење, комуникација и транспорт | | | 58.100 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 17.540 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 33.160 |
| 425 | Договорни услуги | | | 86.900 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 3.100 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **3.800** |
| 464 | Разни трансфери | | | 3.800 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **41.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 41.000 |
| 1А | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ | | | 50.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **50.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 50.000 |

| Програма Потпрограма Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ** | | | **29.440.297** |
| 20 | ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ | | | 29.440.297 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **29.440.297** |
| 472 | Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | 29.440.297 |
| **3** | **ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХОФИЗИЧКИОТ Р** | | | **9.000** |
| 30 | ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХОФ | | | 9.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **9.000** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | | | 9.000 |

### Член 4

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2005 година.

# БУЏЕТ ЗА 2005 година

во илјади денари

### Член 1

Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година се состои од:

## I. Вкупни приходи : 15.724.231

| | |
|---|---|
| Изворни и други приходи : | 9.965.000 |
| Трансферни приходи : | 5.759.231 |
| Странски заеми : | 0 |

## II. Вкупни расходи : 15.724.231

| | |
|---|---|
| Утврдени намени : | 15.724.231 |

### Член 2

Приходите по извори и видови приходи и расходите по основни намени се утврдуваат во Билансот на приходи и Билансот на трошоци на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година и тоа:

# Биланс на приходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **14.698.642** | **15.450.701** | **15.724.231** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **9.257.000** |
| 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | | | 9.257.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **708.000** |
| 725 | Други неданочни приходи | | | 708.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | **5.759.231** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | | | 5.759.231 |

# Биланс на расходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 14.697.631 | 15.450.701 | 15.724.231 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **192.815** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 141.737 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 50.770 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 308 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **14.238.536** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 4.300 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 29.380 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 14.995 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 23.745 |
| 425 | Договорни услуги | | | 14.161.631 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 4.485 |
| **45** | **КАМАТИ** | | | **23.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | 23.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **1.049.880** |
| 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | 1.049.880 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **220.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 33.000 |
| 482 | Други градежни објекти | | | 10.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 27.000 |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | | | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | 150.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | **0** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | 0 |

**Член 3**

Приходите и расходите од член 2 на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година се распоредени по поблиски намени и носители во посебниот дел.

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# II Посебен дел

во илјади денари

| Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 14.697.631 | 15.450.701 | 15.724.231 |
| **1** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | **410.120** |
| 10 | АДМИНИСТРАЦИЈА | | | 367.120 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **192.815** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 141.737 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 50.770 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 308 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **124.305** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 4.300 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 29.380 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 14.995 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 23.745 |
| 425 | Договорни услуги | | | 47.400 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 4.485 |
| **45** | **КАМАТИ** | | | **23.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | 23.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **27.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | | | 0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 27.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | **0** |

| Програма<br>Потпрограма<br>Категорија<br>Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | 0 |
| 1А | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ | | | 43.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **43.000** |
| 481 | Градежни објекти | | | 33.000 |
| 482 | Други градежни објекти | | | 10.000 |
| 482 | Други градежни објекти | | | 0 |
| **2** | **ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ И ОСИГУРУВАЊЕ** | | | **15.314.111** |
| 20 | ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ И ОСИГУРУВАЊЕ | | | 15.314.111 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **14.114.231** |
| 425 | Договорни услуги | | | 14.114.231 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **1.049.880** |
| 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | 1.049.880 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **150.000** |
| 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фодови | | | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | 150.000 |

**Член 4**

Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2005 година.

# БУЏЕТ ЗА 2005 година

во илјади денари

### Член 1

Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година се состои од :

| | | |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи :** | | **4.250.000** |
| Изворни и други приходи : | 1.820.000 | |
| Трансферни приходи : | 1.210.000 | |
| Странски заеми : | 1.220.000 | |
| **II. Вкупни расходи :** | | **4.250.000** |
| Утврдени намени : | 4.250.000 | |

### Член 2

Приходите по извори и видови приходи и расходите по основни намени се утврдуваат во Билансот на приходи и Билансот на трошоци на Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година и тоа :

# Биланс на приходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.578.362 | 5.163.000 | 4.250.000 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **1.810.000** |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност; | | | 1.810.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **10.000** |
| 724 | Други Владини услуги | | | 10.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | **1.210.000** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | | | 1.210.000 |
| 742 | Донации од странство | | | 0 |
| **76** | **ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | | | **1.220.000** |
| 761 | Меѓународни развојни агенции | | | 1.220.000 |

## Биланс на расходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.570.908 | 5.163.000 | 4.250.000 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **19.781** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 13.800 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 5.946 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 35 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **887.219** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 2.487 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 20.815 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.295 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 623.020 |
| 425 | Договорни услуги | | | 57.850 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 181.752 |
| **45** | **КАМАТИ** | | | **330.000** |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | 330.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **45.000** |
| 464 | Разни трансфери | | | 45.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **2.548.000** |
| 482 | Други градежни објекти | | | 2.040.500 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 4.500 |
| 485 | Други нефинансиски средства | | | 3.000 |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | 500.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | **420.000** |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | 420.000 |

**Член 3**

Приходите и расходите од член 2 на Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година се распоредени по поблиски намени и носители во посебниот дел.

## ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

# II Посебен дел

во илјади денари

| Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **3.570.908** | **5.163.000** | **4.250.000** |
| **2** | **ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА** | | | **4.250.000** |
| 20 | ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА | | | 4.250.000 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **19.781** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 13.800 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 5.946 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 35 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **887.219** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 2.487 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 20.815 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 1.295 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 623.020 |
| 425 | Договорни услуги | | | 57.850 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 181.752 |
| **45** | **КАМАТИ** | | | **330.000** |
| 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | 330.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | | **45.000** |
| 464 | Разни трансфери | | | 45.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **2.548.000** |
| 482 | Други градежни објекти | | | 2.040.500 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 4.500 |

| Програма Потпрограма Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| 485 | Други нефинансиски средства | | | 3.000 |
| 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | 500.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | **420.000** |
| 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | 420.000 |

## Член 4

Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2005 година.

# БУЏЕТ ЗА 2005 година

во илјади денари

**Член 1**

Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година се состои од:

## I. Вкупни приходи : 7.457.095

| | |
|---|---|
| Изворни и други приходи : | 1.331.500 |
| Трансферни приходи : | 6.125.595 |
| Странски заеми : | 0 |

## II. Вкупни расходи : 7.457.095

| | |
|---|---|
| Утврдени намени : | 7.457.095 |

**Член 2**

Приходите по извори и видови приходи и расходите по основни намени се утврдуваат во Билансот на приходи и Билансот на трошоци на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година и тоа:

# Биланс на приходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 6.386.583 | 7.806.879 | 7.457.095 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **1.320.000** |
| 712 | Придонеси од плати за социјални фондови | | | 1.320.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **11.500** |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот; | | | 2.500 |
| 723 | Административни такси и надоместоци | | | 4.100 |
| 725 | Други неданочни приходи | | | 4.900 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | **6.125.595** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | | | 6.125.595 |

# Биланс на расходи по ставки и намена

во илјади денари

| Категорија Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | 6.193.004 | 7.806.879 | 7.457.095 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **166.950** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 122.050 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 44.600 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 300 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **69.495** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 2.500 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 39.510 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 9.145 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 3.590 |
| 425 | Договорни услуги | | | 11.300 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 3.450 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **7.214.950** |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | 7.214.950 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **5.700** |
| 481 | Градежни објекти | | | 300 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 5.400 |

**Член 3**

Приходите и расходите од член 2 на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година се распоредени по поблиски намени и носители во посебниот дел.

## АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# II Посебен дел

во илјади денари

| Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | **6.193.004** | **7.806.879** | **7.457.095** |
| **1** | **АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | **242.145** |
| 10 | АДМИНИСТРАЦИЈА | | | 241.845 |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **166.950** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | | 122.050 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | | 44.600 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | | 300 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **69.495** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | | 2.500 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | | 39.510 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | | 9.145 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | | 3.590 |
| 425 | Договорни услуги | | | 11.300 |
| 426 | Други тековни расходи | | | 3.450 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **5.400** |
| 481 | Градежни објекти | | | 0 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | | 5.400 |
| 1А | РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДИ | | | 300 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | **300** |
| 481 | Градежни објекти | | | 300 |
| **2** | **ОСИГУРУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА** | | | **6.634.950** |

| Програма<br>Потпрограма<br>Категорија<br>Ставка | О П И С | Завршна сметка за 2003 | Буџет за 2004 | БУЏЕТ 2005 |
|---|---|---|---|---|
| 20 | ОСИГУРУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА | | | 6.634.950 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **6.634.950** |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | 6.634.950 |
| **В** | **МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА** | | | **580.000** |
| В1 | ПОТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО | | | 580.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | | | **580.000** |
| 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | 580.000 |

## Член 4

Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2005 година.

**1800.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 декември 2004 година.

Бр. 07-5285/1
30 декември 2004 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2005 година (во натамошниот текст: Буџет) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Буџетот се состои од: Централен буџет - финансиран со изворни приходи утврдени во Буџетот; Буџет на корисници - финансиран од буџетски приходи кои ги наплатуваат корисниците; Буџет од самофинансирачки активности - финансиран од приходи остварени од дополнителни активности на буџетските корисници; Буџет од донации - финансиран од приходи остварени од донации и Буџет од кредити - финансиран од приходи по основа на кредити.

Член 3

Техниката на наплатата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 4

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот од областа на законодавната, извршната и судската власт (во натамошниот текст: корисници на Буџетот), се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

### 2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ

Член 6

Корисниците на средствата од Централниот буџет можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по програми, потпрограми (опфатени во програмите) и ставки.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да достават извод од годишниот финансиски план по програми, потпрограми и ставки, во кои се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, по програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетскиот корисник може да достави барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно тој да достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на финансискиот план за даден квартал, по месеци, по програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Корисниците на средства од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, по програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Член 7

За прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници одлучува Собранието на Република Македонија.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши пре-

распределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми, по претходна согласност од Министерството за финансии.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот не можат да бидат прераспределени од другите расходни категории во расходната категорија 40- Плати, наемнини и надоместоци, како и да се прераспределуваат утврдените износи од расходната категорија 48 - Капитални расходи во другите расходни категории.

По исклучок на ставовите 1 и 3 од овој член, Владата на Република Македонија може со одлука за прераспределба на средства да алоцира дополнителни средства во Разделот 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата во следниве потпрограми: Потпрограма Д-3-Преструктуирање на претпријатијата загубари, Потпрограма Д-6-Преструктуирање на ЈП Македонски железници, Потпрограма Е-1-Преструктуирање на водостопанските претпријатија, Потпрограма К-1-Реформа на државната администрација и Потпрограма К-4-Реформа на Министерството за одбрана.

Член 8

Во период од шест месеци по донесувањето на Буџетот, буџетските корисници се обврзани да реализираат најмалку 30% од планираните капитални расходи во нивните буџети.

Доколку буџетските корисници не постапат согласно со ставот 1 од овој член, неискористените средства до пропишаниот лимит министерот за финансии ги пренесува во разделот 09002-Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20-Функции, ставка 480-Резерви за капитални расходи.

Член 9

Исплатата на плати на сите буџетски корисници и единки корисници ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот се задолжени два дена пред исплатата на плати, до овој сектор да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Буџетските корисници и единки корисници се должни образецот Ф-2 наменет за спроведување на процесот на усогласување на платите на државните службеници, пополнет (во пишана и електронска верзија) со настанатите промени по сите основи во евиденцијата на државните службеници, да го достават до Министерството за финансии најдоцна до 15 во тековниот месец.

Во случај на нови вработувања корисниците на средства од Буџетот се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 10

На избраните и именувани функционери кај буџетските корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 40% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од ставот 1 на овој член кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во орган на управата надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

Член 11

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместок за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 12

Одредбите од членовите 10 и 11 на овој закон, се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 13

Надоместок за превоз до и од работното место, по претходно дадена писмена изјава се исплатува за вработените и избраните и именувани функционери чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно.

На вработените кои од органот, во кој се вработени, времено се распоредени за извршување на работи и задачи надвор од местото на редовно вршење на работите и задачите им припаѓа надоместок до и од работното место во висина на вистинските трошоци за јавен превоз, а доколку таков не постои, надоместок во висина на вистинските трошоци за најевтино превозно средство.

Надоместокот се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

Член 14

Надоместокот за исхрана (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно. Надоместок за исхрана се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии.

Член 15

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на работникот му се обезбедени ноќевање и исхрана му следува 20% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 16

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

Во случај на смрт на работникот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На работникот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

Член 19

Буџетските корисници кои се финансираат исклучиво од самофинансирачки активности правата стекнати по основа на членовите 10, 11, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 од овој закон се исплаќаат од приходите остварени од самофинансирачки активности.

Член 20

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по која било друга основа, надоместокот за храна, превоз, одвоен живот и паушал, не му се исплатува.

Член 21

Корисниците кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Член 22

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на: Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенција за вработување на Република Македонија, јавните претпријатија основани од Собранието на Република Македонија и од Владата на Република Македонија, како и трговските друштва основани од Република Македонија, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите, односно финансиските планови за тековната фискална година. Притоа ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

За обезбедените средства во случаите од ставот 1 на овој член Министерството за финансии во рок од 15 дена писмено ги известува корисниците и единките корисници на буџетите и јавните претпријатија на нивно барање.

За обезбедување средства за вработување на државни службеници министерот за финансии ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

## 2.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ

Член 23

Средствата утврдени во Раздел 090.02-Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 21-Резерви, ставка 412-Постојана резерва (непредвидливи расходи), можат да се користат за учество во финансирањето на мерките за сузбивање на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди, а во ставката 413-Тековни резерви (разновидни расходи), се користат за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ во Буџетот.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член, ставка 413-Тековни резерви (разновидни расходи), на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

По исклучок од ставот 2 на овој член одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000,00 денари.

Член 24

Средствата утврдени во Раздел 090.02-Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20-Функции, ставка 463-Трансфери до невладини организации, ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

Член 25

Средствата утврдени во раздел 090.02-Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20-Функции, категории 49-Отплата на главнина и 45-Камати, за отплата на главнина и камата по основа на странски и домашен долг, ќе се извршуваат согласно со одредбите од склучените договори, без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 26

Во Раздел 090.02-Министерство за финансии-Функции на државата, Потпрограма 20-Функции, ставка 483-Купување на мебел, опрема, возила и машини, се обезбедуваат и средства за плаќање на данок на додадена вредност и акцизи за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци. Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од ставот 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 27

Средствата утврдени во Раздел 040.02-Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Потпрограма 13-Опремување на органите на државната управа, ставка 483-Купување на мебел, опрема, возила и машини, се користат по претходно донесена одлука на Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата што ја формира Владата, по претходно доставени барања од министерствата.

Средствата утврдени во Раздел 040.02-Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Потпрограма 1А-Реконструкција на згради на владини органи, се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 28

Средствата утврдени во Раздел 090.04-Биро за стоковни резерви, Потпрограма 20-Стоковни резерви, ставка 484-Стратешки стоки и други резерви се користат по претходно донесена Програма за формирање на стоковните резерви за 2005 година, по предлог на Бирото за стоковни резерви.

Член 29

Средствата утврдени во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 3S-Водоводи во ЕЛС, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски, по претходно распишан оглас и доставени барања.

Средствата утврдени во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 489-капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се користат по претходно донесена Програма за инвестиции во железничката инфраструктура од Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за транспорт и врски.

Член 30

Средствата утврдени во Раздел 140.01-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 30-Земјоделство, ставка 464-Разни трансфери, Потпрограма 40-Ветерина, ставка 464-Разни трансфери и во Потпрограма 51-Заштита на растенија, ставка 464-Разни трансфери, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 31

Средствата за исплата на детски додаток утврдени во Раздел 150.10-Општествена заштита на децата, Потпрограма 30-Надоместоци по основа на детска заштита, ставка 471-Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основа на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.20-Социјална заштита, Потпрограма 30-Поддршка на социјални фондови, ставка 431-Трансфери до Фондот за ПИОМ, се исплатуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија врз основа на претходна пресметка што ја доставува Фондот до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за извршување на обврските на Агенцијата за вработување, утврдени во Раздел 150.20-Социјална заштита, Потпрограма 30-Поддршка на социјални фондови, ставка 432-Трансфери до Агенцијата за вработување, ќе се користат преку Агенцијата за вработување на Република Македонија по претходно доставена пресметка од Агенцијата за вработување на Република Македонија до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Раздел 150.20-Социјална заштита, Потпрограма 21-Програма за заштита на социјално загрозено население, ставка 471-Социјални надоместоци, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на центрите за социјална работа.

Член 32

Средствата утврдени во Раздел 160.01-Министерството за образование и наука, Потпрограми 50-Ученички стандард и 60-Студентски стандард, се користат по претходно донесена Програма за развој на ученичкиот и студентскиот стандард од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01-Министерството за образование и наука, Потпрограма 71-Научно-истражувачка дејност, со исклучок на средствата утврдени во категоријата 48-Капитални расходи, се користат по претходно донесена Програма за научно-истражувачка дејност од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Член 33

Средствата утврдени во Разделот 161.01-Агенција за млади и спорт, Потпрограма 20-Спорт, ставка 463-Трансфери до невладини организации, Потпрограма 30-Млади, ставка 463-Трансфери до невладини организации и Потпрограма 40-Меѓународни активности за спорт и млади, ставка 463-Трансфери до невладини организации, се користат по претходно донесена Програма за развој на спорт и млади од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за млади и спорт.

Член 34

Средствата утврдени во Раздел 190.01-Министерство за здравство, Потпрограми 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 61, 62, 63 и 64, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Член 35

Средствата утврдени во Раздел 192.01-Агенција за иселеништво, Потпрограма 20-Агенција за иселеништво, ставка 464-Разни трансфери, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за иселеништво.

Член 36

Средствата утврдени во раздел 193.01-Агенција за информации, Потпрограма 20-Агенција за информации, ставка 461-Субвенции за јавни претпријатија, се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за информации, по објавен оглас врз претходно утврдени критериуми.

Член 37

Средствата утврдени во раздел 28001-Биро за стопански недоволно развиени подрачја, Потпрограма 20 - Развој на стопански недоволно развиени подрачја, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја.

Член 38

Корисниците на Буџетот кои се обврзани да изготват Програми за користење на средства од Буџетот имаат обврска до Владата на Република Македонија да ги достават истите во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Буџетот во “Службен весник на Република Македонија“.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите од ставот 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на доставувањето од страна на корисниците на Буџетот.

Член 39

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Поврат на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи од ставот 1, освен приходите од ставовите 3 и 4 на овој член, се врши со решение на министерот за финансии.

Поврат на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени даночни приходи за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

Поврат на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени царински приходи за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

Кога приходите кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, поврат се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

На сметката 425 - Тековно одржување, се искажуваат расходите за: изнајмување на канцелариски простор; изнајмување на магацински простор; изнајмување на друг тип на простор; изнајмување на канцелариска опрема; изнајмување на моторни возила; друга опрема и опрема за специјални намени; провизија за платен промет; банкарска провизија; осигурување на вработени; осигурување за повреда и инвалидитет; осигурување на недвижности и права; осигурување на моторни возила; осигурување на воздухоплови; други финансиски услуги; правни услуги; судски вештачења; судски преведувачи; судска експертиза; судски курирски услуги; плаќања за здравствени организации од Министерството за здравство; примарна здравствена заштита; специјалистичко-консултативна заштита; болнички услуги; здравствени услуги во странство; ортопедски услуги; други здравствени услуги; ветеринарни услуги; заштита од штетници во земјоделството; уништување на штетни животни; земјоделски производни услуги; услуги за заштита на водите, реките и езерата; метеоролошки и хидрометеоролошки набљудувања; испитување на квалитетот на водите и воздухот; изработка на просторни и урбанистички планови; обука за техничка култура; услуги за развој на наставниот план и програма; инструктори на кратки курсеви; дополнителни активности; услуги за вонучилишни образовни активности; превозни услуги во образованието; други образовни услуги; преведувачи; услуги за копирање, печатење и издавање; научно истражување; рушење на објекти; плаќање за користење на приватен имот во одбраната; пренос на програмите на МРТВ преку сателит; и други договорни услуги.

На сметката 426 - Други тековни услуги, се евидентираат расходите за: членарини во меѓународни организации; членарини во домашни организации; расходи за репрезентација; и други оперативни расходи".

Член 4

По член 30 се додава нов член 30-а кој гласи:

"Член 30-а

На сметките од групата 43 - Тековни трансфери до вонбуџетските фондови, се евидентираат расходите за: трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување; трансферите до Агенцијата за вработување; и трансферите до фондот за здравство.

На сметката 431 - Трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се евидентираат расходите за: трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон; и другите трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

На сметката 432 - Трансферите до Агенцијата за вработување, се евидентираат расходите за: трансферите за невработени евидентирани во Агенцијата за вработување; и други трансфери до Агенцијата за вработување.

На сметката 433 - Трансферите до фондот за здравство, се евидентираат расходите за: придонес за здравство за невработени; придонес за здравство за пензионери; и други трансфери до фондот за здравство".

Член 5

Член 31 се менува и гласи:

"На сметките од групата 44 - Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа, се евидентираат расходите за: дотациите од ДДВ; наменските дотации; блок дотациите; и дотациите за делегирани пооделни надлежности.

На сметката 441 - Дотациите од данок на додадена вредност, се евидентираат расходите за: дотациите од данокот на додадена вредност.

На сметката 442 - Наменските дотации, се евидентираат расходите за: издавачка дејност; библиотечна дејност; филмска дејност; сценско-уметничка дејност; заштита на недвижно културно наследство; ликовно творештво и галериска дејност; културно уметнички манифестации; музејска и кинотечна дејност; други трансфери од областа на културата; тековно одржување во дејноста основно образование; тековно одржување во дејноста средно образование; поддршка на ученички домови; превоз на ученици од основното образование; подршка на градинки; и поддршка на старски домови.

На сметката 443 - Блок дотации, се евидентираат расходите за: блок дотациите по одделни намени.

На сметката 444 - Дотации за делегирани пооделни надлежности, се евидентираат расходите за: дотациите за делегирани пооделни надлежности".

Член 6

Членот 32 се менува и гласи:

"На сметките од групата 45 - Каматни плаќања, се евидентираат расходите за: каматните плаќања кон нерезидентни кредитори; камати плаќања кон домашни кредити; и камати плаќања кон други нивоа на власт.

На сметката 451 - Каматните плаќања кон нерезидентни кредитори, се евидентираат расходите за: каматните плаќања кон Меѓународен Монетарен Фонд; каматните плаќања кон Светска банка; каматни плаќања кон Европска Унија; каматни плаќања кон други мултилатерални кредитори; каматни плаќања кон Па-

риски клуб на кредитори; каматни плаќања кон Лондонски клуб на кредитори; и каматни плаќања кон други билатерални кредитори.

На сметката 452 - Камати плаќања кон домашни кредити, се евидентираат расходите за: каматата на задоцнет поврат на ДДВ; камати на државни записи; камати по домашни обврзници; и камати по домашни кредити.

На сметката 453 - Камати плаќања кон други нивоа на власт, се евидентираат расходите за: каматите на краткорочните позајмувања од централниот буџет".

Член 7

По членот 32 се додаваат два нови члена 32-а и 32-б кои гласат:

"Член 32-а

На сметките од групата 46 - Субвенции и трансфери, се евидентираат расходите за: субвенциите за јавните претпријатија; субвенциите за приватни претпријатија; трансферите до невладините организации; и разните трансфери.

На сметката 461 - Субвенциите за јавните претпријатија, се евидентираат расходите за: субвенциите на цени; субвенциите за Македонски железници; субвенции за јавни комунални претпријатија; субвенции за стечајни претпријатија; субвенциите за јавни гласила; субвенции за други институции; и субвенции за јавни финансиски претпријатија.

На сметката 462 - Субвенциите за приватни претпријатија, се евидентираат расходите за: субвенциите за приватните нефинансиски претпријатија; и субвенциите за приватните финансиски претпријатија.

На сметката 463 - Трансферите за невладините организации, се евидентираат расходите за: трансферите до здруженија на граѓани и фондации; трансфери до спортски клубови; трансфери до Македонскиот олимписки комитет; трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца; трансфери до месните заедници; трансфери до хуманитарни организации; трансфери до политички партии; и останати трансфери до невладини организации.

На сметката 464 - Разни трансфери, се евидентираат расходите за: стипендиите за студенти; стипендии за поддршка на млади таленти; стипендии за постдипломски студии; плаќања за сместување на ученици од средно образование; плаќања за сместување на ученици од основно образование; плаќање за студентски домови; плаќање за исхрана на деца со посебни потреби; државни награди; државни одликувања; плаќање по судски решенија; надомест на граѓани во извршување на правата и должностите во одбраната; плаќања кон неоправдано осудени лица; и други трансфери.

Член 32-б

На сметките од групата 47 - Социјални бенефиции, се евидентираат расходите за: социјалните надоместоци; плаќање на бенефиции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување; плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување; и плаќања на надоместоци од Фондот за здравство.

На сметката 471 - Социјални бенефиции, се евидентираат расходите за: социјалната парична помош; постојана парична помош; паричен надоместок за помош и нега; здравствена заштита на корисници на социјална помош; надоместок за скратено работно време; еднократна парична помош; детски додаток; посебен детски додаток; помош на новороденчиња; помош на деца без родители и родителска грижа; плаќања за образование, згрижување, одмор и рекреација; помош на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој; дневно и привремено згрижување; социјална помош за стари лица; помош за азиланти; помош за бегалци од други земји; помош на внатрешно раселени лица; надоместок за семејства чиј хранител е на отслужување во АРМ; помош за воени инвалиди и лица кои биле политички затвореници; помош на цивилни инвалиди од војна; помош за здравствена заштита на растенијата; помош за здравствената заштита на животните; исплата за осудени лица; и друга социјална помош.

На сметката 472 - Плаќање на бенефиции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се евидентираат расходите за: плаќањата до пензионери од ПИОМ; плаќања до инвалидите од ПИОМ; плаќање по основа на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; придонеси за здравствено осигурување на пензионери; и други исплати од ПИОМ.

На сметката 473 - Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување, се евидентираат расходите за: бенефициите за невработени; надоместоци за преткваликификациите; надоместоци за вработување на хендикепирани лица; придонеси за здравствено осигурување;придонеси за пензиско осигурување на невработени; и други плаќања од Агенцијата за вработување.

На сметката 474 - Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување, се евидентираат расходите за: надоместокот за боледување; надоместок за патни расходи; надоместок за породилно отсуство; и други надоместоци за здравство".

Член 8

Членот 33 се менува и гласи:

"На сметките од групата 48 - Капитални расходи, се евидентираат расходите за: резерви за капитални расходи; градежни објекти; други градежни објекти; купување на мебел, опрема, возила и машини; стратешки стоки и други резерви; други нефинансиски средства; финансиски средства; капитални трансфери до вонбуџетски фондови; капитални дотации до ЕЛС; и капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

На сметката 480 - Резерви за капитални расходи, се евидентираат расходите за: капитални резерви.

На сметката 481 - Градежни објекти, се евидентираат расходите за: подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на станбени објекти; набавка или нова изградба на станбени објекти; реконструкција на станбени објекти; подготвување проекти за деловни објекти; набавка или нова изградба на деловни објекти; и реконструкција на деловни објекти.

На сметката 482 - Други градежни објекти, се евидентираат расходите за:подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати; изградба на улици, патишта и автопати; реконструкција на улици, патишта и автопати; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на мостови; изградба на мостови; реконструкција на мостови; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на пре-

чистителни станици и колектори; изградба на пречистителни станици и колектори; реконструкција на пречистителни станици и колектори; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на депонии за отпад; изградба на депонии за отпад; реконструкција на депонии за отпад; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на средства за телекомуникации; купување на средства за телекомуникации; реконструкција на средства за телекомуникации; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на споменици; изградба на споменици; реконструкција на споменици; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување; изградба на капацитети за водоснабдување; реконструкција на капацитети за водоснабдување; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката; изградба на капацитети во енергетиката; реконструкција на капацитети во енергетиката; расходи за подготвување проекти за минерални суровини; подготвување проекти вклучувајќи дизајн за други објекти; изградба на други објекти; и реконструкција на други објекти.

На сметката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини, се евидентира: купување на канцелариски мебел; купување на училишен мебел; купување на друг мебел; купување на канцелариска опрема; купување на медицинска опрема; купување на лабораториска и научно-истражувачка опрема; купување на информатичка и видео опрема; купување на кујнска опрема; купување на опрема за греење и климатизација; геодетска опрема; купување на опрема за воздухоплови; купување на друга опрема; .купување на моторни возила; купување на камиони; купување на пловни објекти; купување на воздухоплови; купување на други моторни возила; купување на земјоделски машини; купување на машини за изградба; купување на други машини; книги за библиотеки и учебници; и плаќања на ДДВ за опрема купена од донации.

На сметката 484 - Стратешки стоки и други резерви, се евидентираат: купување на прехранбени производи; купување на индустриски производи; купување на лекови и санитетски материјали; и други стратешки резерви.

На сметката 485 - Други нефинансиски средства, се евидентираат: пошумувањата; купување животни; книжевни и уметнички оригинали; патенти; компјутерски софтвер; музички експонати; уметнички дела; земјиште; надоместок за одземен имот; подземни богатства; основни геолошки истражувања; и други природни богатства.

На сметката 486 - Финансиски средства, се евидентира: депозити; хартии од вредност што не се акции; кредити за општините; студентски кредити во образованието; кредити на јавните претпријатија; кредити за приватни претпријатија; плаќање по гаранции; акции и друг капитал; депозити; должнички хартии од вредност; кредити; акции и друг капитал; и капитал во меѓународни финансиски институции.

На сметката 487 - Капитални трансфери до вонбуџетски фондови, се евидентира: капиталните трансфери до ФПИО; капиталните трансфери до Агенцијата за вработување; капиталните трансфери до Фондот за здравствено осигурување; и капиталните трансфери до Фондот за патишта.

На сметката 488 - Капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, се евидентира: капиталните дотации за неразвиените подрачја; и други капитални дотации.

На сметката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се евидентира: капитални субвенции за јавни здравствени институции; капитални субвенции за јавни финансиски претпријатија; капитални субвенции за приватни нефинансиски претпријатија; капитални субвенции за приватни финансиски претпријатија; и капитални трансфери за невладини организации”.

Член 9

Членовите 34 и 35 се бришат.

Член 10

Членот 36 се менува и гласи:

“На сметките од групата 49 - Отплата на главнина, се евидентираат расходите за: Отплата на главнина до нерезидентни кредитори; отплата на главнина кон домашни институции; и отплата на главнина до други нивоа на власт.

На сметката 491 - Отплата на главнина до нерезидентни кредитори, се евидентираат расходите за: отплата на главнина по долгорочни заеми од ММФ; отплата на главнина по долгорочни заеми од Светската банка; отплата на главнина по долгорочни заеми од Европската унија; отплата на главнина по заеми од други мултилатерални кредитори; отплата на главнина по заеми од Лондонскиот клуб на кредитори; отплата на главнина по заеми од Парискиот клуб на кредитори; и отплата на главнина по заеми од други билатерални кредитори.

На сметката 492 - Отплата на главнина кон домашни институции, се евидентираат расходите за: отплата на главнина на среднорочни обврзници; отплата на главнина на долгорочни обврзници; отплата на главнина на државни записи; отплата на главнина на краткорочни позајмувања од банки; и отплата на главнина на долгорочни позајмувања од банки.

На сметката 493 - Отплата на главнина до други нивоа на власт, се евидентира: отплата на главнината на краткорочни позајмувања од централниот буџет; и отплата на главнината на долгорочни позајмувања од централниот буџет”.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2005година.

Бр. 12-32582/1
28 декември 2004 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**1812.**

Врз основа на член 14 став 6 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр. 61/02 и 98/02), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ СМЕТКИ ВО СМЕТКОВНИОТ ПЛАН ЗА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2003), член 31 се менува и гласи:

КЛАСА 4: РАСХОДИ

"На сметките од групата 40 - Основни плати, наемнини и надоместоци, се евидентираат расходите за: основните плати и надоместоците; придонесите за социјално осигурување од работодавачите; и останати придонеси од плати.

На сметката 401 - Основни плати и надоместоци, се евидентираат расходите за: платите и надоместоците по сите основи во нето износ, кои ги обезбедува буџетот и фондовите односно кои се исплатуваат од сопствени приходи, согласно одредбите од Законот за буџетите.

Во рамките на оваа сметка се водат сите видови на додатоци на плати: плата за прекувремена работа; плата за време на празници; плата за работа во ноќна смена; плата за дежурства; функционален додаток и други додатоци на плата, како и надоместоците: надомест за превоз до и од работното место; надомест за храна; надомест за годишен одмор; надомест за теренска работа; надомест за одвоен живот; надоместок за дежурства и други надоместоци. Во рамките на оваа сметка се водат и персоналниот данок на доход од плата; и персонален данок на доход од надоместоците.

На сметката 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите, се евидентираат расходите за: основниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување; придонесот за бенефициран стаж; другите придонеси за пензиско и инвалидско осигурување; основниот придонес за здравствено осигурување; основниот придонес за професионално заболување и другите придонеси за фондот за здравство; основниот придонес до Агенцијата за вработување; и другите придонеси до Агенцијата за вработување.

На сметката 403 - Останати придонеси од плати, се евидентираат расходите за: придонесот за водоснабдување; и останатите придонеси".

Член 2

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

"Член 31-а

На сметките од групата 41 - Резерви и недефинирани расходи, се евидентираат расходите за: финансирањето на нови програми и потпрограми; постојната резерва (непредвидливи расходи); и тековните резерви (разновидни расходи).

На сметката 411 - финансирање на нови програми и потпрограми, се евидентираат расходите за: финансирањето на нови програми и потпрограми.

На сметката 412 - постојна резерва (непредвидливи расходи), се евидентираат расходите за: постојната резерва (непредвидливи расходи).

На сметката 413 - тековни резерви (разновидни расходи), се евидентираат расходите за: тековните резерви (разновидни расходи) ".

Член 3

Членот 32 се менува и гласи:

"На сметките од групата 42 - Стоки и услуги, се евидентираат расходите за: патните и дневните расходи; комуналните услуги, греењето, комуникациите и транспорт; ситниот инвентар, алат и други материјали за поправка; поправки и тековно одржување; договорни услуги; и други тековни расходи.

На сметката 420 - Патни и дневни расходи се евидентираат расходите за: хранарината (дневници), патните расходи, сместувањето и споредните расходи во земјата и странство.

На сметката 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, се евидентираат расходите за: електрична енергија; вода и канализација; ѓубретарина; градска рента; медицински отпад; други комунални такси и услуги; централно греење; дрва; јаглен; течни горива; и други материјали за греење; пошта, телефон, телекс и други расходи за комуникации; горива и масла; регистрација на моторни возила; транспорт на стоки; и транспорт на луѓе.

На сметката 423 - Ситниот инвентар, алат и други материјали за поправка, се евидентираат расходите за: канцелариски материјали; списанија, весници и други изданија; други административни материјали; материјали за АОП; униформи; обувки; постелнина; прехранбени продукти; пијалоци; други прехранбени продукти; лекови; вакцини; стоматолошки материјали; ортопедски направи и помагала; санитетски материјал; други медицински материјали; наставно-образовни помагала; училишни материјали; средства за одржување на хигиената; ситен инвентар, алат и други материјали; други материјали за специјална намена; и други материјали.

На сметката 424 - Поправки и тековно одржување, се евидентираат расходите за: поправка и сервисирање на леки коли; поправка и сервисирање на товарни возила; поправка и сервисирање на авиони и хелихоптери; поправка и сервисирање на пловни објекти; поправка на други возила; одржување на згради; услуги за обезбедување на објекти; дезинфекција, дезинсекција и дератизација; одржување на мостови; одржување на автопати, улици и патишта; одржување на аеродроми; одржување на други градби; поправка и одржување на мебел; поправка и одржување на софтверска и хартверска опрема; поправка и одржување на опрема; поправка и одржување на машини; одржување на зелени површини; и одржување на други зелени површини.

На сметката 425 - Тековно одржување, се искажуваат расходите за: изнајмување на канцелариски простор; изнајмување на магацински простор; изнајмување на друг тип на простор; изнајмување на канцелариска опрема; изнајмување на моторни возила; друга опрема

и опрема за специјални намени; провизија за платен промет; банкарска провизија; осигурување на вработени; осигурување за повреда и инвалидитет; осигурување на недвижности и права; осигурување на моторни возила; осигурување на воздухоплови; други финансиски услуги; правни услуги; судски вештачења; судски преведувачи; судска експертиза; судски курирски услуги; плаќања за здравствени организации од Министерството за здравство; примарна здравствена заштита; специјалистичко-консултативна заштита; болнички услуги; здравствени услуги во странство; ортопедски услуги; други здравствени услуги; ветеринарни услуги; заштита од штетници во земјоделството; уништување на штетни животни; земјоделски производни услуги; услуги за заштита на водите, реките и езерата; метеоролошки и хидрометеоролошки набљудувања; испитување на квалитетот на водите и воздухот; изработка на просторни и урбанистички планови; обука за техничка култура; услуги за развој на наставниот план и програма; инструктори на кратки курсеви; дополнителни активности; услуги за вонучилишни образовни активности; превозни услуги во образованието; други образовни услуги; преведувачи; услуги за копирање, печатење и издавање; научно истражување; рушење на објекти; плаќање за користење на приватен имот во одбраната; пренос на програмите на МРТВ преку сателит; и други договорни услуги.

На сметката 426 - Други тековни услуги, се евидентираат расходите за: членарини во меѓународни организации; членарини во домашни организации; расходи за репрезентација; и други оперативни расходи".

Член 4

По членот 32 се додава нов член 32-а кој гласи:

"Член 32-а

На сметките од групата 43 - Тековни трансфери до вонбуџетските фондови, се евидентираат расходите за: трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување; трансферите до Агенцијата за вработување; и трансферите до фондот за здравство.

На сметката 431 - Трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се евидентираат расходите за: трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон; и другите трансферите до фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

На сметката 432 - Трансферите до Агенцијата за вработување, се евидентираат расходите за: трансферите за невработени евидентирани во Агенцијата за вработување; и други трансфери до Агенцијата за вработување.

На сметката 433 - Трансферите до фондот за здравство, се евидентираат расходите за: придонес за здравство за невработени; придонес за здравство за пензионери; и други трансфери до фондот за здравство".

Член 5

Членот 33 се менува и гласи:

"На сметките од групата 44 - Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа, се евидентираат расходите за: дотациите од ДДВ; наменските дотации; блок дотациите; и дотациите за делегирани пооделни надлежности.

На сметката 441 - Дотациите од данок на додадена вредност, се евидентираат расходите за: дотациите од данокот на додадена вредност.

На сметката 442 - Наменските дотации, се евидентираат расходите за: издавачка дејност; библиотечна дејност; филмска дејност; сценско-уметничка дејност; заштита на недвижно културно наследство; ликовно творештво и галериска дејност; културно уметнички манифестации; музејска и кинотечна дејност; други трансфери од областа на културата; тековно одржување во дејноста основно образование; тековно одржување во дејноста средно образование; поддршка на ученички домови; превоз на ученици од основното образование; поддршка на градинки; и поддршка на старски домови.

На сметката 443 - Блок дотации, се евидентираат расходите за: блок дотациите по одделни намени.

На сметката 444 - Дотации за делегирани пооделни надлежности, се евидентираат расходите за: дотациите за делегирани пооделни надлежности".

Член 6

Членот 34 се менува и гласи:

"На сметките од групата 45 - Каматни плаќања, се евидентираат расходите за: каматните плаќања кон нерезидентни кредитори; камати плаќања кон домашни кредити; и камати плаќања кон други нивоа на власт.

На сметката 451 - Каматните плаќања кон нерезидентни кредитори, се евидентираат расходите за: каматните плаќања кон Меѓународен Монетарен Фонд; каматните плаќања кон Светска банка; каматни плаќања кон Европска Унија; каматни плаќања кон други мултилатерални кредитори; каматни плаќања кон Парски клуб на кредитори; каматни плаќања кон Лондонски клуб на кредитори; и каматни плаќања кон други билатерални кредитори.

На сметката 452 - Камати плаќања кон домашни кредити, се евидентираат расходите за: каматата на задоцнет поврат на ДДВ; камати на државни записи; камати по домашни обврзници; и камати по домашни кредити.

На сметката 453 - Камати плаќања кон други нивоа на власт, се евидентираат расходите за: каматите на краткорочните позајмувања од централниот буџет".

Член 7

По членот 34 се додаваат два нови члена 34-а и 34-б кои гласат:

"Член 34-а

На сметките од групата 46 - Субвенции и трансфери, се евидентираат расходите за: субвенциите за јавните претпријатија; субвенциите за приватни претпријатија; трансферите до невладините организации; и разните трансфери.

На сметката 461 - Субвенциите за јавните претпријатија, се евидентираат расходите за: субвенциите на цени; субвенциите за македонски железници; субвенции за јавни комунални претпријатија; субвенции за стечајни претпријатија; субвенциите за јавни гласила; субвенции за други институции; и субвенции за јавни финансиски претпријатија.

На сметката 462 - Субвенциите за приватни претпријатија, се евидентираат расходите за: субвенциите

за приватните нефинансиски претпријатија; и субвенциите за приватните финансиски претпријатија.

На сметката 463 - Трансферите за невладините организации, се евидентираат расходите за: трансферите до здруженија на граѓани и фондации; трансфери до спортски клубови; трансфери до Македонскиот олимписки комитет; трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани деца; трансфери до месните заедници; трансфери до хуманитарни организации; трансфери до политички партии; и останати трансфери до невладини организации.

На сметката 464 - Разни трансфери, се евидентираат расходите за: стипендиите за студенти; стипендии за поддршка на млади таленти; стипендии за постдипломски студии; плаќања за сместување на ученици од средно образование; плаќања за сместување на ученици од основно образование; плаќање за студентски домови; плаќање за исхрана на деца со посебни потреби; државни награди; државни одликувања; плаќање по судски решенија; надомест на граѓани во извршување на правата и должностите во одбраната; плаќања кон неоправдано осудени лица; и други трансфери.

Член 34-б

На сметките од групата 47 - Социјални бенефиции, се евидентираат расходите за: социјалните надоместоци; плаќање на бенефиции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување; плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување; и плаќања на надоместоци од Фондот за здравство.

На сметката 471 - Социјални бенефиции, се евидентираат расходите за: социјалната парична помош; постојана парична помош; паричен надоместок за помош и нега; здравствена заштита на корисници на социјална помош; надоместок за скратено работно време; еднократна парична помош; детски додаток; посебен детски додаток; помош на новороденчиња; помош на деца без родители и родителска грижа; плаќања за образование, згрижување, одмор и рекреација; помош на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој; дневно и привремено згрижување; социјална помош за стари лица; помош за азиланти; помош за бегалци од други земји; помош на внатрешно раселени лица; надоместок за семејства чиј хранител е на отслужување во АРМ; помош за воени инвалиди и лица кои биле политички затвореници; помош на цивилни инвалиди од војна; помош за здравствена заштита на растенијата; помош за здравствената заштита на животните; исплата за осудени лица; и друга социјална помош.

На сметката 472 - Плаќање на бенефиции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се евидентираат расходите за: плаќањата до пензионери од ПИОМ; плаќања до инвалидите од ПИОМ; плаќање по основа на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; придонеси за здравствено осигурување на пензионери; и други исплати од ПИОМ.

На сметката 473 - Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување, се евидентираат расходите за: бенефициите за невработени; надоместоци за претквалификациите; надоместоци за вработување на хендикепирани лица; придонеси за здравствено осигурување;придонеси за пензиско осигурување на невработени; и други плаќања од Агенцијата за вработување.

На сметката 474 - Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување, се евидентираат расходите за: надоместокот за боледување; надоместок за патни расходи; надоместок за породилно отсуство; и други надоместоци за здравство".

Член 8

Членот 35 се менува и гласи:

"На сметките од групата 48 - Капитални расходи, се евидентираат расходите за: резерви за капитални расходи; градежни објекти; други градежни објекти; купување на мебел, опрема, возила и машини; стратешки стоки и други резерви; други нефинансиски средства; финансиски средства; капитални трансфери до вонбуџетски фондови; капитални дотации до ЕЛС; и капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

На сметката 480 - Резерви за капитални расходи, се евидентираат расходите за: капитални резерви.

На сметката 481 - Градежни објекти, се евидентираат расходите за: подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на станбени објекти; набавка или нова изградба на станбени објекти; реконструкција на станбени објекти; подготвување проекти за деловни објекти; набавка или нова изградба на деловни објекти; и реконструкција на деловни објекти.

На сметката 482 - Други градежни објекти, се евидентираат расходите за:подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати; изградба на улици, патишта и автопати; реконструкција на улици, патишта и автопати; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на мостови; изградба на мостови; реконструкција на мостови; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на пречистителни станици и колектори; изградба на пречистителни станици и колектори; реконструкција на пречистителни станици и колектори; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на депонии за отпад; изградба на депонии за отпад; реконструкција на депонии за отпад; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на средства за телекомуникации; купување на средства за телекомуникации; реконструкција на средства за телекомуникации; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на споменици; изградба на споменици; реконструкција на споменици; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување; изградба на капацитети за водоснабдување; реконструкција на капацитети за водоснабдување; подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката; изградба на капацитети во енергетиката; реконструкција на капацитети во енергетиката; расходи за подготвување проекти за минерални суровини; подготвување проекти вклучувајќи дизајн за други објекти; изградба на други објекти; и реконструкција на други објекти.

На сметката 483 - Купување на мебел, опрема, возила и машини, се евидентира: купување на канцелариски мебел; купување на училишен мебел; купување на друг мебел; купување на канцелариска опрема; купување на медицинска опрема; купување на лабораториска и научно-истражувачка опрема; купување на информатичка и видео опрема; купување на кујнска опрема; купување на опрема за греење и климатизација; геодетска опрема; купување

на опрема за воздухоплови; купување на друга опрема; купување на моторни возила; купување на камиони; купување на пловни објекти; купување на воздухоплови; купување на други моторни возила; купување на земјоделски машини; купување на машини за изградба; купување на други машини; книги за библиотеки и учебници; и плаќања на ДДВ за опрема купена од донации.

На сметката 484 - Стратешки стоки и други резерви, се евидентираат: купување на прехранбени производи; купување на индустриски производи; купување на лекови и санитетски материјали; и други стратешки резерви.

На сметката 485 - Други нефинансиски средства, се евидентираат: пошумувањата; купување животни; книжевни и уметнички оригинали; патенти; компјутерски софтвер; музички експонати; уметнички дела; земјиште; надоместок за одземен имот; подземни богатства; основни геолошки истражувања; и други природни богатства.

На сметката 486 - Финансиски средства, се евидентира: депозити; хартии од вредност што не се акции; кредити за општините; студентски кредити во образованието; кредити на јавните претпријатија; кредити за приватни претпријатија; плаќање по гаранции; акции и друг капитал; депозити; должнички хартии од вредност; кредити; акции и друг капитал; и капитал во меѓународни финансиски институции.

На сметката 487 - Капитални трансфери до вонбуџетски фондови, се евидентира: капиталните трансфери до ФПИО; капиталните трансфери до Агенцијата за вработување; капиталните трансфери до Фондот за здравствено осигурување; и капиталните трансфери до Фондот за патишта.

На сметката 488 - Капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, се евидентира: капиталните дотации за неразвиените подрачја; и други капитални дотации.

На сметката 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се евидентира: капитални субвенции за јавни здравствени институции; капитални субвенции за јавни финансиски претпријатија; капитални субвенции за приватни нефинансиски претпријатија; капитални субвенции за приватни финансиски претпријатија; и капитални трансфери за невладини организации".

Член 9

Членовите 36 и 37 се бришат.

Член 10

Членот 38 се менува и гласи:

"На сметките од групата 49 - Отплата на главнина, се евидентираат расходите за: Отплата на главнина до нерезидентни кредитори; отплата на главнина кон домашни институции; и отплата на главнина до други нивоа на власт.

На сметката 491 - Отплата на главнина до нерезидентни кредитори, се евидентираат расходите за: отплата на главнина по долгорочни заеми од ММФ; отплата на главнина по долгорочни заеми од Светската банка; отплата на главнина по долгорочни заеми од Европската унија; отплата на главнина по заеми од други мултилатерални кредитори; отплата на главнина по заеми од Лондонскиот клуб на кредитори; отплата на главнина по заеми од Парискиот клуб на кредитори; и отплата на главнина по заеми од други билатерални кредитори.

На сметката 492 - Отплата на главнина кон домашни институции, се евидентираат расходите за: отплата на главнина на среднорочни обврзници; отплата на главнина на долгорочни обврзници; отплата на главнина на државни записи; отплата на главнина на краткорочни позајмувања од банки; и отплата на главнина на долгорочни позајмувања од банки.

На сметката 493 - Отплата на главнина до други нивоа на власт, се евидентира: отплата на главнината на краткорочни позајмувања од централниот буџет; и отплата на главнината на долгорочни позајмувања од централниот буџет".

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2005година.

Бр. 12-32583/1 Министер за финансии,
28 декември 2004 година м-р **Никола Поповски,** с.р.
Скопје

---

**1813.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 и член 92 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

1. Се усвојува Финансискиот план на Народна банка на Република Македонија за 2005 година кој изнесува:

I. Вкупни приходи 1,299,314,248 денари
II. Вкупни расходи 1,299,233,727 денари
III.Финансиски резултат 80,521 денари

2. Распоредот на планираните расходи по организациони единици го донесува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

3. Составен дел на оваа одлука е Финансискиот план на Народна банка на Република Македонија за 2005 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2005 година.

5. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/X-1/2004 Претседател
29 декември 2004 година на Советот на Народна банка
Скопје на Република Македонија
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**1814.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Се усвојува Планот за инвестиции во основни средства на Народна банка на Република Македонија за 2005 година во износ од 163.911.550,00 денари.

2. Гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесува посебни одлуки за подетално утврдување на општите ставки и пренамени.

3. Составен дел на оваа одлука е Планот за инвестиции во основни средства на Народна банка на Република Македонија за 2005 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.01.2005 година.

5. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/X-2/2004
29 декември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**1815.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 4 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04), а во врска со член 11 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ"бр.19/04), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПЛАН ЗА НАБАВКИ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Се усвојува Планот за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2005 година кој изнесува 303.755.950,00 денари.

2. Составен дел на оваа одлука е Планот за набавки на Народна банка на Република Македонија за 2005 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.01.2005 година.

4. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/X-3/2004
29 декември 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
м-р **Петар Гошев,** с.р.

**1816.**

Врз основа на член 69, став 1 од Законот за Народна банка ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/02, 51/03, 85/03 и 40/04) и точка 3, став 2 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи ("Службен весник на РМ" бр. 19/03 и 89/04), гувернерот на Народна банка на Република Македонија, донесе

**У П А Т С Т В О**
**ЗА ИЗМЕНА НА УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ВО ДЕВИЗИ**

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи бр. 1422 ("Службен весник на РМ" бр. 31/03), точката 6 се брише.

2. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 11.01.2005 година.

3. Ова упатство за измена на Упатството за спроведување на Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

У. бр. 10
22 декември 2004 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

---

Врз основа на член 41 од Статутот на Тутунски комбинат а.д. Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 17.12.2004 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАЛОПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ЦИГАРИТЕ ОД ПРОДАЖНИОТ АСОРТИМАН НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ А.Д. СКОПЈЕ

Член 1

Малопродажната цена на цигарите за пакување од 20 пушачки единици се утврдува како што следи:

| Вид на цигари | Малопродажна цена/денари |
|---|---|
| BOSS Soft | 45,00 |
| BOSS Classic | 50,00 |
| BOSS Lights | 50,00 |
| BOSS Super Lights | 50,00 |
| BOSS Ultra Lights | 50,00 |
| WEST | 60,00 |
| WEST Lights | 60,00 |
| WEST Ultra Lights | 60,00 |
| FILTER 57 | 60,00 |
| RODEO Lights Box | 37,00 |
| RODEO Super Lights Box | 35,00 |
| RODEO Full Flavor Box | 35,00 |
| RODEO Ultra Lights | 35,00 |
| RODEO Lights Soft | 30,00 |
| GAULOISES Blondes | 70,00 |
| GAULOISES Blondes Legeres | 70,00 |
| VARDAR Full Flavour | 24,00 |

Член 2

Оваа одлука ќе се применува од 01.01.2005 година.

Тутунски комбинат а.д. Скопје
Претседател на Управен одбор,
**Коста Кипровски**, с.р.

# НОВОГОДИШЕН ПОПУСТ

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ПО НАМАЛЕНИ ЦЕНИ ВИ ГИ НУДИ ИЗДАНИЈАТА:

| *Р.бр* | *Нови изданија* | *Цена* |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | **900.00** |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | **600.00** |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | **700.00** |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* *( Во подготовка).* | **500.00** |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | **2100.00** |
| 2 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | **900.00** |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | **800.00** |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004* | **200.00** |
| 5 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | **5200.00** |
| 6 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | **1500.00** |

| *Р.бр* | *Изданија* | *Цена* |
|---|---|---|
| 7 | **Кривичен законик** од *Д-р Владо Камбовски (со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)* **- плус Додаток со измените и дополнувањата на КЗ од 2003 и 2004** | **600.00** |
| 8 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2000* | **150.00** |
| 9 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)* на македонски јазик (мек повез) | **300.00** |
| | на англиски јазик (мек повез) | **400.00** |
| 10 | **Закон за спречување на перење пари,** со конвеција, *Д-р Ј. Проевски, 2002* | **200.00** |
| 11 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | **300.00** |
| 12 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвеции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | **250.00** |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на изборното право** (со коментар и објаснување) *Т. Вељаноски, В. Анѓелевски, 2002* | **200.00** |
| 14 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | **250.00** |
| 15 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | **200.00** |
| 16 | **Закон за прекршоците** (со објаснувања, коментари, судска практика, со прилози) *Д-р Ј. Проевски, М. Крцкоски, 1998* | **350.00** |

## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци; _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________

**Место:** __________ **ул.** ____________________ **бр.** ______**, тел/факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________**,** _______**200**__ **година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**